# ПЕРИОДИ ВО СЕМЕЈНИОТ ЖИВОТ

БИБЛИСКА ДОКТРИНА
април, мај, јуни 2019

**ОТКРОВЕНИЕ**
Автори: *Клаудио и Памела Консеīра*
Број 2/2019

*Подготвува:*
Христијанска адвентистичка црква,
Одделение за саботна школа

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколската поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

*Издава:*
**АИК „Знаци на времето“**
Одделение за саботна школа

*Превод и ūехничка обрабоūка:*
**Мелита Томовска**

*Кориīирал:*
**Томе Трајков**

*Одīовара:*
**Томе Трајков**

*За издавачоū:*
**Михајло Гурев**

СОДРЖИНА:

1. Ритми на животот ........................................................ 7

2. Изборите што ги правиме .............................................. 14

3. Подготовка за промена ................................................ 21

4. Кога сме сами................................................................ 28

5. Мудри зборови упатени до семејствата ...................... 35

6. Царска љубовна песна.................................................. 42

7. Решенија за семејно единство .................................... 49

8. Периодот на родителство ............................................ 56

9. Време на загуба.............................................................. 63

10. Во моменти на неволја ................................................ 70

11. Семејства во кои се негува верата............................ 77

12. „Што видоа тие во твојот дом?“ ................................ 84

13. Обратувања на срцата во последното време .............. 91

**Додаток**

Утрински стихови - април .............................................. 98

Утрински стихови - мај ..................................................... 99

Утрински стихови - јуни.................................................. 100

Секојдневно читање на Библијата ................................. 102

Текстови за вечерно Богослужение ............................... 103

Табели за почеток на саботата во Македонија .............. 104

## ВОВЕД
# СЕМЕЈНИ ПЕРИОДИ

Шестиот ден на создавањето се ближел кон крајот. Во текот на првите пет дена светот бил преобразен од хаос во совршена убавина. Темнината ја заменила светлина. Водите се повлекле кога Бог заповедал: „Дотаму, не подалеку, му реков нему, тука нека се крши гордоста на твоите бранови" (За Јов 38,11). Од сувата земја изникнала цела лепеза од бои и мириси. Птици од секој вид летале, додека морските цицачи пливале во својот воден дом. Сите видови копнени животни трчале или се качувале по дрвјата, во зависност од тоа како Создателот ги создал. Потоа, на крајот, создаден е човекот според Божјиот лик, единствено суштество меѓу сите земни созданија.

Додека Бог се подготвувал за првиот седми ден на Земјата, сабота, погледнал кон сето она што го создал и изјавил дека е „многу добро" (1. Мојсеева 1,31).

Е, кога ова би било крај на извештајот – совршен свет кој засекогаш трае, во кој живеат совршени луѓе. Размислете: Адам и Ева имале многу деца, внучиња и правнучиња, чиј раст го гледале во текот на бројни генерации, од кои секоја ѝ носела уште поголема радост на првата брачна двојка како и на Бога. Тоа е слика која ние – кои живееме во паднатиот свет и кои познаваме само таков свет – едвај можеме да си ја замислиме.

Причината за тоа е што нашата фантазија е обликувана во свет кој е крајно поинаков од светот што Бог првобитно го создал. Колку се разликуваат тие два света, светот пред и по падот во грев? Ќе наведеме еден пример, кога Адам и Ева, забележала Елена Вајт, „во овенатото цвеќе и во отпаднатите лисја ги виделе првите знаци на распаѓње, Адам и неговата содружничка тагувале повеќе и поболно отколку што тагуваат луѓето денеска за своите покојници. Смртта на нежното и милно цвеќе била навистина повод тие да почувствуваат болка; но кога величествените стебла ги отфрлиле своите лисја, таа сцена на нивниот ум живо им го предочила суровиот факт дека смртта станала судбина на сè што е живо на овој свет" (*Патријарси и пророци*, стр. 62. оригинал). Ние не реагираме така на паднатиот лист затоа што, живеејќи во свет на грев, смрт и страдања, ги земаме како неизбежни делови на животниот циклус.

Токму за тоа зборува поуката за ова тримесечје: за животните циклуси во овој паднат свет, кои се однесуваат барем на нас денес. Ќе ги раз-

*Семејството е место на кое го започнуваме својот пат, и често тоа е најмоќната сила на добро или зло во обликувањето на нашиот живот и начинот како одговараме на предизвиците со кои се соочуваме додека минуваме низ разните животни периоди.*

гледаме овие циклуси на местото кое се однесува на сите нас, а тоа е внатре во рамките на семејството.

Луѓето се создадени во Едемската градина, во рамките на семејството: прво сопруг и сопруга, потоа децата кои имале уште деца и благодарение на тоа трае историјата на нашиот свет сè до денешен ден. И навистина, многу од најраните библиски извештаи, уште од времето на Адам и Ева, патријарсите, Давидовата лоза, се одвиваат внатре во семејството и семејните односи. Во целата Библија, на овој или на оној начин, семејствата влијаат на обликувањето на настаните. Тоа не нè изненадува затоа што, да повториме, додека минуваме низ животните периоди, ние во извесна мера, исто така тоа го правиме во рамките на семејството.

И покрај сите сили кои дејствуваат против семејството, и денес и во минатото (на пример, полигамијата во библиските времиња не придонесувала за семејната стабилност), и покрај обидите повторно да се дефинира поимот семејство, концептот семејство опстојува. И така треба да биде. Семејството е средината во која го започнуваме својот пат, и често тоа е најмоќната сила на добро или зло во обликувањето на нашиот живот и начинот како одговараме на предизвиците со кои се соочуваме додека минуваме низ разните животни периоди.

И како што секој поединец е поинаков, така е посебно и секое семејство. Оттука, поуката за ова тримесечје укажува на начелата, втемелени на Писмото, кои (тоа е наша надеж и молитва) можат да го зајакнат секое семејство во секој стадиум од животот.

*Клаудио и Памела Консегра работат како секретари на Одделението за семејна служба во Северноамериканската дивизија. Со различни дарови служат во Црквата повеќе од триесет години.*

Поука 1
Од 30 март до 5 април 2019

# РИТМИ НА ЖИВОТОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 1; 1. Мојсеева 8,22; Псалм 90,10; За Јов 1,13-19; Дела 9,1-22; Филипјаните 1,6; Римјаните 8,1.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Сè има свое доба, и секоја работа под небото свое време“ (Проповедник 3,1).**

Едни од најубавите библиски стихови потекнале од царот Соломон: „Сè има свое доба, и секоја работа под небото свое време. Време за раѓање и време за умирање; време за садење и време за корнење на посаденото. Време за убивање и време за лечење; време за разурнување и време за градење. Време за плачење и време за смеење; Време за тажење и време за играње. Време за фрлање камења и време за собирање на камења; време за прегрнување и време кога се остава прегрнувањето. Време за барање и време за губење; време за пазење и време за отфрлање. Време за кинење и време за шиење; време за молчење и време за зборување. Време за љубење и време за мразење; време за војна и време за мир“ (Проповедник 3,1-8).

Овие зборови во голема мера се однесуваат на човековото постоење – различни периоди и ритми на животот. Да, нашиот живот минува низ етапи, низ промени, и тоа се случува од моментот на нашето раѓање. Понекогаш промените се добри, понекогаш не; некогаш можеме да управуваме со нив; понекогаш не. Оваа седмица ќе се осврнеме на периодите и ритмите на нашиот живот, посебно на тоа како влијаат на нас и на нашето семејство.

## ВО ПОЧЕТОКОТ

Библијата почнува со извештај за почетокот, што несомнено е причина зошто започнува со зборовите (всушност со еден збор во еврејскиот јазик): „Во почетокот...“ (1. Мојсеева 1,1). Секако, главата посебно се сосредоточува на преобразувањето на Земјата од состојбата во која била, „неоформена и пуста“ (1. Мојсеева 1,2), во свет за кој Бог, во шестиот ден, лично изјавил дека е „многу добро“ (1. Мојсеева 1,31). Накратко, почетокот, за кој станува збор овде, е почеток на нашиот свет.

**Прочитајте ја првата глава од 1. Мојсеева. Иако во овој текст се споменуваат многу настани, поставете си го себеси прашањето: Дали има знаци на случајност или случаи, или сè е направено на одреден начин, во одредено време и на одредено место. Што кажува вашиот одговор за Божјиот карактер?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Елена Вајт запишала дека „редот е првиот небесен закон“ (*Signs of the Times,* 8. јуни 1908); очигледно, така е и на Земјата. Иако гревот го нарушил природниот свет, редот, ритамот и точноста и понатаму постојат во извесна мера.

**Прочитајте го следниот текст: 1. Мојсеева 8,22. Како е сфатен редот во овој стих?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Дури и по падот, периодите доаѓаат и минуваат по одреден ред – воопшено зборувајќи. Покрај светлата на небото, т.е сонцето и месечината, кои „го делат денот од ноќта, нека бидат за знаци, и за времињата, и за деновите и годините“ (1. Мојсеева 1,14), исто така, постојат и годишни доба, и сите се дел од природниот ритам на светот што Бог го создал. Иако сега добиваме само површен увид во тоа, стихот од Исаија 66,23 ни укажува дека на новото Небо и на новата Земја исто така ќе постои одреден ритам.

**Размислете за тоа како саботата силно и редовно влијае на вашиот живот, посебно на вашиот семеен живот. Кои се впечатливите предности не само на саботата, туку и на фактот дека доаѓа со таква точност.**

# РИТМИ НА ЖИВОТОТ

Научниците зборуваат за таканаречените дневни ритми, за идејата дека постојат биолошки ритми (понекогаш се нарекуваат „телесен часовник“), кои ги регулираат функциите во нашето тело. Со други зборови, одреден степен на точност и ред постои дури и во нашето тело. Според тоа, ритмите во извесна мера постојат насекаде околу нас, па дури и во нас.

**Кои предвидливи животни периоди се спомнуваат во следните библиски стихови, и каква е нивната непосредна поврзаност со семејниот живот?**

**Проповедник 3,2.** ________________________________

**1. Мојсеева 21,8; Судии 13,24.** ________________________

**Псалм 71,5; Мудри изреки 5,18.** _______________________

**1. Мојсеева 15,15; Судии 8,32.** ________________________

**Псалм 90,10.**____________________________________

Помеѓу почетокот и крајот на животот, раѓањето и смртта, сите минуваме низ различни периоди, поинакви за секој поединец. Некои деца не живеат долго по раѓањето; други ќе пораснат во возрасни луѓе, кои ќе доживеат и длабока старост. Децата растат и се развиваат со сопствена брзина. Некои проодуваат и почнуваат да зборуваат побрзо од останатите деца. Некои одат на училиште и растат како стручњаци во одредени области, додека други своето време го посветуваат на други облици на работа. Некои имаат семејство, додека други никогаш нема да стапат во брак и да имаат деца.

Милијарди луѓе живеат на Земјата, и иако имаме многу заеднички нешта (види: Дела 17,26), секој од нас е поединец за себе, па според тоа, разликите ќе постојат во животот на секој од нас. Во одредена смисла, овие разлики се важни, бидејќи прават да бидеме единствени, што значи дека секој од нас има нешто што другите го немаат. Накратко речено, разликите ни овозможуваат да служиме на благослов на другите. На пример, и младите и старите можат да имаат полза од она што секој од нив го нуди: „Убавината на младите е нивната сила, а седата коса е украс на старците“ (Мудри изреки 20,29). Во кој период и да сме, без оглед на меѓусебните разлики, сите имаме нешто да понудиме, не само на Господа, туку и едни на други.

**Какви и да се вашите моментални животни прилики, што можете да сторите за да станете благослов на другите? Зошто не направите свесен напор да бидете тој благослов, посебно за некој во вашето семејство?**

## НЕОЧЕКУВАНИ НАСТАНИ

**Прочитајте ги следните стихови: За Јов 1,13-19; 2,7-9. Што му се случило на Јов? На кои начини неговото искуство го одразува она што на овој или на оној начин на сите понекогаш им се случува?**

---

Грчкиот филозоф Хераклит изјавил дека „нема ништо трајно освен промените“. Токму кога се чини дека сѐ е во ред, се случуваат неочекувани работи. Тоа може да биде губење на работното место или на екстремитетите, болест, која ќе нѐ врзе за креветот или ќе нѐ одведе во рана смрт, пожар во домот, сообраќајна несреќа, паѓање додека го шетате домашното миленичe.

Секако, сите промени не мора да бидат негативни. Може унапредување на работното место да доведе до подобри финансиски прилики. Можеби ќе ја сретнете личноста која ќе стане ваш брачен другар, промена која многумина со задоволство би ја дочекале.

Во секој случај, животот може да тече по својот тек, можеме да се држиме до својата рутина, но одеднаш и неочекувано, сѐ може да биде прекинато.

Јов, сигурно не очекувал нов период во својот живот. Библијата го опишува како човек кој бил „непорочен и праведен човек: се боеше од Бога и се отстрануваше од злото“ (За Јов 1,1). Знаеме дека бил женет, дека имал седум синови и три ќерки, и дека бил многу богат (За Јов 1,2.3). Кога ќе дојдеме до средината на Книгата за Јов, тој веќе доживеал најмалку шест големи загуби: го изгубил имотот, работната сила, децата, здравјето, поддршката од жената и поддршката од пријателите. Неговиот свет се превртел наопаку, а неговиот семеен живот бил уништен.

Иако ова што му се случило на Јов било премногу трагично, кој меѓу нас не доживеал нешто неочекувано, исто така во негативна смисла? Животот може прекрасно да тече, но одеднаш, без предупредување сѐ може потполно да се промени и нашиот живот – и нашиот семеен живот – можеби никогаш повеќе нема да биде ист.

Тоа не е ништо ново. Авел сигурно не очекувал да биде убиен, а ни Јосиф не очекувал дека ќе биде продаден како роб и ќе се најде во Египет. Во двата извештаи, членовите на семејството биле замешани во предавството и во двата извештаи семејствата во голема мера биле под влијание на она што им се случило на останатите членови. Писмото изобилува со примери на луѓе чиишто животи во семејствата биле многу променети од неочекувани настани.

**Како верата ви помогнала среде неволјите коишто неочекувано го прекинале ритмот на вашиот живот?**

## ПРОМЕНИ

Факт е дека човечките суштества често пати се суштества обележани со навиките. Кога ќе се утврдиме во своите навики, колку сме постари толку ни е потешко да ги промениме.

Навистина не се менуваме толку лесно. Колку сопруги со години се жалеле: „Се обидував да го променам својот сопруг, но...“? Меѓутоа, Бог настојува да нè промени, ако не толку нашата личност, тогаш нашиот карактер, сигурно. Тоа е она на што се однесува планот на спасението: Бог од нас создава нови луѓе во Него.

**Кои големи промени ги доживеал Савле од Тарс, и како тие се случиле? Дела 8,1.3; Дела 9,1-22; Галатјаните 1,15-17.**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

„Кога целосно ѝ се предал на убедливата сила на Светиот Дух, Савле ја сфатил својата заблуда и далекусежните барања на Божјиот закон. Тој, кој бил горд фарисеј, уверен дека прави добри дела, сега се клања пред Бога со понизност и со едноставност на малечко дете, признавајќи ја својата недостојност и потпирајќи се во молитва на заслугите на распнатиот и воскреснат Спасител. Савле копнеел за целосна хармонија и заедница со Отецот и Синот, и сакајќи од сè срце да му биде простено и да биде примен, сесрдно се молел пред престолот на милоста. Тие молитви на покајаниот фарисеј не биле напразни. Со силата на Божјата милост се преобразиле најскриените мисли и најдлабоките чувства на неговото срце, а неговите благородни особини дошле во хармонија со вечните Божји цели. Христос и неговата правда за Савле станале нешто што вреди многу повеќе од цел свет“ (Елена Вајт, *Делата на апостолите,* стр. 119.120. оригинал).

Иако нашето искуство на обратување не е ни приближно толку драматично како тоа на Савле, сите сме стекнале искуство како Бог дејствувал во нашиот живот настојувајќи да нè промени, да нè направи личност каква што знаеме дека треба да бидеме. Да, тој процес може да биде долг, и понекогаш е лесно да се запрашаме дали некогаш ќе се промениме. Во таквите моменти, многу е важно да размислуваме за два библиски текста и да бараме да се остварат во нашиот живот.

**Прочитајте ги следните стихови: Филипјаните 1,6; Римјаните 8,1. Кои две големи ветувања ги наоѓаме во овие текстови, и како тие се вклопуваат во искуството на христијанинот?**

## МЕЃУСЕБНОТО ВЛИЈАНИЕ

Библијата е книга на меѓусебни односи. Бог нѐ создал да оствариме однос со другите. Мал број од нас живеат во потполна отуѓеност. Како прво, никој од нас не би можел да дојде на свет ако немало други луѓе. Дури и по раѓањето, потребно е некој да се грижи за нас, барем до одредена доба, кога барем во принцип ќе можеме сами да живееме. Дури и ако можеме, кој би го посакал тоа? На повеќето од нас им е потребно друштво и пријателство со други луѓе, и ние копнееме за тоа. Иако домашните миленичиња, како што се кучињата, можат да бидат прекрасни придружници, на крајот нашите најдлабоки и најзначајни односи, кои го менуваат животот, се задоволени од страна на други луѓе. Тоа не е воопшто чудно, затоа што семејството и семејните односи се толку важни за нашиот живот.

Бидејќи повеќето од нас, сето време стапуваат во меѓусебни односи со другите, овие односи можат да влијаат на промената на ритмот на нашиот живот, а често тоа и го прават. Тоа се одвива на два начини: другите, во контакт со нас, влијаат на нашиот живот. Ние, во меѓувреме, во допир со другите можеме да влијаеме на нивниот. И без разлика дали тоа можеме да го увидиме или не (а често не го увидуваме), овие меѓусебни влијанија, во кој било кој правец, можат да донесат добро или зло. Тогаш, колку е важно за нас да бидеме цело време активни, за нашето неизбежно влијание на другите, посебно на оние со кои сме најблиски, обично со членовите на нашето семејство, секогаш да биде влијание на добро.

**Прочитајте ги следните текстови: Римјаните 15,7; Ефешаните 4,2.32; 1. Солуњаните 3,12; Јаков 5,16. Што ни кажуваат тие во врска со она што треба да го правиме во нашиот меѓусебен однос со другите?**

___

На многу начини, принципот е едноставен. Ако сме љубезни, добри и сочувствителни кон другите, ќе вршиме позитивно влијание на нив, дури и до таа мера што ќе го промениме нивниот живот во позитивна смисла. Како што Исус го менува животот на луѓето на многу позитивен начин, и ние ја имаме таа предност нешто слично да правиме за другите. Да нагласиме уште еднаш, не смееме да заборавиме: нашето влијание ќе биде или на добро или на лошо, дури и во благ облик. И никаде тоа влијание, било поблаго или не, не е така изразено како во семејството.

**Прочитајте ги двете Исусови изјави во Лука 11,34; Марко 4,24.25. Што ни кажуваат за тоа колку е важно какво влијание вршиме на другите?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Замислете ги промените кои се случиле во животот на Христовите ученици откако поминале извесно време со Него. Тие главно биле необразовани, едноставни луѓе, навикнати на учењата и обичаите на еврејската вера, но сега галилејскиот Учител ставил предизвик пред нив. Доживеале љубомора (Матеј 20,20-24) и конфликт (Јован 3,25); им се чинело дека им недостасува вера (Марко 9,28.29), дури и го напуштиле (Матеј 26,56) и го издале Исуса (Матеј, 69-74). Во исто време, духовно растеле, така што луѓето препознале дека Петар бил со Исуса (Матеј 26,73), а дури и членовите на Синедрионот се восхитувале кога сфатиле дека Петар и Јован, иако „некнижевни и прости“, „ги препознаа дека беа со Исуса“ (Дела 4,13).

Исто така, размислувајте за неверојатното и позитивно влијание кое можеме да го вршиме во своето семејство доколку живееме на таков начин што останатите членови на семејството ќе знаат дека „сме биле со Исуса“ кога не гледаат.

Што ни кажуваат следните зборови на Елена Вајт за влијанието во домот? „Домот може да биде место на кое можат да се слушнат радосни зборови и да се творат дела на љубов, каде учтивоста и љубовта се постојани гости“ (Елена Вајт, *Темели на среќниот дом,* стр. 18 оригинал).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Прочитајте: Проповедник 3,1-8. За што зборуваат овие стихови, и како тој принцип можете да го примените во својот живот и во личното искуство?**

**2. Разговарајте во класата за некои доживеани искуства кои го менуваат животот, и дискутирајте за поуките што сте ги научиле и, ако е можно, за поуките кои требало да ги научите, но не сте ги научиле. Кои поуки ги научивте, а до тогаш не сте ги знаеле? Исто така, разговарајте за тоа како овие искуства, кои го менуваат животот, влијаеле на вашето семејство. Исто така, какви поуки сте научиле во тие прилики?**

**3. Што би било поинакво во вашиот живот денес, ако не го познававте Христа? Што би требало тоа да ви каже за Христовата сила која нѐ менува?**

**Поука 2**
**6 – 12 април 2019**

# ИЗБОРИТЕ ШТО ГИ ПРАВИМЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Ефешаните 1,1-4; Матеј 22,35-37; Матеј 7,24.25; Мудри изреки 18,24; 1. Коринќаните 15,33; Проповедник 2,1-11.**
**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Ако вам не ви е угодно да Му служите на Господа, тогаш денес изберете кому ќе му служите: можеби на боговите на кои им служеа вашите татковци од онаа страна на Реката, или на боговите на Аморејците во чија земја сега престојувате. Јас и мојот дом ќе Му служиме на Господа“ (Исус Навин 24,15).**

Сте забележале ли дека животот е полн со избори? Всушност, би можеле да кажеме дека на многу начини она што го правиме во текот на целиот ден, од моментот кога ќе станеме, па сè додека навечер не легнеме, е правење на избор. Правиме толку многу избори што често и не размислуваме за нив. Едноставно ги правиме.

Некои избори се едноставни и стануваат вообичаени, додека други го менуваат животот и имаат вечни последици, не само за нас, туку и за нашето семејство.

Според тоа, многу е важно добро да размислиме за своите избори, особено големите, оние кои можат да влијаат на нас и на нашето семејство до крајот не само на нашиот живот, туку и на животот на членовите на нашето семејство.

Колку многу меѓу нас до овој момент жалат поради изборот што го направиле. Колку многу луѓе, до денес живеат во урнатини поради погрешните избори што одамна ги направиле? За среќа, постои проштавање. Постои откупување и исцелување, дури и кога се во прашање најлошите одлуки.

Оваа седмица поопширно ќе се занимаваме со прашањето околу изборите што ги правиме, како би требало да ги правиме и какво влијание можат да вршат на нас и на нашето семејство.

## СЛОБОДНА ВОЛЈА, СЛОБОДЕН ИЗБОР

Некои христијани веруваат дека Бог, и пред некоја личност да се роди, одредува дали таа личност ќе биде спасена. Односно, оние кои на крајот засекогаш ќе бидат изгубени, изгубени се бидејќи Бог во својата мудрост (тврди ова учење) решил тие личности да бидат изгубени. Тоа значи дека, без оглед на нивните донесени одлуки, тие личности ќе бидат осудени.

За среќа, како христијани адвентисти, ние не се сложуваме со ова учење. Наместо тоа, веруваме дека Бог избрал сите да бидеме спасени, и дека уште пред создавањето на светот сме биле избрани да имаме вечен живот во Него.

**Прочитајте ги следните текстови: Ефешаните 1,1-4; Тит 1,1.2.; 2. Тимотеј 1,8.9. Што ни кажуваат овие текстови за тоа дека Бог нè избрал нас и за тоа кога сме избрани?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Колку и да е добра оваа вест, некои луѓе сепак ќе бидат изгубени (Матеј 25,41). Причината за тоа е што, иако Бог сите нас нè избрал, Тој на луѓето им го дал најсветиот дар – слободна волја, слободен избор.

**Што учиме од стиховите во Матеј 22,35-37 за слободната волја?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Господ не нè присилува да Го сакаме. Љубовта, за да биде љубов, мора да биде доброволно дадена. Би можеле да кажеме дека Библијата претставува извештај за Бога, кој сака да допре до изгубените човечки суштества и кој настојува без присила да го освои нивното срце. Ова најдобро можеме да го видиме во Исусовиот живот и Неговата служба, и во тоа каков одговор луѓето му дале Нему користејќи ја слободната волја. Некои биле привлечени кон Него: други сакале да умрат.

Да, Бог нè избрал за спасение, но на крајот, мораме да донесеме одлука да го прифатиме тоа спасение. Нема сомнение дека од сите избори кои мораме да ги направиме, изборот да му служиме на Господа е најповажен за нас како и за оние кои влијаат на нашиот живот и на одлуките што ги донесуваме (како што е најтесното семејство).

## ДОБРИ ИЗБОРИ

Сите ние многу добро знаеме колку се важни изборите што ги правиме. И сите знаеме, исто така, како погрешните избори можат негативно да влијаат на нашиот живот и на животот на другите. Се поставува прашањето: *Како да знаеме да направиме добри избори?*

**Следните стихови нè упатуваат на некои општи чекори, кои можат да ни помогнат во стремежот да правиме добри избори?**

**1. 1. Солуњаните 5,17; Јаков 1,5.** ______________________________

______________________________

**2. Исаија 1,19; Матеј 7,24.25.** ______________________________

______________________________

**3. Псалм 119,105; 2. Тимотеј 3,16.** ______________________________

______________________________

**4. Мудри изреки 3,5.6; Исаија 58,11.**______________________________

______________________________

**5. Мудри изреки 15,22; Мудри изреки 24,6.**______________________________

______________________________

Колку е важно при донесувањето на секоја важна одлука да му пристапиме на Господа во молитва, да бидеме сигурни дека нашиот избор нема да нè наведе на кој било начин да го прекршиме Божјиот закон или начелата на Неговата реч. Колку е важно да се потпреме на Бога, да го препуштиме својот избор Нему; односно, мораме да се молиме изборите што ги правиме да го прослават Бога и да бидеме подготвени да ги предадеме сите свои желби доколку се спротивставаат на Неговиот план за нашиот живот. Често пати мудрите советници можат да бидат од голема помош во моментите кога правиме одредени избори. На крајот на краиштата, можеме да имаме голема сигурност знаејќи дека Бог нè сака и ни го посакува најдоброто, и дека можеме да одиме напред со вера, кога станува збор за изборите што ги правиме, доколку со вера и понизност му го предадеме својот живот Нему.

**Како ги донесувате големите одлуки во својот живот? Кои духовни чекори ги преземате во настојувањето да ги донесете тие одлуки?**

## БИРАЊЕ НА ПРИЈАТЕЛИТЕ

Еден од најважните избори во нашиот живот е изборот на пријатели. Главно не правиме планови како да склопуваме пријателства; често пријателствата едноставно природно се развиваат кога поминуваме време со луѓето кои уживаат во исти работи како и ние.

**Кои начела во врска со бирањето на пријатели ги наоѓаме во следните стихови? Мудри изреки 12,26; 17,17; 18,24; 22,24.25.**

____________________________________________________________

Во Мудри изреки 18,24 се кажува дека, доколку сакаме да имаме пријатели, мораме да постапуваме пријателски. Понекогаш луѓето станувaат осамени, но нивниот нерасположен, негативен став е токму она што другите ги оддалечува од нив. „Дури и најдобрите меѓу нас имаат непривлечни особини; при изборот на пријатели треба да ги бираме оние кои нема да се оддалечат од нас кога ќе сфатат дека не сме совршени. Неопходно е меѓусебно трпение. Треба да се сакаме и да се почитуваме еден со друг, и покрај маните и несовршеностите, кои не можеме а да не ги забележиме; зашто тоа е Христовиот Дух. Треба да се негува понизност и недоверба во себе, како и трпение и внимателност кон маните на другите. Тоа ќе ја искорени сета тесноградa себичност и ќе нè направи дарежливи и со широко срце“ (Елена Вајт, *Pastoral Ministry*, стр. 95).

Еден од најпознатите извештаи за пријателството е извештајот за Давид и Јонатан. Ако Саул, првиот израелски цар и татко на Јонатан, бил верен и послушен, неговото царство можело да трае неколку генерации и Јонатан би бил наследник на престолот. Кога Саул се покажал недостоен за својот позив, Бог го избрал Давида за нов цар на Израел, исклучувајќи го Јонатан од она што по право му припаѓало. Овој настан претставува силен пример како погрешен избор на еден член од семејството (Саул) влијаел на друг член (Јонатан).

Но, Јонатан не бил лут ниту љубоморен на Давида. Наместо тоа, избрал да му помогне на Давида, штитејќи го од лутината на својот татко, Саул. „Јонатановата душа се наклони кон Давидовата душа, и Јонатан го возљуби како самиот себеси“ (1. Самоилова 18,1). Навистина силен пример на едно искрено пријателство!

**„Не измамувајте се; ’лошите друштва ги расипуваат добрите навики!’“ (1. Коринќаните 15,33) Какво искуство сте стекнале со пријателите, дури и со оние кои немале намера да ви направат нешто лошо, но на крајот сепак ве повредиле? Како погрешните избори во пријателството ги повредуваат семејните односи?**

## БИРАЊЕ НА БРАЧЕН ДРУГАР

Ако внимателно треба да ги бирате пријателите, тогаш морате да бидете уште повнимателни кога станува збор за изборот на брачен сопатник. Адам бил многу благословен, бидејќи Бог го создал неговиот животен сопатник со сопствени раце од деловите на неговото тело. Изборот на Адам бил лесен, бидејќи Ева не била само единствена жена, туку била и совршена. Останатите имаат малку потешка задача, со оглед на тоа дека никој од нас не е совршен и со оглед на фактот дека избираме меѓу повеќе личности.

Бидејќи оваа одлука е толку важна, Бог не нè оставил без водство во оваа област на животот. Покрај сите важни чекори за кои проучувавме во отсекот од понеделник, постојат уште некои посебни чекори кои треба да ги следиме кога е во прашање бракот. Навистина, покрај одлуката да му служиме на Господа, прашањето за брачен другар речиси секогаш ќе биде најважниот избор што човек го прави во својот живот.

**Кои општи насоки ги пронаоѓаме во следните текстови, а кои може и треба да ги примени на себе оној што е во потрага по вистински брачен другар? Псалм 37,27; 119,97; 1. Коринќаните 15,33; Јаков 1,23-25.**

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

Покрај тоа што ја барате вистинската личност за да се венчате со неа, прво вие бидете вистинската личност. „И така, сè што сакате да ви прават луѓето, правете им и вие така; зашто тоа е Законот и пророците“ (Матеј 7,12). Некој може да пронајде сопружник кој ги поседува сите особини кои би можеле да ги посакаме, но ако некој сака да пронајде добри особини во друга личност, а самиот не ги поседува, ќе настанат проблеми.

Тоа не е ништо ново, и не се забележува само во бракот, туку и во животот воопшто. Павле, во уводот на посланието до Римјаните посветува многу време обраќајќи им се на оние кои ги осудуваат другите што го прават она за што и самите се виновни. Или, како што рекол Исус: „Зошто ја гледаш раската во окото на твојот брат, а не ја забележуваш гредата во твоето око?“ (Матеј 7,3)

**Колку често се наоѓате себеси дека сакате другите да ги имаат особини кои ни самите вие, всушност, не ги поседувате? Размислете за ова.**

## БИРАЊЕ НА ПАТОТ

Во одреден момент мораме да донесеме одлука за тоа што сакаме да оствариме во својот живот, кога станува збор за работно место или кариера. Доколку не сме независни благодарение на богатството што го имаме или не работиме полно работно време дома грижејќи се за домот и семејството (најблагородното од сите занимања), мораме да избереме начин како да заработуваме за живот.

Секако, сите живееме во одредени околности кои можат, до извесна мера, да го ограничат нашиот избор во врска со кариерата. Меѓутоа, какви и да се околностите во кои живееме, можеме да донесеме одлука во врска со занимањето кое, особено во рамките на сознанието дека имаме спасение во Исуса Христа, може на нашиот живот да му даде дополнително значење и цел. Накратко речено, што и да правиме, треба да го правиме на слава на Бога.

**Каква грешка направил Соломон, и на што треба да внимаваме за да не направиме нешто слично? Проповедник 2,1-11.**

____________________________________________________________

Не мораме да бидеме богати за да бидеме фатени во истата стапица како Соломон. „Зашто среброљубието е корен на секакви зла; некои му се предадоа, се отстранија од верата и се прободија себеси со многу болки“ (1. Тимотеј 6,10). И сиромавиот може да ги сака парите исто колку што ги сака и богатиот човек.

Да, треба да заработуваме за живот, но без оглед на тоа што правиме или колку создаваме, не треба да правиме идол од стекнувањето на богатство. Многу семејства страдале поради татковци кои, обземени од заработувањето на пари, го занемариле семејството во настојувањето да се збогатат. Колку деца, или жени би се одлучиле за поскромен начин на живот отколку за слаб однос со таткото? Во повеќето случаи, луѓето попрво би се определиле за првиот пример.

Бог уште од создавањето планирал работата да биде дел од животот (1. Мојсеева 2,15). Опасноста се јавува кога работата ќе стане центар на животот или кога исклучиво ќе стане средство за стекнување богатство лично за себе. Таква грешка направил Соломон. Ја барал смислата во таквите работи, иако многу од нив му донеле одреден степен на задоволство, на крај сфатил дека биле безначајни.

**Некој во една прилика прашал: „Колку луѓе на крајот од својот живот посакале повеќе време да поминеле во канцеларија а помалку со своето семејство?“ Која важна порака ја наоѓаме во оваа изјава?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во целото Свето Писмо се соочуваме со стварноста на човековата слободна волја. Дури и Адам и Ева пред падот (1. Мојсеева 3) имале слободна волја, но за жал направиле погрешен избор. Ако безгрешните суштества, во совршенство, можеле да ја злоупотребат слободната волја, колку повеќе суштествата, како нас, тонат во гревот?

Треба да запомниме дека слободната волја е токму тоа, *слободна*, што значи, дека без оглед на притисокот што го чувствуваме и однадвор и однатре, не мораме да го избереме она што е погрешно. Со Божјата сила во нас, можеме да донесеме правилни одлуки со слободната волја што Бог ни ја дал. Според тоа, многу е важно внимателно да ги разгледаме своите одлуки, размислувајќи посебно како тие одлуки можат да влијаат на нашиот семеен живот. Слободниот избор на Каин да го убие братот, сигурно го уништило неговото семејство. Одлуката на Јосифовите браќа, донесена по слободна волја, да го продадат во ропство, го уништила животот на нивниот татко. „Тој ја препозна и рече: 'Облеката е на мојот син! Див ѕвер го растрга! Јосиф е растрган на делови!' И Јаков ја скина својата облека, стави покорничко врeќиште околу половина, и долго време го оплакуваше својот син. Сите негови синови и сите негови ќерки настојуваа да го утешат, но тој не можеше да се утеши. Велеше: 'Со тага ќе слезам при својот син во подземјето. Така го оплакуваше неговиот татко'" (1. Мојсеева 37,33-35).

Во целата Библија, како и во животот, можеме да пронајдеме примери како слободниот избор на членовите на семејството, на добро или на лошо, влијаел на другите, како што е изборот на Кореј, Датан и Авирон (4. Мојсеева 16,1-32; види: Даниел 6,23.24; 1. Мојсеева 18,19).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Какви слободни избори направивте денес? Што ви кажуваат тие за вас и за вашата заедница со Бога и со другите? Од одлуките што ги донесовте, кои би сакале да ги донесевте поинаку?**

**2. Кои библиски личности направиле погрешен избор и што можеме да научиме од нивните грешки? Како нивните погрешни избори негативно влијале на нивното семејство?**

**3. Сите несомнено жалиме поради одредени погрешни одлуки што сме ги донеле. Зошто во таквите моменти Евангелието е Радосна вест? На какви ветувања од Библијата сте се повикувале во моментите на тага и вина поради погрешни избори?**

**4. Кога некој ќе ви пријде да разговара со вас за бракот, каков совет вие би му дале и зошто? На какви начела од Божјата реч можете да му укажете, а кои би им помогнале да ја донесат оваа важна одлука?**

**Поука 3**
**13 – 19 април 2019**

# ПОДГОТОВКА ЗА ПРОМЕНА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Коринќаните 10,1-13; 1. Мојсеева 2,24; 1. Коринќаните 13,4-8; 1. Самоилова 1,27; Псалм 71; 1. Коринќаните 15,24-26.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Правдата ќе врви пред Него, и ќе направи пат за Неговите стапки“ (Псалм 85,13).**

Животот е полн со промени. Приликите се менуваат цело време. Единствено што не се менува е фактот дека промените се одвиваат постојано. Промената, всушност, е дел од самото наше постоење. Дури и законите на физиката учат дека промената постои во основната структура на стварноста.

Промените често пати доаѓаат неочекувано. Животот тече по одреден тек, и кога одеднаш сè ќе се промени, ние сме потполно неподготвени и затекнати од одредени прилики.

Од друга страна, понекогаш можеме да видиме дека промените се ближат. Добиваме предупредувања, знаци, показатели кои нè известуваат дека приликите ќе се променат. Кога тоа ќе се случи, мудро е да се започне со подготовките, до која мера тоа е можно, за она што гледаме дека се наближува. Многу од тие промени се големи: брак, деца, старост, па дури и смрт.

Исто така, ние не живееме во изолација, тоа значи дека промените во голема мера можат да влијаат и на нашето семејство. Истовремено, промените во семејството можат да влијаат на секој член од нашето семејство.

Оваа седмица ќе се осврнеме на некои промени со кои порано или подоцна, на еден или на друг начин, повеќето од нас ќе се соочат и со тоа како овие промени влијаат на семејниот живот.

## НЕПОДГОТВЕНИ

Постои една подробност во врска со Божјата реч: не ја прикрива стварноста на човечкот живот. Напротив, таа ја изложува прикажувајќи ја сета нејзина суровост, и понекогаш, крајна болка и очај. Всушност, со исклучок на неколкуте први и последни страници од Библијата, Божјата реч ја прикажува тажната слика на човечкиот род. Павле не претерувал кога забележал: „зашто сите згрешија и им недостасува Божјата слава“ (Римјаните 3,23).

**Прочитајте го стихот во 1. Коринќаните 10,1-3. Кои опомени и ветувања ги наоѓаме во овие стихови?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Многу наши постапки во животот едноставно се реакција на одредена промена. Ние непрекинато се соочуваме со промени; предизвик за нас, како христијани, е да се избориме со нив со вера, потпирајќи се на Бога и откривајќи ја таа вера на послушност, без оглед на искушението да постапиме поинаку.

„Најголема потреба на светот е потребата од луѓе – луѓе кои не можат ниту да се купат ниту да се продадат, луѓе кои во длабочината на својата душа се праведни и чесни, луѓе кои не се плашат гревот да го наречат со неговото вистинско име, луѓе чија совест е верна на должноста како што магнетната игла му е верна на полот, луѓе кои ќе стојат на страната на праведноста па дури и небото да се урне“ (Елена Вајт, *Воспитување,* стр. 57. оригинал). Овие зборови биле исто толку вистинити за стариот Израил колку што биле во времето на Елена Вајт, и колку што се и за нас денес.

**Какви грешки правеле луѓето во следните текстови, соочени со промени, и што можеме да научиме од нивните грешки?**

**Дела 5,1-10.** ____________________________________________

**1. Мојсеева 16,1.2.5.6.** ___________________________________

**Матеј 20,20-22**.__________________________________________

Промените често донесуваат искушенија, предизвици, понекогаш дури и страв. Според тоа, многу е важно да го подготвиме духовниот оклоп за да можеме со тоа да се избориме на вистински начин. Да повториме, било промените да се неочекувани или да претставуваат вообичаен тек на животот, треба да се подготвиме за она што доаѓа.

# ПОДГОТОВКА ЗА БРАК

Една од најголемите промени со кои некоја личност се соочува е стапувањето во брак.

Секако, сите не стапуваат во брак. Впрочем, Исус, нашиот најголем пример, никогаш не стапил, како ни многу други библиски личности.

Сепак, многу луѓе се венчаваат, и затоа Библијата зборува за бракот, еден од факторите кои во голема мера го менуваат животот.

Првиот општествен договор, кој е спомнат во Библијата, е бракот. За Бога бракот е толку важен што истите зборови што им ги упатил на Адама и Ева во Едемската градина за бракот се јавуваат на уште три места. „Затоа човекот ќе ги остави татка си и мајка си, и ќе се прилепи кон својата жена; и тие ќе станат едно тело“ (1. Мојсеева 2,24; види: Матеј 19,5; Марко 10,7; Ефешаните 5,31). Според овие текстови, кога личноста ќе стапи во брак, најважниот однос во нејзиниот живот треба да биде меѓу неа и сопружникот, и треба да биде поважен и од односот со родителите. Меѓу останатите причини зошто бракот меѓу мажот и жената е толку важен за Бога, е тоа што бракот го претставува односот што постои меѓу Неговиот Син, Исус и Црквата, Неговата невеста (Ефешаните 5,32).

При изградба на куќа, човек треба да застане и да ги разгледа сите трошоци (Лука 14,28-30); колку повеќе е потребно да се размисли кога се заснова дом? Куќата се гради од цигли, малтер, дрво и железо, жици и стакло. Но, домот се гради со она што не е нужно материјално.

**Кои особини се важни за сите аспекти на животот, но се посебно важни за оние кои се подготвуваат за брак? 1. Коринќаните 13,4-8; Галатјаните 5,22.23.**

___

Подготовките за брак мораат да започнат во нашиот личен живот. Истовремено, треба внимателно да го согледаме нашиот иден сопружник за да видиме дали е соодветна личност за нас. Дали е вреден? (Мудри изреки 24,30-34). Дали има незгоден карактер? (Мудри изреки 22,24) Дали имаме исти верувања (2. Коринќаните 6,14.15) Што моето семејство и пријатели мислат за мојот иден сопружник? (Мудри изреки 11,14). Дали се потпирам на верата или само на чувствата? (Мудри изреки 3,5.6). Одговорите на овие прашања можат да значат идна среќа или живот исполнет со тага.

**Размислете за некои добри бракови. Кои начела ги увидувате, а можат да бидат применети на другите меѓучовечки односи?**

## ПОДГОТОВКА ЗА УЛОГАТА – РОДИТЕЛ

Ништо не може да го промени толку многу нашиот живот како раѓањето на детето. Ништо во семејството не може и нема да остане исто.

„Стрела во раката на воинот – тоа се синовите на младоста. Блажен е човекот кој со нив ќе ја наполни својата торба, не ќе се засрами, кога ќе разговара со непријателот во вратата“ (Псалм 127,4.5).

Во исто време, децата не доаѓаат со прирачник кој им кажува на родителите што сѐ треба да прават за да се грижат за нив и како да ги решат проблемите кои можат да настанат. Дури и искусните родители се збунети од постапките, зборовите или ставовите на своите деца.

Како што е важно да се подготват за брак, исто толку е важно и оние кои се надеваат дека ќе станат родители да бидат подготвени за таа исклучителна одговорност.

**Колку единствени и да се следните извештаи за раѓањата, какви принципи можат да извлечат од овие текстови оние кои се подготвуваат да станат родители? 1. Самоилова 1,27; Судии 13,7; Лука 1,6.13-17.39-45.46-55.76-79.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Колку извонредна одговорност и прилика имале овие родители. Биле родители на пророци и водачи на Израел. Едно од децата станал и претходник на ветениот Месија, а едно бил сам Христос. Сепак, иако нашите деца не се одредени да станат библиски пророци, родителите треба да се подготват за оваа коренита промена во својот живот.

„Уште пред да се роди детето, мора да се почне со подготовка која ќе го оспособи за успешна борба против злото. Ако мајката пред раѓањето на своето дете си угодува себеси, ако е себична, нетрпелива и многу бара, овие особини ќе се покажат и во природата на нејзиното дете. На тој начин многу деца по раѓањето наследиле речиси несовладливи склоности кон злото“ (Елена Вајт, *Темели на среќниот дом,* стр. 256. оригинал).

**Било да се грижиме за децата или имаме одговорност кон други луѓе, што можеме да направиме за да ги исполниме одговорностите на побожен начин?**

## ПОДГОТОВКА ЗА СТАРОСТ

„Збирот на нашиот живот е седумдесет години, ако сме силни, и осумдесет; а повеќето од нив се мака и ништожност: зашто минуваат брзо, и ние летаме оттука“ (Псалм 90,10). Овие зборови на Мојсеј нѐ потсетуваат на неумоливиот проток на времето. Како што годините доаѓаат и поминуваат, воочуваме и чувствуваме промени во своето тело. Косата почнува да белее и да опаѓа, движењата се сѐ побавни, болката и бодежите стануваат наши секојдневни придружници. Доколку сме во брак и имаме деца, и ако нашите деца добиле свои деца можеме да уживаме во своите внуци. Претходните периоди од животот ни помогнале да се подготвиме за последниот.

**Прочитајте: Псалм 71. Што можеме да научиме од овој псалм не само за подготвувањето за деновите на старост, туку и за животот воопшто?**

____________________________________________________________

Седумдесет и првиот псалм е псалм забележан од страна на постара личност која ги искусила животните предизвици, но која е среќна бидејќи цело време се потпира на Бога. Најдобар начин да остариме е да ја положиме својата доверба на Него додека сме уште млади. Писателот на овој псалм во општи црти споделува три важни пораки што ги научил приближувајќи се кон овој период од животот.

***1. Развијте длабоко, лично познанство со Бога.*** Бог уште од младоста (Псалм 71,17) бил негово цврсто Засолниште (Псалм 71,1.7) и негов Спасител (Псалм 71,2). Бог е Град и Тврдина (Псалм 71,3), негова Надеж и Доверба (Псалм 71,5). Тој зборува за моќните Божји дела (Псалм 71,16.17), за Неговата сила и моќ (Псалм 71,18) и за сите големи дела што Тој ги направил (71,19). На крајот извикува: „И за Твојата праведност, Боже, што стига до небото, со која направи големи дела. Боже, кој е како Тебе?“ (Псалм 71,19). Ваквите секојдневни разговори со Бога, додека ја проучуваме Неговата реч и додека размислуваме за сѐ што прави за нас, ќе го продлабочи нашето искуство со Него.

***2. Развивајте добри навики.*** Добрата исхрана, физичката активност, водата, сончевата светлина, одморот итн., ќе ни помогнат подолго и подлабоко да уживаме во животот. Посебно обрнете внимание дека псалмистот укажува на навиката да негува доверба во Бога (Псалм 71,3), да Го прославува (Псалм 71,6) и да се надева во Него (Псалм 71,14).

***3. Развивајте жар кон Божјата мисија.*** Личноста во овој псалм не чекала во позните години да престане со работа. Дури и тогаш таа сака да продолжи да го слави Бога (Псалм 71,8) и на другите да им зборува за Него (Псалм 71,15-18).

**Следните прашања се упатени до постарите лица. Кои се предностите на влегувањето во позните години? Што знаете сега што не сте знале кога сте биле млади, а што можете да споделите со младите?**

## ПОДГОТОВКА ЗА СМРТ

Доколку не бидеме живи за време на второто Христово доаѓање, промената која сите можеме да ја очекуваме е најголема од сите: промена од живот во смрт. Покрај бракот и раѓањето, која промена има поголемо влијание на семејството од смртта на член во потесното семејство?

**Прочитајте го текстот во 1. Коринќаните 15,24-26. Што можеме да научиме од овие стихови за смртта?**

___

Смртта, секако, често доаѓа неочекувано и трагично. Колку мажи и жени, па дури и деца, се разбудиле едно утро, а пред заоѓањето на Сонцето ги затвориле своите очи, не во сон, туку затоа што умреле? Или се разбудиле едно утро и пред заоѓањето на Сонцето сте изгубиле член од своето семејство?

За смртта, и за личната и за своите сакани, која не ја гледате дека се приближува, не можете да се подготвите, освен да бидете сигурни дека со вера сте поврзани со Господа и секој момент покриени со Неговата праведност (види: Римјаните 3,22).

Од друга страна, што би правеле ако знаете дека ви останале само уште неколку месеци живот? Можеби со сигурност не би можеле да знаете кога смртта ќе ве надвладее, но сигурно би знаеле дека се ближите кон крајот на својот живот. Според тоа, многу е важно да се подготвиме и себеси и своето семејство за она што е неизбежно.

**Прочитајте ги стиховите во 1. Царевите 2,1-4, во кои се запишани последните зборови што Давид му ги упатил на својот син Соломон? Какви поуки за подготовката за смрт можеме да извлечеме од овој настан, и за себе и за членовите на семејството?**

___

На прв поглед некој би можел да каже: Тоа е премногу! Давид, кој го убил Урij откако Уриината жена во прељубодејство со него останала бремена (види: 2. Самоилова 11), му кажува на својот син да оди по Господовиот пат. Од друга страна, можеби токму поради овој грев и страшните последици кои следеле, зборовите на Давид биле толку силни. Тој, без сомнение, на свој начин се обидел да го предупреди сина си за грешките кои биле причина за големата тага. Давид ги научил, на тежок начин, тешките поуки за цената на гревот, и несомнено сакал да го поштеди синот од тагата којашто самиот ја доживеал.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Ако го прочитаме извештајот за стариот Израел во пустината, ќе забележиме цела низа грешки кои ги правеле соочени со големите промени, дури и покрај восхитувачкото откривање на Божјата љубов и сила. Всушност, пред Израил конечно да влезе во Ветената земја – се соочил со уште една голема промена – Мојсеј му рекол на израелскиот народ: „Видовте со своите очи што направи Господ со Велфегор: зашто Господ, твојот Бог, го откорна од твојата средина секој, кој го следеше Велфегор. А сите вие кои се држите цврсто за Господа, живи сте и денес. Ете, Јас ве поучив за законите и уредбите, како што Господ, мојот Бог, ми нареди да ги вршите во земјата во која одите, за да ја наследите. Пазете ги и вршете ги: тоа ќе биде, во очите на народите, ваша мудрост и ваша разумност. Кога тие ќе чујат за сите овие закони, ќе речат: 'Само еден народ е мудар и умен, а тоа е овој голем народ.' Зашто, кој народ е толку голем за да му бидат боговите толку близу како што ни е Господ, нашиот Бог, нам, кога ќе го повикаме? Кој е тој народ толку голем да би имал закони и уредби праведни како што е сиот овој Закон што јас ви го изнесувам денес? Затоа внимавај и чувај се добро да не ги заборавиш делата што ги виде со своите очи; нека не ти исчезнат од срцето ниту во еден ден на твојот живот; спротивно, поучи ги за нив твоите синови и синовите на твоите синови“ (5. Мојсеева 4,3-9). Колку е важно да не заборавиме што направил Господ за нас. Има ли подобар начин тоа да го запаметиме од поучување на другите и оние кои доаѓаат по нас. Исто така, забележете ја централната улога на семејството во сето тоа, во поучувањето на децата за овие вистини. Гревот направен кај Велфегор можел да има разорни последици за семејниот живот. „Развратот бил зло кое на Израел му го донел Божјиот суд. Настојувањето на жените да ги фатат душите во стапица, не изгаснало кај Велфегор“ (Елена Вајт, *Темели на среќниот дом*, стр. 326. оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Во класата поразговарајте за некои подготовки што сте ги завршиле соочени со големите периоди во животот, брак, родителство, старост или нешто друго. Како тие промени влијаеле на вашето семејство? Што научивте и како тоа може да им помогне на другите кои се соочуваат со истите промени?**

**2. Размислете за зборовите на Давид упатени на Соломон, повторно во рамките на неговиот грев со Вирсавеја, несреќата која фрлила сенка на остатокот од Давидовото владеење и во голема мера негативно влијаела на неговото семејство. На кој начин, среде тие настани, ја забележуваме Божјата благодат на дело?**

**Поука 4**
**20 – 26 април 2019**

# КОГА СМЕ САМИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Проповедник 4,9-12; Филипјаните 4,11-13; 1. Коринќаните 7,25-34; Матеј 19,8; 1. Мојсеева 37,34; Исаија 54,5.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И Господ, Бог, рече: ’Не е добро човекот да биде сам, ќе му направам помошник соодветен нему’“ (1. Мојсеева 2,18).**

Неверојатен, но сепак тажен настан ги обележа вестите пред неколку дена. Млада жена е пронајдена мртва во својот стан. Иако смртта сама по себе е трагична, она што овој настан го прави уште пострашен е тоа што жената била мртва повеќе од десет години пред да биде пронајдена. Десет години! Прашањето кое луѓето го поставиле, и тоа со право, гласело: Како една жена во голем град како овој, во кој живеат толку многу луѓе, и покрај толку средства за комуникација, можела да биде мртва толку долго а тоа никој да не го знае?

Иако драстичен, овој настан е пример за нашата стварност: многу луѓе страдаат бидејќи се осамени. Во 2016 година списанието Њујорк Тајмс објавило статија со наслов „Истражувачите се соочуваат со епидемијата на осаменост“. Тој проблем е вистински.

Ние, како човечки суштества, уште од самиот почеток не требало да бидеме сами. Од Едемската градина па наваму, до извесна мера требало да живееме во заедница со други луѓе. Секако, се појавил и гревот и од тогаш ништо не е како што би требало да биде. Оваа седмица ќе го разгледаме прашањето за општеството и осаменоста во различни моменти на животот со кои, можеби, понекогаш се соочуваме. Ако не сте се соочиле со осаменоста, сметајте се себеси за среќна личност.

## ЗАЕДНИЦА

**Прочитајте: Проповедник 4,9-12. Која основна мисла ја забележуваме овде? За кое животно начело воопштено се зборува?**

Многу мал број луѓе можат да живеат сами. Дури и ако сме склони да се осамиме и сакаме да бидеме сами, порано или подоцна, не само што ќе посакаме нечие друштво туку нам можеби и ни е потребно, посебно во време на одредена потреба. Ние навистина сме создадени да живееме во заедница, во друштво. Колку се среќни оние што имаат блиски членови на семејството кои можат да им пружат утеха и поддршка, особено во време на потреба.

За жал, во нашата црква, на работното место, во заедницата во која живееме има луѓе кои немаат кому да му се обратат, не само кога имаат потешкотии, туку, кога и на крајот од денот ќе посакаат да поразговараат со некого. Чувството на осаменост може да се појави во кој било момент. „Најтешкиот ден за мене“, рекол еден неоженет човек, „е недела“. Во текот на седмицата јас сум опкружен со луѓето на работа. Во сабота се гледам со луѓето во црква, но, во недела сум сосема сам“.

**Кои принципи можеме да ги научиме од следните текстови, посебно кога ќе доживееме моменти на осаменост? Јован 16,32.33; Филипјаните 1,11-13.**

____________________________________________________________

Да, како христијани не само што сме свесни за Божјето постоење, туку и за фактот дека можеме да стапиме во заедница со Него; и дека од таа блиска заедница со Него навистина можеме да примиме утеха. Но, Божјата блискост со Адам во Едемската градина не го спречила Господа да каже: „„Не е добро човекот да биде сам“ (1. Мојсеева 2,18). Според тоа, Бог знаел дека Адам, иако негувал заедница со Бога во свет недопрен од гревот, и понатаму му било потребно друштвото на друго човечко суштество. Тогаш, колку повеќе, нам, на останатите, ни е потребно друштво?

Исто така, треба да бидеме внимателни и да не помислиме дека една личност не може да биде осамена само затоа што е опкружена со голем број луѓе. Некои од најосамените луѓе живеат во големите градови во кои често стапуваат во допир со другите. Тоа што некој е во близина со други луѓе, не значи дека не може да се почувствува осамен и отуѓен, и дека не му е потребно заедништво.

**Не е секогаш лесно да се препознае кој се чувствува осамен, отуѓен, отфрлен или едноставно повреден, и дали му е потребен некој, ако ништо друго, барем да разговара со него. Како можете да настојувате да бидете почувствителни кон таквите луѓе, кој и да е во прашање?**

## ЖИВОТ БЕЗ БРАЧНА ЗАЕДНИЦА

Една млада жена навела дека е предност тоа што не е мажена. „Два пати добив можност да служам во мисионско поле, и се согласив без двоумење“. На личноста која е во брак, која има семејство, можеби би ѝ било потребно повеќе време за да донесе таква одлука, бидејќи тоа не се однесува само на неа, туку и на брачниот другар и на децата.

**Според зборовите на Павле, кои се добри причини да не се стапи во брак? 1. Коринќаните 7,25-34.**

_______________________________________________________________

Повеќето луѓе сметаат дека стапувањето во брак е Божја волја за нив. Зар Тој не рекол: „Не е добро човек да биде сам“? па сепак, во Библијата наоѓаме многу примери на луѓе кои не биле во брак, вклучувајќи го и највозвишениот пример од сите, Исус Христос.

На Еремија му е кажано да не се жени (Еремија 16,1-3); таа одлука е донесена врз основа на историските прилики. Не знаеме дали тоа ограничување некогаш е укинато, но јасно е дека Еремија бил голем пророк додека бил сам.

Исто така, и брачната состојба на Езекил не била од голема важност, иако неговата сопруга ненадејно умрела. Не му било дозволено ни да тагува по неа, бидејќи требало да ја продолжи службата што Господ му ја доверил (Езекил 24,15-18). Пророкот Осија, исто така доживеал окончување на бракот, но ја продолжил својата служба. Извештајот за неговиот брак ни се чини мошне необичен, бидејќи Бог му рекол да се ожени со блудница која го оставила поради друг човек, и Бог знаел дека тоа ќе се случи (Осија 1-3). Кога ќе се свртиме назад, забележуваме дека Бог настојува да ја прикаже еднострананата љубов која Тој ја има кон Израел и кон нас, но на Осија мора да му било премногу тешко и болно што неговиот живот послужил како очигледна поука.

Во секој од овие примери, брачната состојба не претставувала спорно прашање. Бог бил заинтересиран за чесност, послушност и способност личноста да го каже она што Тој го сакал. Треба да бидеме сигурни дека брачната состојба не го одредува нашиот живот. Многумина денес ќе ни кажат дека не сме потполни доколку не сме во брак. Павле би го дал следниот одговор: „Затоа ве молам, браќа, заради Божјата милост, да ги принесете вашите тела во жива, света и угодна жртва на Бога, тоа да биде ваша разумна служба.“ Наместо тоа, „Немојте да се прилагодувате со овој свет; туку, преобразувајте се преку обновувањето на вашиот ум, за да можете да ја дознаете која е добрата, угодна, и совршена Божја волја!“ (Римјаните 12,1.2).

**На кои практични начини можете да им служите на оние кои не се во брак, без разлика дали се верници или не?**

## КОГА БРАКОТ ЌЕ ЗАВРШИ

Од сите начини на кои гревот го разорил човештвото, со исклучок на физичкото страдање и смртта, што се соочило со поразорни последици на гревот од семејството? Изразот „дисфукционално семејство“ е речиси непотребен. Кое семејство не е, до извесна мера, дисфункционално?

Покрај смртта, една од најтешките работи со кои семејството може да се соочи е разводот. Луѓето коишто поминуваат низ ова страшно искуство покажуваат цела низа од чувства. Прво и најчесто е тагата, која во зависност од личноста, може со различна јачина да трае од неколку месеци до неколку години. Некои можат да доживеат страв: страв од непознатото, вознемиреност поради финансиски причини и страв дека нема да можат да се изборат со новонастанатата ситуација. Поединци минуваат низ период на депресија, гнев и, секако, осаменост.

**Кои општи начела во врска со разводот можеме да пронајдеме во наредните стихови? Малахија 2,16; Матеј 5,31.32; 19,8; 1. Коринќ. 7,11-13.**

_______________________________________________

„Црквата, како Христово спасоносно орудие, треба да им служи на своите членови во сите нивни потреби и да ги негува за да можат да пораснат и да стекнат зрело христијанско искуство. Тоа е посебно важно кога верниците се соочуваат со одлуки кои влијаат на целокупниот живот, како што е бракот, или болните искуства, како што е разводот. Кога нечиј брак е во опасност да се оконча, треба да се вложат сите сили од страна на брачните другари, верниците на црквата или семејството кое им дава поддршка своето помирување да го усогласат со божествените начела поврзани со обновување на нарушените односи (Осија 3,1-3; 1. Коринќ. 7,10.11; 13,4-7; Галатјаните 6,1).

Материјалите, кои можат на верниците да им помогнат во развивањето силен христијански дом, достапни се за црквата или други црковни организации. Овие материјали опфаќаат: 1) програми за давање насоки на свршените брачни двојки, 2) програми со упатства за венчаните брачни двојки и нивното семејство и 3) програми за поддршка на семејствата во кои владеат нарушени односи и поединците кои се развеле“ (The Seventh-day Adventist Church Manual, 19. издание [Nampa, Idaho: Pacific Press Publishing Association, 2016], стр. 161).

**На кои практични начини, без зборови на осуда, можете да помогнете некому кој минува низ развод?**

## СМРТ И ОСАМЕНОСТ

Некој во една прилика го поставил прашањето: Каква е разликата меѓу луѓето и пилињата, кога станува збор за смртта. Одговорот е дека, за разлика од пилињата кои умираат, ние луѓето, кои исто така умираме, знаеме дека ќе умреме. Пилињата не знаат. И токму тоа знаење за својата претстојна смрт во голема мера влијае на тоа како сега живееме.

Како што знаеме, сите односи, вклучувајќи го и бракот, порано или подоцна завршува со нашиот најголем непријател: смртта. Без оглед на тоа колку заедницата била блиска, без оглед на големата љубов, длабокото заедништво, времето поминато заедно, ние како човечки суштества (за разлика од пилињата) знаеме дека порано или подоцна ќе настапи смртта (освен ако Исус не се врати пред тоа) и дека нашиот однос, кога сето тоа ќе се случи, ќе престане. Таква е нашата судбина од првиот сторен грев и така ќе биде до Исусовото доаѓање.

Библијата не кажува кој прв умрел, Адам или Ева, но мора да било посебно болно за другиот, особено затоа што смртта, како прво, никогаш не требало да биде дел од животот. Како што видовме во претходната лекција, ако умирањето на еден лист кај нив предизвикало жалост, кој може да замисли како ја доживеале смртта на сопружникот?

Проблемот е во тоа што ние толку многу сме се навикнале на смртта и што ја земаме здраво за готово. Но, смртта никогаш не требало да биде дел од човечкото искуство. Оттука, па дури до денешен ден, се бориме за да пронајдеме смислата во сето тоа, но многу често едноставно не можеме.

**Што можеме да научиме од следните текстови за смртта и за тоа како луѓето се борат со неа? Исаија 57,1; Откровение 21,4; 1. Солуњаните 4,16-18; Матеј 5,4; 2. Самоилова 18,33; 1. Мојсеева 37,34.**

---

Без сомнение: не само што сите се соочуваме со стварноста за сопствената смрт туку се соочуваме и со стварноста за смртта на другите, саканите, можеби и најблиските. Затоа, порано или подоцна многумина од нас, поради нечија смрт, ќе се соочат со одредено време на осаменост. Тоа е многу тешко и болно, и во тие моменти можеме, а често и мораме, да се повикуваме на Божјите ветувања. Всушност, во овој свет на грев, страдања и смрт, што друго можеме?

**Како вашата црква може да им помогне на оние кои се осамени по смртта на саканата личност?**

# ДУХОВНИ ОСАМЕНИЦИ

Една млада жена по име Натали била во брак седум години кога, на повик од пријателката, посетила евангелски предавања во месната Христијанска адвентистичка црква. Осведочена од она што го слушнала, Натали му го предала своето срце на Христа, доживеала искуство на ново раѓање и – и покрај силното противење на сопругот, родителите, роднините на сопругот, па дури и на првата сосетка – пристапила кон Црквата. Исто така, го усогласила својот живот, во најголема можна мера, со новооткриената вера.

Како што можеме да претпоставиме, наишла на голем отпор; посебно нејзиниот сопруг ја отежнувал ситуацијата, кога тврдел, и тоа со право: „Јас не се согласив на ова кога се венчавме. Ти си сосем друга личност, а јас сакам повторно да бидеш онаква каква што беше“.

Таа сега веќе се години се бори животот да го живее со вера. Иако е во брак, таа е, како би го нарекле тоа, „духовна осаменичка“.

**Кои охрабрителни зборови ги пронаоѓаме во следните стихови за оние кои можеби се чувствуваат како духовни самци? Исаија 54,5; Осија 2,19.20; Псалм 72,12.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Во нашата Црква во целиот свет има многу „Наталии“. Тие личности, мажи или жени, се во брак, но црквата ја посетуваат сами или со своите деца. Можеби се венчани со личност од друга вера. Или можеби пристапиле кон Црквата, а нивниот сопружник не. Или и двајцата, кога се венчале, биле верници на Црквата, но еден од нив, без некаква причина ја напуштил Црквата, престанал да доаѓа, а можеби станал и непријателски расположен кон верата. Овие мажи и жени доаѓаат сами во црква и на ручек по богослужбата, заминуваат сами на мисионска работа или заеднички црковни активности. Тажни се што во финансиска смисла не можеат да придонесат во црковната служба онолку колку што би сакале, бидејќи нивниот сопружник не се согласува со тоа. Иако се во брак, духовно можат да се чувствуваат како вдовец или вдовица.

Веројатно сите, во некој момент, сме сретнале луѓе во црквата кои се нашле во таква положба, и ним им е потребна нашата љубов и поддршка.

**Кои практични потфати, како црковно семејство, можеме да ги преземеме за да им помогнеме на духовните самци во нашата средина?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Иако животот на Еноха бил исполнет со неуморна дејност, тој сепак истрајно одржувал врска со Бога во молитва. Колку неговата задача била поголема и поитна, толку неговите молитви станувале поистрајни и посесрдни. Повремено целосно се повлекувал од друштвото. Откако извесно време би се задржал меѓу луѓето работејќи за нив со поуки и со пример, повторно би се повлекувал во самотија, чувствувајќи глад и жед за божествено знаење што можел да го даде само Бог. Одржувајќи на тој начин постојана врска со Бога, Енох сѐ повеќе и повеќе претставувал отсјај на божествениот лик. Неговото лице зрачело света светлина, онаа светлина што свети од лицето на Исуса Христа. Секогаш кога би се враќал од една таква заедница со Бога, дури и оние кои не биле побожни, со страхопочит би го забележувале небесниот отпечаток на неговото лице“ (Елена Вајт, *Евангелски работници*, стр. 52. оригинал). Иако извештајот за Еноха охрабрува и носи силна порака за оние кои бираат моменти на осаменост, мнозина се соочуваат со осаменост што не ја посакуваат. Тие не сакаат да бидат сами.

Да, од друга страна, ние секогаш можеме да имаме радосна заедница со Господа, кој секогаш е присутен, но понекогаш копнееме за човечка заедница и заедништво. Колку е важно ние, како Црква, да бидеме подготвени да допреме до оние кои можеби секоја сабота седат до нас, а доживуваат страшно време на осаменост. Истовремено, ако вие поминувате низ таков период, побарајте некој во црквата (или на некое друго место) кому можете да му верувате и со кого можете да поразговарате за тоа. Многу често луѓето не можат да сфатат низ што поминува некој. Лесно е, барем на некои личности, да се скријат зад маска.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Како вашата црква може да биде чувствителна за потребите на осамените во својата средина?**

**2. „Не го зборувам тоа заради скудност, зашто научив да бидам задоволен со она во што сум“ (Филипјаните 4,11). Во пошироки рамки прочитајте ги зборовите на Павле во овој текст. Како можеме да научиме тоа да го примениме во својот живот? Во исто време, зошто мораме да бидеме многу внимателни во тоа како го цитираме овој стих некому кој навистина доживува болка?**

**3. Во класата поразговарајте за моментите кога сте доживеале голема осаменост. Што ви помогнало? Што ве повредило? Што е тоа што научивте, а може да им биде од помош на другите?**

**Поука 5**
**Од 27 април до 3 мај 2019**

# МУДРИ ЗБОРОВИ УПАТЕНИ НА СЕМЕЈСТВАТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Мудри изреки 5,3-14; Матеј 19,5; 1. Коринќаните 7,3.4; Мудри изреки 13,22; 14,26; 17,22; 23,13; 31,10-31.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Надевај се на Господа со сето свое срце и не се потпирај врз сопствениот разум. Мисли на Него на сите свои патишта и Тој ќе ги исправи твоите патеки“ (Мудри изреки 3,5.6).**

Во кој животен период и да се наоѓаме, сите ние, секако, потекнуваме од мајка и татко, без оглед каков однос сме воспоставиле, ако воопшто и го имало, со нив по раѓањето. Од друга страна, одредени луѓе, и покрај тоа што имаат браќа, сестри и други роднини, никогаш не основале свое семејство, независно од она во кое пораснале.

Какви и да се нашите прилики, во која фаза од животот и да се наоѓаме, Мудрите изреки Соломонови содржат мешавина од поуки, песни, прашања и мудри изреки. Тие непосредно се однесуваат на семејните односи и на многу мудри зборови кои можат да се применат во домот. Мудрите изреки Соломонови, всушност, се дадени како семејни списи во кои насоките за побожниот живот се пренесуваат од родител на дете. Како што родителите можат да го посоветуваат синот или ќерката кога ќе тргнат на факултет, кога ќе почнат самостојно да живеат или да прифатат работа далеку од дома, така и во Мудрите изреки Соломонови, таткото му ги упатил на синот зборовите: „Сине мој, послушај ја поуката на својот татко и не отфрлај го учењето на својата мајка“ (Мудри изреки 1,8). Во 5. Книга Мојсеева на родителите им е даден налог да ги делат своите уверувања со следните поколенија. Тоа е токму она што го прават Мудрите изреки Соломонови. Во татковите повици го слушаме гласот на небескиот Татко, кој нè повикува да ги примиме поуките.

## ЉУБОВ КОН ВИСТИНСКАТА ЖЕНА

**Наведете ги проблемите и последиците поврзани со предбрачни сексуални или вонбрачни врски опишани во Мудри изреки 5,3-14.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Побожната личност ги остава (доколку не е во брак) и ги чува (доколку е во брак) своите најдлабоки чувства и сексуална интимност за во брак. Мажите посебно се споменуваат во Мудрите изреки Соломонови, но истата мисла, која се однесува на жените, е изразена во Песна над песните (споредете: Песна над песните, 4,12-15). За силната привлечност на недозволената љубов мора да се размисли, имајќи ги предвид страшните последици на овој грев. Во необрзувачките сексуални врски недостасува посветеност и, според тоа, во голема мера вистинска блискост. Материјалните средства, физичките и емоционалните сили се расипуваат. Што е најважно, секој мора да даде одговор пред Бога за одлуките што ги донел во животот. Сексуалната интимност, еден од најголемите дарови на човечкиот род, е предност само за оние личности кои се во брак (Матеј 19,5; 1. Коринќаните 7,3.4; Евреите 13,4). Сликата на обилна вода која напојува во Мудри изреки Соломонови се користи како посебен симбол на уживање и задоволство кои брачната двојка треба да ги оствари во својата заедничка љубов. Оваа слика е споредена со расипување, кое е последица на неверството. Изразот „жената на својата младост“ (Мудри изреки 5,18) укажува дека, и кога брачната двојка ќе остари, нивната приврзаност треба и понатаму да трае. Сопругот и понатаму да се „восхитува“ (Мудри изреки 5,19) на милноста на својата жена.

Сексуалните страсти можат да ги одвлечат поединците, во нивната падната состојба, од Божјата замисла за сексуалноста. Но, Бог, исто така, на човечкиот род му дал да расудува и да избира. Овие искушенија, ако постојано не се потиснуваат, можат да преовладаат. Цврстата посветеност на божествената замисла за сексуалноста во бракот може да го спречи развојот на недозволени сексуални односи. Изборот цел живот да бидеме верни на Божјата замисла за сексуалноста во бракот, не само што е мудар туку донесува изобилни предности.

**Ако познавате некој кој се бори со сексуални искушенија, кои можат да го уништат бракот, каков совет вие би ѝ дале на таа личност?**

## ПОВИК УПАТЕН ДО ТАТКОВЦИТЕ

Забележете ги особините на карактерот на татковците прикажани во Мудрите изреки Соломонови, кои можат да оставаат долгорочни последици врз децата.

**Мудри изреки 13,22; 27,23.24.** ____________________________

**Мудри изреки 14,26.** ____________________________

**Мудри изреки 15,1.18; 16,32.** ____________________________

**Мудри изреки 15,27.** ____________________________

**Мудри изреки 29,17.** ____________________________

Карактерот на татковците има непосредно влијание на нивните деца и наследството кое се пренесува на нив. Децата од татковците очекуваат поддршка, посветеност и љубов, водство и пример. Во Соломоновите изреки пофалени се оние татковци, кои доверливо го обезбедуваат семејството и мудро управуваат со семејните средства. Многу патишта на кои „користољубивиот го разурнува својот дом, а кој го мрази поткупот, ќе живее“ (Мудри изреки 15,27); татковците мораат да бидат внимателни на семејството да му дадат предност во однос на работата. Побожните татковци тежнеат да бидат трпеливи и да управуваат со своите чувства. Тие ја почитуваат детската зависност од нив. Тие ги дисциплинираат своите деца, но внимаваат да не го злоупотребат својот авторитет. Што е најважно, посветените татковци сакаат да го следат Бога, со нив да управува Неговата љубов и учењата од Неговата реч, за да можат чекорите на своите деца да ги насочат на вистинскиот пат.

На крај, најважно што таткото може да го направи за своите деца е да ја сака нивната мајка. Неговата верност и непрестана љубов кон неа, или нивниот недостаток, остава впечатливо влијание врз детската благосостојба, дури и кога ќе пораснат.

Во Мудрите изреки Соломонови, верноста кон Бога, посветеноста во бракот и семејството, и чесноста во личниот живот и во животот на заедницата се клучни теми. Успехот во сето тоа зависи од состојбата на срцето. Привлечноста на гревот – без разлика дали се во прашање сексуални односи, мрзливост, богатство или моќ – има многу, но мудриот сопруг и татко се свртува кон Бога за помош, постојано да донесува правилни одлуки.

**На кој начин моралните начела, изразени во оваа лекција, се важни за сите, без оглед на тоа дали некој е татко или не? Како вашите постапки, било да се добри или лоши, влијаат на другите, особено на децата? Во која смисла треба да бидете повнимателни?**

## ПОПРАВАЊЕ СО ЉУБОВ

**Што учиме од Мудрите Соломонови изреки за важноста на дисциплината и поправањето на детето? Мудри изреки 10,17; Мудри изреки 23,13.14; Мудри изреки 29,1.15.**

____________________________________________________________

Родителите понекогаш ги дисциплинираат децата за да им втиснат во умот што е општествено неприфатливо однесување, за да ги казнат за непослушност или да го изразат своето незадоволство кога се засрамени. Меѓутоа, каква е Божјата намера во врска со дисциплината за овие млади членови на Неговото семејство? Во Мудрите изреки Соломонови дисциплината е поставена во рамките на надеж за иднината (Мудри изреки 19,18). Побожните родители знаат дека децата имаат грешна природа. Само една сила може да им помогне во тоа, а таа сила е Христос (види: Елена Вајт, *Воспитување,* стр. 29. оригинал). Мисијата на христијанското родителство, вклучувајќи ја и дисциплината, е да се поведат децата кон Бога.

***Потпора на нежната билка.*** Дисциплината преку Христа не се гледа како казна, ниту изразување на авторитетот, туку како спасоносно поправање. Божјиот план е родителите полни со љубов, знаејќи ја силата на гревот, да ги водат чекорите на своите деца кон Христа. Грижливите родители поправаат љубезно и цврсто, зауздувајќи ги и водејќи ги децата во раните години, како што градинарот му дава поддршка на новозасаденото дрво, додека младите не стекнат самоконтрола, додека не почнат да се потпираат на Бога и да соработуваат во божествениот план на спасението, растот и зрелоста.

**Каква порака им е упатена на родителите во следните стихови: Мудри изреки 13,24; 23,13.14?**

Во рамките на дисциплинирањето на децата во само неколку стихови се спомнува „прачката“ (еврејски *shebet*). Мислата дека родителите треба да го користат стапот, како што небесниот Пастир го користи кога го води своето стадо (Псалм 23,4), е општоприфатена во литературата за христијанското родителство. На други места, Писмото упатува на трпеливо поучување, постојано обликување, добра комуникација и блиски односи за да се влијае на промената на децата (5. Мојсеева 11,18.19). Чувството на детето дека е сакано од страна на родителите е неопходно за да може дисциплината да го има своето сакано дејство, да биде корективна и спасоносна (Мудри изреки 13,24).

**Кога дисциплината ќе ја промаши својата одредена цел поради тоа што е премногу остра или погрешно сфатена, како родителите можат да ги постават работите на вистинското место кога се во прашање нивните деца?**

## ДАЛИ Е ПОДОБРО ДА СЕ ЖИВЕЕ ВО АГОЛОТ ОД КРОВОТ?

**На кој начин Соломоновите приказни шират хумор во врска со непријатните навики во семејниот живот? Мудри изреки 21,9.19; 27,15.16. Какво дејство има овој хумор?**

___

Бројни поговорки зборуваат за начините на кои се однесуваме едни кон други во блиските односи. Тие ја укажуваат суштината на шеговит начин, со духовитост, како оние за нечувствителниот пријател кој „му пее песна на ожалостено срце“ (Мудри изреки 25,20) и на оној кој рано станува и „го поздравува својот пријател гласно“, иако тој уште спие (Изреки 27,14). Сопругите, кои ги читаат овие стихови за жените кои се караат, можеби ќе посакаат да додадат некои „поговорки“ за мажите. Можеби остро ќе одговори дека таквите изреки само го продлабочуваат проблемот кој е споменат во овие поговорки бидејќи им се упатени само на жените, додека мажите, кои делат одговорност за атмосферата во домот, подеднакво се склони кон такво одвратно однесување. (Замислете како изгледало да се живее во домот на Ананија и Сафира).

***Веселото срце е одличен лек.*** Негувањето на смислата за хумор во семејниот живот е добра навика. Хуморот ја подмачкува машинеријата на животот, помагајќи да се намалат стресовите и напнатоста. „Веселото срце е одличен лек, а невеселиот дух ги суши коските“ (Мудри изреки 17,22). Во мудрите Соломонови изреки се користи овој лек, кој ни дозволува да се насмееме на некои облици на однесување, кои ни пречат и ни досадуваат. Можеби, кога ќе се насмееме (или сме вознемирени ако шегата е упатена на наша сметка), ние сме во подобра положба да разговараме за навиките или однесувањата кои нè лутат и нè вознемируваат. Од друга страна, хуморот не треба да се користи за да се намали важноста на прашањата кои бараат сериозно внимание, ниту, пак, со помош на него да се избегнуваат.

Ниска температура може да биде знак за хронична инфекција. Кавгите, приговарањето и жалењето можат да укажат дека кај еден или повеќе членови на семејството се крие потисната лутина, можеби поврзана со потешкотии во блискоста или комуникацијата во односот. Оној кој се жали се обидува да се изедначи со забележителната моќ, контрола и неподготвеноста на другата личност да разговара. Доколку инфекцијата се отстрани, симптомите ќе исчезнат. Членовите во семејствата, наместо да избегнуваат одреден проблем или едни со други, треба да ја градат својата љубов кон Господа и својата меѓусебна поврзаност за да можат преку разговор за своите потреби и чувства, да дојдат до суштината на својата лутина и да ги отстранат пречките. **Зошто смеењето е толку важно во домот? Како може да се користи на добро или како може да се изопачи и да се користи за лошо? Изнесете го својот одговор во саботношколската класа.**

# ВИСТИНСКИ БОГАТА ЖЕНА

**Мудрите изреки Соломонови завршуваат со зборови на хвала упатени до жена со благороден карактер. Утврдете ги карактеристиките и особините кои се пофалени. Мудри изреки 31,10-31**

___

Жената опишана во овој текст е посебна, а таква е и поезијата. Секој стих, почнувајќи од Мудри изреки 31,10, започнува со една од 22. букви од еврејскиот алфабет. Од ова оддавање чест на дободетелната жена стекнуваме впечаток дека дури и сиот алфабет на еден народ едвај му дава доволна рамка таа да се пофали на соодветен начин.

Нагласувањето на важноста од стапување во брак со добар сопружник во Мудрите изреки Соломови се одразува во рабинската изрека: „Добродетелната жена е венец на својот маж, а срамотната е како гнилеж во неговите коски“ (Мудри изреки 12,4). Тука, на крајот на Мудрите изреки Соломонови, наведени се повеќе различни вештини, вткаени идеалистички во портретот на една жена: шиење облека, купување на недвижен имот, занимавање со земјоделство, управување со домот и со финансиските средства. Во меѓувреме, таа добро се грижи за своето семејство, кое ја сака и ја фали.

Не треба да се очекува дека овие разновидни таленти ги поседува секоја жена; ниту, пак, се пример според кој мажите треба да ги оценуваат своите жени. Со опишувањето на овие способности и особини, Мудрите изреки Соломонови порачуваат што е најважно и општо најзначајно за жените како и за мажите: одлики на доверливост, сочувство, сигурност, верност, љубезност и трудољубивост. Тајната на таквиот живот, според текстот од Мудри изреки 31,30, е дека таа се „бои од Господа“.

Во текстот од Мудри изреки 31,10 зборот за „добродетелна“ или „со благороден карактер“ означува „сила“, „моќ“ или „богатство“. Преведена е како „богатство“ во стихот во Псалм 62,10 и ги опишува „воините“ на Исус Навин (Исус Навин 1,14). Воз ја фали Рута со зборовите „чесна“ (Рута 3,11). Во Мудрите изреки Соломонови 31,10 писателот си игра со поимот „богатство“. Вистинското богатство лежи во карактерот, чесноста и стравот од Господа. Тоа во голема мера ја надминува вредноста на бисерот.

**Кои храбри и добродетелни жени влијаеле на вашиот живот? Како вие би ја прошириле листата на особини, доблести и способности на карактерот на една побожна жена?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Вашето срце нека се држи за Небото. „Христијаните треба внимателно и грижливо да го чуваат своето срце. Тие треба да негуваат љубов кон размислувањето и да изградуваат дух на побожност. Се чини дека на многумина им е жал за времето поминато во размислување, во проучување на Писмото, во молитва, како тоа време залудно да го потрошиле. Би сакала сите вие да ги согледате тие проблеми во светлината која Бог посакува да ви ја даде, бидејќи тогаш ќе го сметате Божјето Царство како најважно. Ако твоето срце се држи за Небото, тоа ќе им даде животна сила на сите твои доблести и ќе внесе живот во сите твои должности. Дисциплинирањето на умот да се занимава со она што е на Небото, ќе внесе живот и решителност во сите наши потфати... Ние сме џуџиња во духовните достигнувања... (Ефешаните 4,13)“ (Елена Вајт, *The SDA Bible Commentary,* 3. книга, стр. 1157).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Многу христијани сметаат дека групна поддршка може да им биде од помош додека настојуваат „да го сочуваат своето срце“ од искушенијата. На кој начин тоа може да ја засили молитвата, проучувањето на Библијата и потпирањето на Светиот Дух? Зошто во некои случаи е добро да се побара професионална помош доколку некој навистина се бори со искушенијата што ги наведуваат на грев и им се чини дека не можат во тоа да се сопрат?**

**2. Пред класата изложете го својот одговор на последното прашање од среда. Разговарајте за импликациите на вашите различни одговори. Како што е случај и со толку многу прекрасни работи што Бог ни ги дава, како можат смеата и хуморот да се изопачат и да се претворат во нешто многу штетно?**

**3. Спротивно на 31. глава од Мудри изреки Соломонови, која особина на жената, современата култура е склона да ја издигне? Како ние како поединци можеме да се заштитиме да не заземеме таков ист понижувачки став?**

**4. Воопштено говорејќи, кои културолошки ставови за семејниот живот во вашето општество непосредно се спротивставуваат на библиските начела на семејниот живот? Од друга страна, постојат ли некои културолошки ставови кои се поклопуваат со библиските начела? Ако е така, кои се тие и како можат да ги зајакнат нашите семејства?**

**Поука 6**
**4 – 10 мај 2019**

# ЦАРСКА ЉУБОВНА ПЕСНА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Песна над песните; 1. Мојсеева 2,7; 1. Коринќаните 7,3-5; Јован 17,3; 1. Јованово 1,9; Римјаните 1,24-27; Галатјаните 5,24.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Стави ме како знак на срце, како печат на твојата рака; зашто љубовта е силна како смртта, а љубомората е цврста како гроб. Нејзиниот жар е жар на огнот, нејзините пламења, Господови пламења“ (Песна над песните 8,6).**

Меѓу периодите од животот, еден од најважните е бракот. Да повториме уште еднаш, сите не стапуваат во брак, но за оние кои ќе го направат тоа, бракот донесува посебни предизвици и посебни благослови. Меѓу тие благослови, сексуалноста е прекрасен дар. Во вистинско време и на вистинско место, овој дар претставува силен израз на љубовта.

Наспроти оштоприфатеното мислење, Библијата не се противи на половите односи. Таа е против злоупотребата на овој посебен дар, кој Создателот им го дарувал на човечките суштества.

Всушност, Песна над песните, е една од најкратките но и најмалку читаните библиски книги, која го опишува односот меѓу младата невеста, Суламка, и нејзиниот сакан за кој се верува дека е царот Соломон, лично. Книгата ги открива тајните на човечката интимност и радоста на брачната љубов. Иако Песна над песните често се смета како алегорија, симбол на односот меѓу Бога и Божјиот народ или Христос и Црквата, таа е песна за љубовта што ја пронаоѓаме во реалниот човечки однос меѓу мажот и жената.

Оваа седмица ќе се осврнеме на бракот прикажан во оваа старозаветна книга.

## НЕДЕЛИВ ЖИВОТ

**Врз основа на следните текстови, како би го опишале библиското гледиште за човечкото тело? 1. Мојсеева 2,7; Псалм 63,1; 84,2; 1. Коринќаните 6,19.20; 1. Солуњаните 5,23.**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Припадниците на некои религии веруваат во дуализам, гледиште според кое телото претставува пречка за животот на духот. Односно, телото се смета за лошо, додека „духот“ се смета за добар. Но, во Писмото, човечкото тело, вклучувајќи ги и сексуалните карактеристики, е составен дел од целото битие. Животот е и „тело“ и „дух“ (види: 1. Мојсеева 2,7). Псалмистот целосно се предава себеси во служба на Бога (Псалм 63,1; 84,2) Целокупната личност треба да биде посветена, издвоена за света цел којашто Бог ја одредил.

**Позитивното гледиште за човечкото тело, во рамките на сексуалните односи, е прикажано во Песна над песните. Како следните стихови го откриваат овој став? Песна над песните 1,2.13; 2,6; 5,10-16; 7,1-9.**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Во овој свет текст човечкото тело е предмет на одушевување. Физичката страна на брачната љубов не претставуваат срамота. Цела лепеза на чувства е отворено прикажана.

Силните сексуални табуи главно владеат во многу култури. Поради тоа на брачните двојки им е многу тешко на здрав начин да разговараат за интимниот живот. Слично на тоа, децата, честопати се лишени од можноста да учат за сексуалноста во рамките на христијанскиот дом, во кој побожните вредности можат да бидат поврзани со точни упатства. Отвореноста на Библијата по прашањето за сексуалноста го повикува Божјиот народ на поголем степен на комотност во поглед на оваа тема, за да можат кон оваа важна страна на животот да се однесуваат со почитување и достоинственост, во согласност со големиот дар што ни го дал Создателот.

**Како можеме да се заштитиме од културолошките и моралните притисоци кои сексуалноста ја сведуваат на ништо помалку од понижувачки животински страсти или ја претставуваат како нешто срамно, за кое никогаш не смее да се зборува? Како Библијата ни покажува дека овие две гледишта, кои одат во крајност, се погрешни?**

## РАЗЛИЧНИ ОБЛИЦИ НА ЉУБОВ ВО ПЕСНА НАД ПЕСНИТЕ

**Опишете ги различните облици на љубов претставени во Песна над песните. Песна над песните 1,2.13; 2,10-13.16; 3,9-11; 4,1-7; 5,16; 6,6; 7,1-9; 8,6.7.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Песна над песните покажува како пријателите го поминуваат времето заедно, како отворено разговараат и се грижат еден за друг. Двајца добри пријатели стануваат сопружници. Жената изјавува: „Таков е мојот пријател“ (Песна над песните 5,16). Зборот пријател изразува заедништво и пријателство без укажување на сексуален однос. Среќен е оној сопруг или сопруга чиј брачен другар им е мил пријател.

Во песната, срдечните комплименти и постапки, исполнети со љубов, ја искажуваат силната привлечност, физичката и емоционалната радост која мажот и жената ја пронаоѓаат еден во друг. Природната блискост и романтична љубов е дар на Создателот, кој им помага на сопружниците тесно да се поврзат во бракот. Кога брачните другари се отворени за дејствување на божествената љубов во своето срце, „таа ја чисти и ја посветува човечката љубов, ја издигнува и облагородува“ (Елена Вајт, *Темели на среќниот дом,* стр. 99. оригинал).

Овие стихови, исто така, ни ги соопштуваат највозвишените мисли за љубовта. Иако, вистинската љубов не е природна на човечкото срце, таа е дар на Светиот Дух (Римјаните 5,5). Таквата љубов ги поврзува мажот и жената во трајна заедница. Тоа е посветена љубов, која толку очајнички е потребна во односите меѓу родителите и децата, за да се изгради чувство на доверба кај младите. Тоа е несебична љубов, која ги спојува верниците во Христовото тело. Песна над песните нè повикува оваа љубов да ја направиме активна сила во нашите односи со сопружниците.

**Како ваквата блискост одразува, на свој начин, вид на блискост која можеме да ја оствариме со Бога. Какви сличности можеме да пронајдеме (на пример, време поминато заедно, потполно предавање на себеси, итн). Кои други сличности ги забележуваме?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

## ЉУБОВНО ПОЗНАНИЕ

Многумина во Песна над песните ја воочуваат темата „враќање во Едемската градина“. Иако опишаната двојка не се првите маж и жена на земјата, Песната ги упатува нашите мисли на првата градина. Божјиот план да бидат „едно тело“ (1. Мојсеева 2,24.25) е прикажан во песната со одбрани метафори и симболи.

**Како Песна над песните претставува посветеност на заемниот однос во интимниот живот на брачната двојка? Песна над песните 4,7-5,1. Во што е слично упатството на Павле во 1. Коринќаните 7,3-5?**

Соломон ја повикува: „Дојди со мене“ (Песна над песните 4,8). Неговата невеста се согласува. Подоцна и таа го повикува него: „Мојот возљубен нека дојде во својата градина“ (Песна над песните 4,16). Тој се согласува (Песна над песните 5,1). Писмото со овој пример нè учи дека во вакво интимно опкружување не треба да владее сила или манипулација. Во овој однос двајцата сопружници слободно влегуваат од љубов. „Мојата градина“ е „негова градина“.

Името „Соломон“ и неговата „Суламка“ се изведени од еврејскиот збор „шалом“, кој значи „мир“ или „исполнетост“. Нивното воодушевување е обострано (Песна над песните 4,1-5; 5,10-16). Рамнотежата во нивниот однос е посведочена дури и во поетскиот стил на редови и стихови во пар. Во заветниот израз „Мојот возљубен ми припаѓа мене, а јас нему“ (Песна над песните 2,16) одѕвонува јазикот на Едемската градина: „Тоа е коска од моите коски, и месо од моето месо“ (1. Мојсеева 2,23).

**Како описот на брачната заедница како „познание“ го збогатува разбирањето на нашиот меѓусебен однос со Бога? 1. Мојсеева 4,1.25; 1. Самоилова 1,19; Лука 1,34; Јован 17,3; 1. Коринќаните 8,3.**

________________________________________________________

Во Библијата зборот *йознае* се користи за интимна заедница меѓу маж и жена. Во ова љубовно познание најскриените внатрешни длабочини на нивното битие му се понудени на оној другиот. Не само што две тела се спојуваат во „едно тело“, туку и две срца. Зборот *йознае*, се опишува и како однос меѓу поединецот и Бога. На мудриот христијанин, единственото и нежно познание во бракот, заедно со брачното заедништво, посветеноста и безграничната радост, му дава длабок увид во највозвишената и најсвета тајна, заедницата меѓу Христа и Црквата.

## ЉУБОВ ВО ВИСТИНСКО ВРЕМЕ

**Прочитајте го следниот текст: Песна над песните 4,8-5,1**

Текстовите во Песна над песните 4,16 и 5,1 го сочинуваат самиот центар на оваа книга и, патем, претставуваат опис на кулминацијата на книгата бидејќи бракот меѓу Соломон и Суламката е исполнет.

**На што ни укажува Соломон во следните текстови: Песна над песните 4,12.16; 5,1; 8,8-10.**

___________________________________________________________

Во Песна над песните пронаоѓаме еден од најубедливите докази во Писмото дека Божјиот план е личностите да останат чедни до бракот. Еден од најсилните е укажувањето на детството на Суламката, кога нејзините браќа се прашувале дали ќе биде „ѕид" или „врата" (Песна над песните 8,8.9). Со други зборови, дали ќе остане чедна во брак (ѕид), или ќе стане промискуитетна (врата)? Како возрасна жена, таа потврдува дека ја зачувала својата чедност и дека чиста доаѓа кај мажот: „Јас сум ѕид" (Песна над песните 8,10). Всушност, тој потврдува дека таа и понатаму е девојката од нивната прва брачна ноќ кога вели дека таа е „затворена градина... извор затворен и запечатен кладенец" (Песна над песните 4,12). Од своето лично искуство, таа може да ги советува своите пријателки многу внимателно да преземаат чекори во врска со љубовта и бракот. Суламка, три пати во Песна над песните им се обраќа на групи жени, кои ги нарекува „ќерки ерусалимски", советувајќи ги да не ја будат силната љубовна страст до соодветниот момент (Песна над песните 2,7; 3,5; 8,4): односно, додека не бидат сигурни во интимниот завет на бракот, како што била таа.

По втор пат во песната мажот ја повикува својата невеста да појде со него (Песна над песните 2,10; 4,8). Пред бракот, таа не можела да го прифати неговиот повик, но сега таа е онаа која го повикува во својата градина (Песна над песните 4,16), и тој драговолно прифаќа (Песна над песните5,1). Тој не е привлечен само од нејзината убавина; таа го украла неговото срце (Песна над песните 4,9), тој е опиен од нејзината љубов (Песна над песните 4,10), и тој е богат што таа е негова и ничија друга, сега и засекогаш: „Ти си затворена градина - сестро моја, невесто, затворена градина и запечатен кладенец" (Песна над песните 4,12). Во заедницата со оваа извонредна жена тој се чувствува како да влегол во Ветената земја: „Саќин мед капе од твоите усни, невесто, мед и млеко се под твојот јазик, а мирисот на твоите облеки е како ливански мирис" (Песна над песните 4,11).

**Каква радосна вест тука се крие за поединците кои жалат поради погрешните одлуки во изразувањето на својата сексуалност: 1. Јованово 1,9; споредете: Псалм 103,12; Исаија 55,7; Јован 8,11.**

## ЧУВАЊЕ НА ДАРОТ НА СОЗДАТЕЛОТ

Бог имал посебна намера при создавањето на човечкиот род, кога ги создал мажот и жената (1. Мојсеева 1,26-28). Иако и едниот и другиот го носат Неговиот лик, спојувањето на спротивните полови во „едно тело" како брак, на посебен начин го одразува единството внатре во Божеството. Заедницата меѓу мажот и жената овозможува, исто така, создавање на нов живот, што е првобитен човечки израз на божествениот лик.

**Каков став зазема Писмото кон сексуалната практика која не е во согласност со Божјиот план? 3. Мојсеева 20,7-21; Римјаните 1,24-27; 1. Коринќаните 6,9-20.**

Писмото не се согласува со она што го менува или уништува Божјиот лик во човечки род. Ограничувајќи одредени облици на сексуална практика, Бог го чува својот народ и го насочува кон правилните намери на сексуалноста. Кога човечкото искуство ќе се соочи со Божјите налози, душата станува осведочена за гревот.

**Какви насоки им се дадени на христијанските верници во врска со нивната сексуалност и сексуалноста на другите во паднатиот светот? Римјаните 8,1-14; 1. Коринќаните 6,15-20; 2. Коринќаните 10,5; Галатјаните 5,24; Колошаните 3,3-10; 1. Солуњаните 5,23.24.**

Верниците чекаат ослободување од расипаноста на гревот, кое ќе се случи при Христовото доаѓање. Тие чекаат со вера, сметајќи се себеси мртви за гревот благодарение на Христовата смрт на крстот, и живи во Него благодарение на Неговото воскресение. Со непрекината молитва, будност и со силата на Духот, ја сметаат својата грешна природа распната и настојуваат во мислите да му бидат послушни на Христа. Тие ја признаваат Божјата сопственост над нивното тело и сексуалност, и ги користат во согласност со Неговиот божествен план.

Бог им простува на оние кои ќе се покаат (1. Јованово 1,9). Евангелието ги оспособува поединците кои претходно воделе промискуитетен и грешен сексуален живот да бидат дел од заедницата на верните. Поради мерата до која гревот ја променил сексуалноста меѓу луѓето, некои можеби нема да можат да доживеат потполно обновување во овој аспект од човечкото искуство. Поединци, на пример, можеби попрво би се определиле за целибат, отколку да се впуштат во какви било сексуални односи кои Божјата реч ги забранува.

**Како ние како Црква треба да се однесуваме кон, на пример, хомосексуалците? Како нивниот личен став за својата сексуална определеност треба да влијае на нашиот одговор?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Христовиот благослов е излеан над бракот и тој треба да се смета за света институција. Вистинската религија не е во спротивност со Господовите планови. Бог одредил мажот и жената да се обединат во света заедница - брак, да подигнат семејство кое, овенчано со чест, ќе биде симбол на семејството на небото. На почетокот од својата јавна служба, Христос ја дал својата решителна согласност на институцијата одобрена во Едемската градина. Затоа изјавил дека нема да го скуси неговото присуство на собирите по повод склопување на брак, и дека бракот, кога ќе се склопи во чистота и светост, во вистина и правда, е еден од најголемите благослови што му се дадени на човечкото семејство“ (Елена Вајт, *Daughters of God,* стр. 180.181).

Како што се кажува во Песна над песните, сексуалната љубов може да биде убава страна на бракот. Меѓутоа, трајниот однос не може да се темели само на надворешната убавина или на физичките уживања. Нашето тело старее и пропаѓа, и никаква диета, физичка активност или пластична операција нема да ни помогне вечно да изгледаме млади. Бракот на Соломон и Суламката е доживотно посветен однос. Три пати потврдуваат дека си припаѓаат еден на друг (Песна над песните 2,16; 6,2; 7,10). Првиот пат во прашање е признавање дека тој е нејзин а таа негова (споредете: Ефешаните 5,21.33). Вториот пат таа го менува редоследот потврдувајќи ја својата покорност (исто: Ефешаните 5,22. 23). Третиот пат е изразена неговата желба кон неа (Ефешаните 5,24-32). Љубов како оваа не може да се потопи (Песна над песните 8,7); таа е како печат кој не може да се скрши (Песна над песните 8,6).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Како Соломоновиот опис на својата жена како совршена (Песна над песните 4,1-5; 6,9; 7,1-9) одговара на Адамовиот опис на Ева кога ја здогледал за прв пат? (1. Мојсеева 2,23). Тогаш, како мажите треба да се однесуваат кон своите жени (Ефешаните 5,28.29)?**

**2. Некои луѓе во книгата Песна над песните забележуваат алегорија на односот меѓу Бога и Неговиот народ или меѓу Исуса и Неговата црква. Иако мораме да бидеме внимателни претерано да не се занимаваме со алегорија, кои одлики на односот меѓу овие две личности можат да се споредат со нашиот меѓусебен однос со Бога? Споредете: Исаија 54,4.5; Еремија 3,14; 2. Коринќаните 11,2.**

**3. Прочитајте ги следните текстови: Мудри изреки 31,26; Песна над песните 5,16; Мудри изреки 25,11. Колку се важни нашите зборови во обесхрабрувањето или изградбата на сопружникот и слабеењето или јакнењето на нашиот брак? Употребете ги следните текстови како натамошни примери: Јаков 1,23; 3,5-11.**

**Поука 7**
**11 – 17 мај 2019**

# РЕШЕНИЕ ЗА СЕМЕЈНОТО ЕДИНСТВО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 33,12-14; Рута 1,16-18; Јован 17,21-26; Галатјаните 3,28; Ефешаните 2,11-22; Ефешаните 5,21-6,9.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „За да бидат сите едно; како што си Ти, Татко, во Мене, и Јас во Тебе, така и тие да бидат едно во Нас, за да верува светот дека Ти Ме испрати“ (Јован 17,21).**

Семејниот живот опфаќа разнообразни животни периоди за различни луѓе. За таткото и мајката, доаѓањето на дете во нивниот живот претставува голема промена, таква која ќе трае во текот на целиот живот. За младото поколение, секако, голема е промената да се премине од непостоење во постоење. Потоа, децата минуваат низ различни фази на животни периоди, додека не го напуштат домот и не добијат свои деца.

Сепак, без оглед на тоа дали сме родители или деца во семејството, сите се бориме со ист проблем – со својата грешна падната природа, која, во најмала рака, единството во семејниот живот може да го направи голем предизвик.

Да, во телото на Исуса Христа на крстот целото човештво се помирило со Бога и меѓусебно (Ефешаните 2,13-16; Колошаните 1,21-23), но на секојдневно практично ниво ние мораме да ја присвоиме Христовата благодат, која единствено може да го направи семејното единство живо искуство на сите кои го бараат со вера. Ова мора да биде секојдневно искуство во нашиот живот. Среќни сме што тоа може да се оствари со Христовата благодат.

## ХРИСТОС Е ЦЕНТАРОТ

**Каква слика Павле користи за да го опише новото единство меѓу народот во Христа? Како Христос од „двата“ направил „едно“? Ефешаните 2,11-22; види: Галатјаните 3,28.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Христовиот крст ги отстранува пречките што ги раздвојуваат луѓето. Ѕидовите ги раздвојувале верниците во еврејскиот Храм, мажите од жените, Евреите од незнабожците. Опишувајќи го единството на Евреите и незнабожците во Христа, Павле употребил јазик кој подеднакво се применува и на останатите поделби меѓу народи, групи на луѓе, општествени слоеви и полови. „И создавајќи мир, од двата да создаде во Себе еден нов човек“ (Ефешаните 2,15) е Радосна вест, која им помага на сопружниците во бракот навистина да го доживеат единството на „едно тело“. Исто така, со вера во Христа, семејствата кои веќе долго се поделени можат да доживеат помирување.

**Едно е да се наведуваат библиски текстови за единството во Христа, а друго е тоа навистина да се доживее. Кои практични промени Христос ги внесува во нашиот живот, а ни овозможуваат да го доживееме единството какво што ни е ветено? Види: Римјаните 6,4-7; 2. Коринќаните 5,17, Ефешаните 4,24-32.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Замислете еден голем круг, од чии рабови одат прави кон средината. Колку тие прави се приближуваат до центарот, толку повеќе се доближуваат и една до друга... Колку повеќе се приближуваме до Христа, толку ќе бидеме поблиски и еден до друг“ (Елена Вајт, *Темели на среќниот дом,* стр. 179. оригинал).

„Меѓу таткото и синот, мажот и жената... стои Христос Посредникот, било да можат да Го препознаат или не. Ние не можеме да воспоставиме непосреден контакт надвор од нас, освен преку Него, преку Неговата реч и со тоа што ќе Го следиме“ (Ditrih Bonhofer, The Cost of Discipleship [New York: The MacMillan Publishing Co., 1979], стр. 108).

**Колку вашето семејство или црковно семејство е близу до центарот на тој круг? Што уште мора да се приближи кон центарот за односите да бидат какви што би требало да бидат?**

## ДА СЕ СТАНЕ ЕДНО БЛАГОДАРЕНИЕ НА НЕГОВАТА ЉУБОВ

**„А Господ да направи вие да растете и да изобилувате во љубов еден кон друг и кон сите, како што и ние ја имаме кон вас“ (1. Солуњаните 3,12).**

**Исус се молел на Отецот Неговите следбеници „да бидат едно, како што Сме Ние едно“ (Јован 17,22). Накратко изнесете што кажува овде Исус, сосредоточувајќи се посебно на улогата на љубовта која е потребна за да го достигнеме единството.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Исус во оваа молитва го имал на ум единството меѓу своите следбеници. За ваквото единство неопходно е да го доживееме искуството на агапе-љубовта. *Агапе* е библиски збор што ја означува Божјата љубов. Употребен е во оваа молитва и на многу други места во Новиот завет. Таквата љубов ја претставува самата Божја природа (1. Јованово 4,8), по која се познаваат Исусовите следбеници (Јован 13,35). Божјата љубов не е природна за грешното човечко срце. Таа влегува во човековиот живот кога Исус со својот Свет Дух живее во верникот (Римјаните 5,5; 8,9.11).

„Ова е Мојата заповед: да се љубите еден со друг, како што Јас ве љубев вас“ (Јован 15,12). Ученикот Јован, кој ги забележал овие зборови, некогаш не бил полн со љубов туку горделив, гладен за моќ, критички расположен и со незгоден карактер (Марко 3,17; Лука 9,54.55; види: *Копнежот на вековите*, стр. 295. оригинал). Подоцна во животот, се сеќавал како Исус го сакал и покрај овие особини. Исусовата љубов постепено го променила Јована, оспособувајќи го да ги сака другите и да го негува христијанското единство. „Ние Го љубиме, зашто прво Тој нè возљуби нас“ (1. Јованово 4,19), запишал тој, како и следното: „Возљубени, ако Бог нè возљуби така, и ние треба да се љубиме еден со друг“ (1. Јованово 4,11).

**Прочитајте: 1. Коринќаните 13,4-8. Обидете се да го ставите своето име на местото на кое се јавува зборот „љубов“. Дали добро се вклопува? Замолете го Исус овие особини на љубов со Светиот Дух да ги внесе во вашиот живот. Какви промени може Духот да ве поттикне да ги направите за да го достигнете христијанскиот идеал?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

## СЕБИЧНОСТА ГО УНИШТУВА СЕМЕЈСТВОТО

**„Поголемиот дел од тешкотиите за пет минути би биле отстранети кога не би биле горделивоста и себичноста“ (Елена Вајт, *Рани сӣиси,* стр. 119. оригинал).**

Нашата природа, како човечки суштества, е расипана со гревот. Можеби најголем пример на таа расипаност е проклетството на себичноста. Ми се чини дека се раѓаме себични; овој факт го забележуваме кај малите деца, чија основна особина е да сакаат сè за себе. „Јас, јас, јас,...“ До времето кога ќе дојдеме до возрасна доба, оваа особина може да се пројави на многу страшни начини, посебно во домот.

Секако, Исус дошол да го промени тоа (Ефешаните 4,24). Неговата реч ни ветува дека преку Него, во нас не мора да владее оваа разорна карактерна особина. Сиот Негов живот е совршен пример за тоа што значи да се живее без себичност; во мерата во која го имитираме Неговиот живот (1.Јованово 2,6), ќе ја победиме склоноста да живееме само за себе.

**Прочитајте ги следните текстови. Што кажуваат за животот полн со себичност?**

**Филипјаните 2,3-5** ________________________________________

________________________________________________________

________________________________________________________

**1. Јованово 3,16-18** ________________________________________

________________________________________________________

________________________________________________________

Како што забележала Елена Вајт, кога не би биле горделивоста и себичноста, многу потешкотии би биле решени многу брзо, многу пред да се зголемат, да станат уште посложени и на крај да преминат во нешто многу незгодно. Сите членови на семејството, посебно родителите, мораат да бидат исчистени (Мудри изреки 16,6) од овој грев во подножјето на крстот (највозвишениот пример на несебичност во целиот универзум), дури и ако тоа значи постојано да се враќаме кај крстот и да клечиме во молитва, вера, солзи и покорување.

**Колку време минувате крај крстот борејќи се против секоја себичност што ќе се појави во вашиот живот? Како текстот во Матеј 7,16 покажува дали на тоа место поминувате доволно време?**

## ДА СЕ СЛУШАМЕ МЕЃУСЕБНО

**Каков совет Павле дава во врска со понизноста и служењето во односите? Ефешаните 5,21. Како ваквиот став придонесува за единство во Црквата? Зошто е толку важно тоа во домот? Ефешаните 5,22-6,9.**

_______________________________________________________________

Зборот „слуша“ или „се покорува“ (Ефешаните 5,21) значи понизно да се поставиме пред друга личност на доброволна основа. Ова единствено начело започнало со Христа (Матеј 20,26-28; Јован 13,4.5; Филипјаните 2,5-8) и ги обележува сите оние кои се исполнети со Неговиот Дух (Ефешаните 5,18). „Почитувањето на Христа“ е она што ги поттикнува луѓето да му се покорат на овој начин (Ефешаните 5,21). Покажувањето на несебичност во заемните односи било, и сѐ уште е, клучно христијанско учење за општествените односи. Тоа ја оживува духовната стварност дека сите се едно во Христа, без исклучок.

***Начело во домот.*** Домот е место на кое се докажува христијанската покорност. Ако ова начело се применува во домот, тоа ќе донесе големи промени во Црквата. Веднаш по претставувањето на начелото на покорност, Павле преминува на разговор за тоа како може да се примени во семејството.

Три видови на односи се споменуваат во Ефешаните 5,22-69 – три најчести, а сепак во најголема мера нееднакви односи во општеството. Намерата не е да се зајакне постоечкиот општествен поредок, туку да се покаже како верата во Христа дејствува кога постои сосема поинакво меѓусебно доброволно покорување на верниците.

**Што мислите, зошто Павле постојано прво им се обраќа на послабите во општеството и културата – сопругите, децата и робовите? Забележете што се бара со повикот секој од нив да послуша некого.**

| **Ефешаните 5,22.** | **Ефешаните 6,1.** | **Ефешаните 6,5.** |
|---|---|---|
| _______________ | _______________ | _______________ |

На оние кои имаат поголема општествена моќ – мажите, родителите, господарите – секогаш им се обраќа втори по ред. Секој прима упатство доста невообичаено за тогашната култура. Овие упатства сигурно ги запрепастиле верниците од првиот век. Тие ја израмниле почвата околу крстот и овозможиле во односите да се оствари вистинско единство.

## ДА ЈА ПОКАЖУВАМЕ ЉУБОВТА ШТО ЈА ВЕТУВАМЕ

Конечно, семејната поврзаност и единство почива на посветеноста на членовите на семејството, почнувајќи од посветеноста на брачните другари да се грижат едни за други. Тажно е тоа што библискиот извештај е полн со примери за неисполнети ветувања, изневерена доверба и недостаток на посветеност. Во Писмото има и возбудливи примери за обични луѓе кои, со Божја помош, се посветиле себеси на пријателите и семејството и ги одржале своите ветувања.

**Прочитајте ги следните извештаи за семејствата и за нивното ниво на посветеност. Како посветеноста во некои семејства би можела да се зајакне? Што ја поттикнало посветеноста која ја забележуваме кај другите?**

**Посветеност во односите меѓу родителите и детето (1. Мојсеева 33, 12-14; 2. Мојсеева 2,1-10)** ____________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**Посветеност меѓу браќата и сестрите (1. Мојсеева 37,17-28)** _____

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**Посветеност на членовите на семејствата (Рута 1,16-18; 2,11.12.20; 3,9-13; 4,10.13)** ______________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**Посветеност на сопружниците (Осија 1,2.3.6.8; 3,1-3)** ___________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Кога ќе се посветиме на друга личност, на пример, во бракот, или кога ќе одлучиме да добиеме или да посвоиме дете, мораме подготвено да се предадеме себеси за да донесуваме поинакви одлуки во иднина, да го предадеме управувањето над важните области во животот. Законите можат да го ограничат негативното однесување, но за да напредуваат бракот и семејните односи, потребно е во нив да владее љубов.

**Што за вас лично значи Исусовото ветување за посветеноста (Евреите 13,5)? Какво влијание Неговата посветеност треба да има на вашата посветеност на Него, вашиот брачен другар, децата или другите верници?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ја главата „Свет круг“, стр. 177-180, во книгата на Елена Вајт *Темели на срекниот дом*.

***Единството – најважна задача.*** „Најважна задача на христијаните е да остварат единство во домот... Колку поцврсто се поврзани членовите на семејството во својата работа и во својот дом, толку повозвишено и покорисно ќе биде и влијанието на таткото и мајката, и синовите и ќерките што ќе го вршат на ближните околу себе“ (Елена Вајт, *Темели на срекниот дом,* стр. 37. оригинал).

***Тајната на семејното единство.*** „Одвојувањето од Христа е причина за поделби и раздор во семејството и црквата. Колку се поблизу до Христа, толку поблизу ќе бидат и еден до друг. Тајната на вистинското единство во црквата и во семејството не се постигнува ниту со дипломатија, ниту со господарење, ниту со вложување на натчовечки напори за отстранување на тешкотиите – иако треба и тоа често да се прави – туку во заедница со Христа“ (Елена Вајт, *Темели на срекниот дом,* стр. 179. оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Разговарајте за влијанијата во општеството кои го нарушуваат семејното единство. Кои практични решенија можете да му ги понудите на семејството кое се бори против овие влијанија?**

**2. Дали токму сега, во вашата црква постои семејство кое доживеало распад? Ако постои, што можете да направите, како класа, за да му помогнете на секој член во овие моменти на криза?**

**3. Разговарајте за прашањето околу покорувањето. Како треба да се сфати во христијански рамки? На кои начини ова начело се злоупотребува?**

**4. Какви начела во врска со единството на семејството можат да се применат во мислата за единството на Црквата?**

**Поука 8**
**18 – 24 мај 2019**

# ПЕРИОДОТ НА РОДИТЕЛСТВО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 18,11; Еремија 31,25; Матеј 11,28; Псалм 127; Мудри изреки 22,6; 1. Самоилова 3,10-14; Филипјаните 3,13.14.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Еве, синовите се дар од Господа, Негова награда е: плодот на утробата“ (Псалм 127,3).**

Раѓањето е толку вообичаена природна појава што често не цениме во потполност какво чудо тоа претставува. Замислите како се чувствувала Ева додека го држела Каина во својата прегратка, додека доживувала промени во своето тело во текот на деветте месеци и силната болка при донесувањето на детето на свет, а потоа го гледала тоа мало дете, толку слично на нив, а сепак толку беспомошно.

Какво ли искуство доживеала Сара кога во своите деведесетти години, во поодминати години за раѓање, го здогледала лицето на својот син, Исак; сигурно се смешкала секој пат кога го изговарала неговото име. Откако, по кој знае колку време се молела да добие син, Ана го држела Самоила в прегратка велејќи: „Молев за ова дете, и Господ ја послуша мојата молитва, со која го просев“ (1. Самоилова 1,27). Замислете ја зачуденоста во срцето на Марија, сè уште млада жена, додека го милува својот син, Божјиот Син, со восхитеност и страв.

Меѓутоа, го немаат сите тоа предимство и одговорност што ги носи родителството. Оваа седмица ќе посветиме време за истражување на периодот на родителството со сите негови предизвици, стравови, задоволства и радости.

# СЕМЕЈСТВА БЕЗ ДЕЦА

**Прочитајте ги следните текстови: 1. Мојсеева 18,11; 30,1; 1. Самоилова 1,1-8; Лука 1,7. Што е заедничко за овие луѓе? Како Бог одговорил на нивните копнежи?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Децата се благослов, но од одредена причина Бог не ги благословува сите со деца. Некои луѓе се надеваат и молат за семејство, и Бог милостиво ја исполнува нивната молба, понекогаш на чуден начин, како во случајот на Сара; додека други, кои се исто толку ревносни во изнесувањето на своите молби пред Божјиот престол, наидуваат на нема тишина. Секој пат кога ќе видат дека пријателите го фалат Бога поради бременост и моментот кога ќе го дочекаат своето новороденче, нивната рана се продлабочува бидејќи размислуваат за своето празно гнездо. Дури и безопасното прашање, како што е: „Колку деца имате?“, претставува болен потсетник на посебна група од која се исклучени оние што немаат деца, а би сакале да ѝ се придружат.

Оние кои тоа го доживеале треба да прифатат дека Бог ја сфаќа нивната тага. Псалмистот рекол за Господа: „Ти ги изброи дните на моите скитања, ги собра моите солзи во Твојот сад; не е ли запишано сè во Твојата книга?“ (Псалм 56,8). Иако се чини дека молчи, сепак, „како што таткото ги милува синовите, така Господ ги милува оние, кои се бојат од Него“ (Псалм 103,13).

Во исто време, други луѓе од ралични причини едноставно донесуваат одлука да немаат деца. Можеме да разбереме зошто некој одлучува да не донесе на свет уште луѓе, на свет како што е нашиот, толку полн со страдања, болки, зла и можни несреќи. Во некои случаи, одредени луѓе одлучуваат да посвојат деца наместо да имаат свои; на тој начин можат да одгледуваат деца кои веќе се донесени на свет, често пружајќи им прилика за многу подобар живот отколку што би имале.

Нашиот свет е сложено место, и ние веројатно сретнуваме луѓе во различни прилики во врска со тоа дали имаат деца или не. Во каква ситуација и да се наоѓаме, кога станува збор за деца, можеме да живееме со уверение дека Бог нè сака и ни ги посакува најдоброто. Исто така, не треба да заборавиме да бидеме што почувствителни кон луѓето кои, без оглед на причините, немаат деца.

**Исус немал свои деца. Какви поуки, ако ги има, наоѓаме во тој факт?**

# САМОХРАН РОДИТЕЛ

Една од појавите со која се соочува светот се самохраните родители. Многу често, но не и секогаш, жените одгледуваат деца како самохрани родители.

Понекогаш за самохраните родители размислуваме како за оние кои зачнале дете надвор од бракот. Меѓутоа, не е секогаш така. Агара прво била принудена да добие дете со Аврам, а потоа била принудена да замине со својот син (1. Мојсеева 16,3.4; 21,17). Илија добил налог да оди во селото по име Сарепта и да ѝ помогне на една самохрана мајка, вдовица (1. Царевите 17,9-12). До моментот кога Исус ја започнал својата служба, Јосиф, таткото што Го посвоил, умрел, оставајќи ја Марија вдовица и самохрана мајка. „Смртта ја разделила од Јосифа кој со неа го делел нејзиното сознание за тајната на Исусовото раѓање. Сега немало повеќе никој на кого би можела да му ги довери своите надежи и стравувања. Двата поминати месеци биле мошне тажни“ (Е. Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 145. оригинал).

Да се биде самохран родител можеби е една од најпредизвикувачките задачи што една личност може да ги има. Многумина се соочуваат со потешкотии, како што е управувањето со финансиските средства, одржувањето на односот со другиот родител или едноставно пронаоѓање на време само за себе или за заедница со Бога, прашувајќи се дали повторно некогаш ќе бидат сакани.

**Какви ветувања секој може, вклучувајќи ги и самохраните родители, да ги извлече од следните текстови: Еремија 31,25; Матеј 11,28; Еремија 29,11, Еремија 32,27; Мудри изреки 3,5.6, Исаија 43,1.2.**

Како Црква, ние имаме одговорност да им помагаме на самохраните родители. Јаков запишал: „Ова е чиста и неизвалкана побожност пред Бога и Таткото: да бидат посетувани сираците и вдовиците во нивните неволји, и самиот да се пази себеси непорочен од светот“ (Јаков 1,27). Би можеле да додадеме, начелно, „и на самохраните родители во нивните неволји исто така“. Помошта, која можеме да им ја пружиме, не мора да биде само финансиска. Можеме да им овозможиме моменти на одмор со тоа што ќе издвоиме одредено време да се грижиме за нивните деца за да можат да ги завршат домашните обврски, да се одморат, да посветат време на молитва и проучување на Божјата реч. Можеме да служиме како советници на нивните деца или да помогнеме околу некои поправки во домот. На бројни начини можеме да бидеме Божја рака во давањето поддршка на самохраните родители.

**Како посебно можете да ги охрабрите самохраните родители и да им помогнете не осудувајќи ги како се нашле во таа ситуација?**

# РАДОСТА И ОДГОВОРНОСТА НА РОДИТЕЛСТВОТО

**Прочитајте го следниот текст: Псалм 127. Која е основната порака на овој краток псалм. Какви важни начела треба да усвоиме од него за себе и за својот начин на живот?**

Кога ќе посакате да го подготвите вашето омилено јадење, користите одреден рецепт. Ако ги додадете сите потребни состојки и ги следите сите чекори, главно го добивате саканиот резултат. Но, родителството не е ништо слично на готвењето. Ниту едно дете не е исто со друго дете, па дури и ако постапувате онака како што сте постапувале со другите деца, тоа може да стане поинакво. Тоа може да зависи од неговиот пол, редоследот на раѓање, нивниот карактер и многу други причини. Според Божјиот план, родителите треба да ги водат и да ги поучуваат своите деца да го сакаат Бога и да Му бидат послушни (5. Мојсеева 6,4-9; Псалм 78,5-7). Упатството што Бог им го упатил на родителите гласи: „Упатувај го детето по неговиот пат“ (Мудри изреки 22,6), а не да лебдат над нив за да бидат сигурни дека никогаш нема да донесат погрешна одлука.

Иако сакаме да ги видиме своите деца како од милни, беспомошни, мали луѓе стануваат независни, успешни возрасни луѓе, нашата крајна одговорност е да им помогнеме да го запознаат Исуса Христа, да Го сакаат и да Му служат. Као родители можеме да го следиме планот за духовен развој на нашите деца прикажан во 6. глава од 5. Мојсеева. Постојат четири важни предуслови: да признаеме дека „Господ е наш Бог, Господ е Еден“ (5. Мојсеева 6,4), да го сакаме со целото свое срце (5. Мојсеева 6,5), да ја држиме Неговата реч (5. Мојсеева 6,6) и да им го пренесеме на своите деца она што го знаеме за Него (5. Мојс. 6,20-23).

Во понатамошниот текст во 6. глава од 5. Мојсеева дадени се уште две важни начела. Прво, начелото „поучување преку разговор“ (5. Мојсеева 6,7), напомнувањето се однесува на формалното образование, додека разговорот се однесува на неформалните поуки. Во двата случаи, пренесувањето на библиската вистина се одигрува во рамките на односот меѓу родителите и детето. Формалните моменти на поучување можат да се остварат за време на семејното богослужение, додека заедно ја проучуваме Божјата реч. Неформалното поучување се јавува спонтано во околностите на секојдневниот живот и има уште поголема важност. Секојдневните настани можат да станат успешни средства за објавување на библиската вистина (1. Мојсеева 18,19). Второто начело гласи „врзи-напиши“ (5. Мојсеева 6,8.9). Духовната вистина може да биде вткаена во делата („рака“) и ставовите „(глава“), но исто така мора да биде впишана во нашиот приватен („довратник“) и јавен („врата“) живот. Мора да тече од нашето срце во нашиот дом и од нашиот дом во светот.

# ОДГЛЕДУВАЊЕТО НА ДЕЦАТА КАКО СОЗДАВАЊЕ УЧЕНИЦИ

**Прочитајте ги следните текстови: 1. Мојсеева 18,18.19; 1. Самоилова 3,10-14. Споредете ги овие двајца татковци. Какви биле резултатите од нивниот начин на одгледување на децата.**

---

Родителите имаат одговорност своите деца да ги направат ученици, за да можат лично да станат Исусови следбеници. Некои родители сметаат дека децата треба да се поучуваат и да се исправаат со примена на физичко казнување и колку повеќе – тоа подобро (Мудри изреки 22,15; 23,13; 29,15). Текстовите, како што се овие, се злоупотребувани, децата се малтретирани и присилувани на потполна покорност, но честопати токму таквото постапување поттикнувало бунт против родителите и Бога.

Библијата ги учи родителите со децата љубезно да управуваат (Ефешаните 6,4, Колошаните 3,21) и да ги поучуваат во правда (Псалм 78,5; Мудри изреки 22,6, Исаија 38,19; Јоил 1,3). Како родители треба да ги обезбедиме своите деца (2. Коринќаните 12,14) и да им оставиме добар пример на кој можат да се угледаат (1. Мојсеева 18,19; 2. Мојсеева 13,8; Тит 2,2). Кажано ни е добро да го водиме своето домаќинство (1. Тимотеј 3,4.5.12) и да ги дисциплинираме своите деца (Мудри изреки 29,15.17), одразувајќи ја едновремено Божјата љубов (Исаија 66,13; Псалм 103,13; Лука 11,11).

За жал, во Библијата откриваме извештаи за родители кои не постапувале добро. Исак и Ревека имале свои миленици меѓу синовите, Исак и Јаков (1. Мојсеева 25,28), а подоцна Јаков го покажал истиот однос кон Јосифа (1. Мојсеева 37,3). Самоил, кој бил одгледан од Илија, се испоставило дека и самиот станал татко во чие родителство забележуваме недостатоци (1. Самоилова 8,1-6). Царот Давид, кој извршил прељуба и нарачал убиство, ги поучувал своите деца, кои го следеле неговиот пример. Царот Манасија ги жртвувал своите деца на злите духови (2. Царевите 21,1-9), како и царот Ахаз (2. Царевите 16,2-4).

Меѓутоа, во Писмото, исто така пронаоѓаме одредени примери на добро воспитување на децата. Мардохеј бил прекрасен татко на Хадаса, царицата Естира, која ја посвоил (Естира 2,7), а Јов редовно се молел за своите деца (За Јов 1,4.5). Во сите овие примери, добри и лоши, можеме да забележиме поуки за родителството.

**Што можеме да научиме од примерите за одгледување на децата кои ги пронаоѓаме во Библијата? На кои начини можеме да користиме некои од овие начела во односот со оние кои не се наши деца?**

# БОРБА ЗА СВОЈОТ ИЗГУБЕН СИН

**Прочитајте: Мудри изреки 22,6. Како го сфаќате овој текст? Дали претставува гаранција, ветување или можност?**

Понекогаш како родител правите сè што треба – посветувате време да ги поучувате своите деца за правилните вредности, живеете во согласност со познавањето на Бога, ги запишувате во добри училишта, редовно одите во црква, вклучени сте во мисионска работа заедно со нив – а тие на крајот ја напуштаат верата во која сте ги одгледале. Болката која тогаш ја чувствувате е огромна, и ниту за момент не престанувате да се грижите за нивното спасение. Причината не е нужно родителска грешка. Децата одговараат за себе и, конечно, тие се одговорни пред Бога за своите постапки.

Некои луѓе следните зборови „нема да отстапат од него ниту кога ќе остарат", ги сфаќаат како ветување, гаранција дека резултатот на соодветното воспитување на децата секогаш ќе биде нивно спасение. Меѓутоа, во Мудрите изреки Соломонови често ни се дадени начела, а не секогаш безусловни ветувања. Она што можеме да го усвоиме од овој текст е сигурноста дека поуките научени во детството ќе траат цел живот. Секое дете стапува во доба кога или го прифаќа наследството на своите родители како свое или го отфрлува. Оние родители, кои на своите деца внимателно им пружиле побожно воспитување, можат да бидат сигурни дека тоа е она на што ги учеле своите деца дека секогаш ќе бидат покрај нив и дека, ако некогаш нивните деца си заминат, семето што го посеале во нивното срце постојано ќе ги повикува да се вратат во својот дом. Да се биде добар родител е наш избор; какви ќе бидат децата на крај, тоа е нивни избор.

Што треба родителот да направи доколку неговото дете тргне по погрешен пат? Насочете го своето дете кон Бога во искрена молитва. Ако некој ја разбира вашата болка, тогаш тоа е Бог, чиишто деца, милијарди од нив, му свртеле грб Нему, на совршениот родител. Можете да ги поддржете своите изгубени деца со љубов, молитва и подготвеност да стоите зад нив додека се борат со Бога.

Не срамете се да побарате поддршка и молитва, не обвинувајте се себеси, и немојте поради сосредоточеноста кон загубеното дете да заборавите на остатокот од семејството. Одгледувањето на изгубеното дете може да го подели семејството. Затоа со својот сопружник изградете обединет став и поставете му јасни граници на своето дете. Не заборавајте дека Бог го сака вашето дете повеќе од вас, надевајте се во светла иднина, прифатете дека вашето дете е Божје дело во изградба.

**Природно е во таквите прилики да се обвинуваме себеси; но, дури и ако сте погрешиле, зошто е подобро да се сосредоточите на иднината и на Божјите ветувања? Види: Филипјаните 3,13.14.**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Најдете време да разговарате и да се молите со своите малечки. Не дозволувајте ништо да го прекине тоа време на заедница со Бога и со вашите деца. На своите посетители можете да им кажете: „Бог ми доверил да извршам посебна задача и немам време за празни разговори.“ Треба да знаете дека за овој живот и за вечноста ви е доверена задача. Децата се вашата прва должност“ (Елена Вајт, *Темели на среќниот дом*, стр. 266.267. оригинал).

„Родители, првите лекции за дисциплината децата треба да ги примат додека се уште во лулката. Треба да ги научите да ја потчинат својата волја на вашата. Ова може да се оствари само ако се покажете праведни и цврсти. Родителите треба да бидат господари над себеси, а со нежност но и со цврстина, треба да ја свиваат волјата на децата додека детето не се навикне да се потчинува на нивните желби. Родителите не започнуваат да ги воспитуваат своите деца во вистинско време. Тие не ги зауздуваат своите деца при првите изливи на самоволие. Децата растат тврдоглави, и таа нивна тврдоглавост се зголемува со текот на годините“ (Елена Вајт, *Testimonies for the Church,* 1. книга, стр. 218. оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Што значи да се биде Божје „дете“? Како треба да ја сфатиме таа слика и каква утеха можеме да извлечеме од неа?**

**2. Еден татко, по раѓањето на своите деца, го рекол следното: „Научив две големи теолошки вистини во првите неколку години по раѓањето на моите деца. Прва е вистината за слободната волја, а втората стварност е грешната човечка природа“. Како малите деца можеле да го научат на овие вистини?**

**3. Кога е соодветно време да ја обликуваме детската волја? Како треба тоа да се направи? Како можеме да ја обликуваме волјата на своите деца според Божјиот план, кога ни самите во потполност не сме се покориле на Неговата волја?**

**4. Размислувајте повеќе за прашањето на самохраните родители. На кои практични начини вашата црква, како целина, може да им помогне на самохраните родители и децата кои сами ги одгледуваат?**

**5. Како можеме да ги охрабриме родителите чии деца застраниле од верата?**

**Поука 9**
**25 – 31 мај 2019**

# ВРЕМЕ НА ЗАГУБА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Марко 5,22-24.35-43; 1. Петрово 5,6.7; 1. Мојсеева 37,17-28; Лука 16,13; Римјаните 6,16; 1. Коринќаните 15,26.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Во суштина, јас и сега сметам сè за загуба заради преважното познавање на Христа Исуса, Мојот Господ, заради кого изгубив сè и сè сметам за отпад, за да го придобијам Христа“ (Филипјаните 3,8).**

Во моментот кога Адам и Ева го вкусиле плодот од дрвото на познавање на доброто и злото, ја доживеале својата прва загуба, загубата на безгрешност, која била заменета со себичност, конфликти, вина и желба за управување и превласт на едниот над другиот.

Наскоро по падот, сведочеле за својата прва загуба на животот каде им биле дадени животински кожи за да ја покријат својата голотија. Бидејќи им бил забранет пристапот до дрвото на животот, за да не го вкусат и да не живеат вечно, го изгубиле својот совршен дом во градината, а години подоцна го изгубиле и својот син Авел, кој умрел од раката на брата си Каин. На крај, еден од нив го изгубил својот брачен другар и конечно сопружникот, кој подолго останал во живот, го изгубил и својот живот. Толку многу загуби како последица на една одлука.

Да, на сите ни е позната стварноста, и болката на загубата, и повеќето од нас тоа длабоко го почувствувале, кога некоја загуба го погодила нашето семејство. Не е ни чудно, бидејќи во семејството ги негуваме најблиските врски; па според тоа, загубата во семејството, на најразлични начини ни го задава најтешкиот удар.

Оваа седмица ќе го продолжиме проучувањето за семејниот живот и ќе го разгледаме во рамките на различни загуби.

## ГУБЕЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО

Илјадници години сме оддалечени од дрвото на животот; и сите тоа можеме да го почувствуваме, особено кога станува збор за физичкото здравје. Порано или подоцна, освен ако во некој несреќен случај не го изгубиме животот како млади, сите се соочуваме со страшната реалност од губењето на здравјето.

Губењето на здравјето е тешко само по себе, но колку е поболно кога од болеста не сме погодени само ние, туку и некои членови на нашето семејство? Колку родители, грижејќи се за своето болно дете, посакале тие да се болни наместо него? За жал, не ни е дадено сами да одлучуваме за тоа.

**Што е заедничко за овие извештаи? Марко 5,22-24.35-43; Матеј 15,22-28; Лука 4,38.39; Јован 4,46-54.**

___________________________________________________________________

Во секој од овие примери, а без сомнение ги има уште многу, член на семејството бил тој што го молел Исуса да му помогне на друг член на семејството.

Ние, без сомнение, сфаќаме дека страдаме затоа што живееме во паднат свет. Кога гревот се појавил на Земјата, не само што настапила смрт туку и хронична болка и болест. Кога ќе се соочиме со хронична или неизлечива болест, можеме да доживееме шок, гнев и очајување, или пак ќе посакаме да викнеме:

„Боже мој, Боже мој, зошто ме остави? Далеку си од моето спасение, од зборовите на моето офкање?“ (Псалм 22,1). Би постапиле добро ако, како и Давид, ги изнесеме своите прашања, страдања и болка пред Господа.

Болеста и страдањето на многу начини ќе останат тајна додека смртта конечно не биде поразена при второто Христово доаѓање. Во исто време, можеме да собираме важни вистини од Божјата реч. Иако Јов поднел речиси неискажлива болка, доживеал подлабока и поблиска заедница со Бога. Тој објаснува: „Досега Те познавав само по слушање, но сега моите очи Те видоа“ (За Јов 42,5). Павле боледувал од некој вид на хронична болест, и начинот на кој се изборил со тоа ни кажува дека страдањето може да нѐ оспособи да ги утешиме другите, дека може да пружи сочувство кон оние кои страдаат, и да ни овозможи поуспешно да им служиме на другите (2. Коринќаните 1,3-5), односно, ако не дозволиме тоа да нѐ скрши.

**Без разлика дали ние или член на семејството страда од некоја болест, на кои ветувања можеме да се повикаме? Зошто во таквите моменти, фактот дека Исус, нашиот Господ, страдал на крстот, е толку важен за нас? Што можеме да научиме од крстот за Божјата неисцрпна љубов, дури и среде болеста во нашето семејство?**

## ГУБЕЊЕ НА ДОВЕРБАТА

Сите ние сме грешни, недоследни луѓе кои во одреден момент ќе се покажат како непостојани во однос на оние кои имале доверба во нас. Сите некогаш сме се нашле во прилика некој друг да ја издаде нашата доверба? Колку тешко и да е губењето на довербата, секогаш е многу потешко кога ние ќе изневериме некој од членовите на нашето семејство или, пак, кога некој од членовите на семејството ќе нè изневери нас.

Понекогаш ни се чини дека е многу полесно да се избегне загубата и да си заминеме кога сметаме дека не е вредно да се обнови одреден однос. Секако, тоа не толку лесно кога е во прашање член на семејството, како што е брачниот другар. Би можеле да кажеме дека една од целите на бракот е да нè поучи како повторно да ја изградиме изневерената доверба.

**Кога во некој однос е загрозена довербата, како можат и довербата и односот да се поправат и да се спасат? 1. Петрово 5,6.7; 1. Јованово 4,18; Јаков 5,16; Матеј 6,14.15.**

____________________________________________________________

Обновувањето на нарушената доверба е исто како патување; морате да одите чекор по чекор. Патувањето почнува со искрено признавање на болката и со откривање на вистината, без разлика на тоа каква вина е во прашање и кој е виновникот.

Кога причина за раскинувањето е прељуба, исцелувањето започнува тогаш кога прељубникот ќе признае што сторил. Како дел од процесот на исцелување, признавањето мора да биде проследено со целосна искреност на оној што извшил прељуба. Ништо не смее да остане скриено, бидејќи, во спротивно, кога и тоа ќе се открие (а ќе се открие), обновената доверба ќе биде уништена. Кога по втор пат ќе се изневери довербата, станува уште потешко односите да се залечат во однос на првиот пат.

Обновувањето на довербата бара време и трпение. Колку е преституот посериозен, толку повеќе време ќе биде потребно за односите да се поправат. Прифатете го фактот дека понекогаш ќе изгледа како да се поместувате два чекори напред а три чекори назад. Еден ден ќе ви изгледа дека постои надеж за иднината, а веќе следниот ќе посакате да побегнете што подалеку од сè. Но, многумина успеале повторно да ги изградат своите нарушени односи и да развијат подлабок, поблизок, исполнувачки и среќен однос во бракот.

**Кои начела за исцелување на бракот можат да се употребат во случај кога довербата е изневерена на друг начин. Исто така, во кои прилики, и покрај проштавањето, нема повеќе доверба, ниту треба да ја има?**

## ГУБЕЊЕ НА ДОВЕРБАТА, ПРОДОЛЖЕНИЕ

Втор начин на кој може да се изгуби довербата е семејното насилство. Иако незамисливо, истражувањата покажуваат дека домот е место во општеството во кое има најмногу насилство. Семејното насилство погодува разни семејства, влучувајќи ги и христијанските домови. Насилството претставува напад од каков било вид – вербален, физички, емоционален, сексуален или активно или пасивно занемарување – кое го врши една или повеќе личности во семејството во однос на друга.

**Библијата содржи извештаи за семејно насилство, дури и меѓу Божјиот народ. Какви се вашите мисли и чувства додека ги читате следните стихови? Што мислите, зошто овие извештаи се сочувани во Писмото?**

**1. Мојсеева 37,17-28.** ________________________________________

________________________________________________________________

**2. Самоилова 13,1-22.** ________________________________________

________________________________________________________________

**2. Царевите 16,3; 17,17; 21,6.** ________________________________

________________________________________________________________

Малтретирањето е свесен избор на личноста да применува сила и контрола над друга личност. Не може да се објасни ниту да се оправда со алкохолизмот, стресот, потребата за исполнување на сексуалните желби, потребата за подобро управување со гневот или какво било друго однесување на жртвата. Жртвите не се одговорни за постапките на насилникот. Насилниците ја искривуваат и изопачуваат љубовта, бидејќи „Љубовта не му прави зло на ближниот“ (Римјаните 13,10). Стручното лекување може да овозможи промена во однесувањето на насилникот, но само тогаш кога личноста ќе преземе одговорност за своето однесување и ќе побара помош. На оние кои ќе се отворат за Неговото присуство, Бог може неизмерно и обилно да им помогне да го прекинат малтретирањето, да се покаат поради своите ставови и однесување, и на секој начин да извршат промена и да ги прифатат особините на агапе љубовта, за да го залечат своето срце и да покажат љубов кон другите (споредете: Ефешаните 3,20).

**Обидете се да се поставите на местото на некој што доживеал насилство. Какви зборови на прифаќање, утеха и надеж би сакале да слушнете? Зошто е важно најпрво да се пружи сигурност, заштита и прифаќање отколку совет како е подобро да се живее со насилникот?**

## ГУБЕЊЕ НА СЛОБОДАТА

Само Бог знае колку милиони луѓе, дури и милијарди, се борат со некој вид на зависност. До денешен ден, научниците сè уште не можат да разберат што точно ја предизвикува, иако во одредени случаи, всушност, можат да видат дел од нашиот мозок во кој се сместени страста и желбата.

За жал, да се пронајдат центрите на тие зависности не е исто што и да се ослободиш од нив.

Зависноста сите ги погодува тешко, не само зависниците. Членовите на семејството – родителите, брачните другари, децата – сите многу страдаат кога некој член од семејството е совладан од зависност од која не може толку едноставно да се ослободи.

Она што дрогата, алкохолот, тутунот, коцкањето, порнографијата, сексот, па дури и храната, го претвора во зависност е нивната постојана и прогресивна употреба и злоупотреба. Не сте во можност да запрете, дури и кога знаете дека тоа ви штети. Иако уживате слобода на изборот, станувате роб на одредена зависност, и така, впрочем, ја губите својата слобода. Апостол Петар дава едноставно објаснување што е зависноста и какви се нејзините последици: „Им ветуваат слобода, а самите и робуваат на расипаноста, зашто од што е некој победен, на тоа и му робува“ (2. Петрово 2,19).

**Што може да ги наведат луѓето на зависност? Лука 16,13; Римјаните 6,16; Јаков 1,13-15; 1. Јованово 2,16.**

---

Гревот и зависноста не се нужно едно исто. Можете да сторите грев од кој не сте зависни, иако тој многу често може да стане зависност. Колку е подобро со Божја сила да се сопре гревот пред да се претвори во зависност. И, секако, единствено трајно решение за гревот и проблемите со зависноста е примањето на ново срце. „А оние кои се Христови го распнаа своето тело со неговите страсти и похоти“ (Галатите 5,24) Апостол Павле, исто така, им објаснува на Римјаните што значи да се умре за таа грешна, зависна природа, за да можеме да живееме за Христа (Римјаните 6,8-14), и потоа додава: „туку облечете се во нашиот Господ Исус Христос, и не мислете како да ги задоволите похотите на телото“ (Римјаните 13,14).

**Кој лично не се запознал со тоа што значи борба со зависноста, како во својот живот така и животот на другите, можеби дури и на членовите на семејството? Како можете да им помогнете на луѓето да сфатат дека не доживеале духовен неуспех, доколку, дури и како христијани, можеби сепак им е потребна стручна помош?**

## ГУБЕЊЕ НА ЖИВОТОТ

Како човечки суштества, ние ја познаваме вистинитоста на смртта. Читаме за тоа, се среќаваме со тоа, а можеби и на нас самите малку ни недостасувало да се соочиме со неа.

**Прочитајте: 1. Коринќаните 15,26. Како е опишана смртта и зошто е опишана на тој начин?**

___

Кој, губејќи некој свој сакан, не искусил колку голем непријател е смртта? Од друга страна, таа за умрените е „добра“. Ако во Господа затворат очи, ќе бидат подигнати во бесмртност во, како што ним ќе им се чини, еден момент „За верникот смртта не значи многу... За христијанинот смртта е само сон, миг на тишина и темнина. Животот е скриен со Христа во Бога и ’кога ќе се појави Христос, вашиот живот, тогаш и вие ќе се појавите со него облечени во слава’“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 787. оригинал).

Поради нечија смрт, живите што остануваат, посебно пријателите и членовите на семејството, доживуваат вистинска болка и тага. Факт е дека болката е природен, вообичаен одговор на загубата. Тоа е емоционално страдање што го доживуваме кога нешто или некој, кој го сакаме, ни е одземен.

Процесот на тагување не е ист за сите, но повеќето луѓе обично минуваат низ неколку фази. Првата и најчеста реакција поради смртта на сакана личност е шокот и негирањето, дури и тогаш кога смртта е очекувана. Шокот е ваша емоционална заштита за да не бидете одненадеж премногу совладани од загубата, и може да трае од два до три месеци. Исто така, можете да поминете низ период кога постојано сте обземени со мислите за саканата личност, дури и во текот на обичните, секојдневни разговори. Често овие разговори се вртат кон вашата загуба и саканата личност. Овој период може да трае од шест месеци до една година. Фазата на очај и депресија е долг период на тага, а можеби и најболниот и најдолготрајниот степен за оној кој е во жалост, во текот на кој постепено се навикнувате на загубата. Во текот на оваа фаза можете да доживеете лепеза од чувства, како што се гнев, вина, тага, жал и вознемиреност. Целта на тагувањето не е да ја отстрани сета ваша болка или сеќавање на загубата. Во последната фаза од закрепнувањето, повторно почнувате да се интересирате за секојдневните активности и од ден во ден се враќате на вообичаените должности.

**Кои утешни мисли ги пронаоѓате во следните текстови? Римјаните 8,31-39; Откровение 21,4; 1. Коринќаните 15,52-57.**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Многумина страдале поради своите зависности. Станувајќи робови на своите желби, изгубиле пари, работното место, здравјето и слободата. Меѓутоа, Исус дошол да нѐ ослободи од нашите гревови и зависности и „така, ако Синот ве ослободи, навистина ќе бидете слободни“ (Јован 8,36). Исус, исто така, ветил дека секогаш ќе биде со нас (Матеј 28,20; Исаија 43,2); оваа војна не мораме да ја водиме сами. Всушност, не смееме да заборавиме дека битката е Господова (1. Самоилова 17,47), и дека Тој ветува победа (1. Петрово 1,3-9). Денеска можете да тргнете по патот на кој ќе извојувате победа над секоја зависност и ќе ја примите слободата кон која тежнеете и која Бог сака да ја имате. Тоа не значи дека нема да се борите и дека понекогаш нема да доживеете неуспех. Но, радосна е веста дека, додека не се откажете од Господа, ни Тој нема да се откаже од вас. И уште нешто, нема ништо погрешно во барањето стручна помош. Како што Господ може да го употреби здравствениот стручњак за да ви помогне да се изборите со здравствените проблеми, така може да го употреби и стручниот советник да ви помогне во борбата со зависноста.

„Кога сме окружени со потешкотиите и неволји, треба да прибегнеме кај Бога и со целосна доверба да очекуваме помош од Оној кој е моќен да нѐ спаси и силен да нѐ избави. Мора да го бараме Божјиот благослов ако сакаме да го добиеме. Молитвата е должност и потреба; но дали ја занемаруваме пофалбата? Зар не треба почесто да му упатуваме благодарност на Дародевецот за сите благослови? Треба да ја негуваме благодарноста. Честопати треба да размислуваме и да се потсетуваме на Божјата милост, да го возвишуваме и прославуваме Неговото свето име, дури и тогаш кога доживуваме тага и неволја“ (Елена Вајт, *Selected Messages*, 2. книга, стр. 268).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Каква улога има проштавањето при губењето на довербата и исцелувањето на нарушените односи? Матеј 6,12-15; 18,21.22. Љубовта „не се однесува непристојно, не го бара своето, не се раздразнува. Не држи сметка за зло“ (1. Коринќаните 13,5).**

**2. Каква е предноста да размислуваме за Божјата милост и да се сеќаваме на неа кога ќе доживееме тага и страдање?**

**3. На кои практични начини вашето црковно семејство, како целина, може да им помогне на оние кои се борат со некој вид на загуба?**

**Поука 10**
**1 – 7 јуни 2019**

# ВО МОМЕНТИ НА НЕВОЛЈА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Матеј 7,5; Ефешаните 1,7; Филипјаните 2,4-8; Ефешаните 4,26.27; Јаков 1,19.20; Колошаните 3,19; Матеј 7,12.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Ако сте гневни, не грешете! Сонцето да не зајде во вашиот гнев“ (Ефешаните 4,26).**

Дури и домовите во кои владеат најдобри односи ќе се соочат со моменти на борба и судири. Тоа е една од реалностите на животот во овој паднат свет. Едноставните прашања, како што се чиј ред е да се фрли ѓубрето, или дали вашата ќерка тинејџерка ја напишала домашната задача, или дали вашиот син ги завршил должностите во домот, се исцрпувачки, но доста занемарливи и обично можат да се решат со најмалку потешкотии. Но, одредени потешкотии можат да го загрозат и да го нарушат семејниот живот: свекрва, чии навреди и манипулирање се заканувaат да го уништат бракот на жената и нејзиното здравје; татко со ментална болест, кој ги малтретира своите деца; син, кој го напушта верското воспитување и се оддава на несреден живот; или ќерка која користи психоактивни супстанци.

Во Новиот завет повеќе пати ни е кажано да се сакаме едни со други (Јован 13,34; Римјаните 12,10), да живееме во мир и хармонија едни со други (Римјаните 15,5; Евреите 12,14), да бидеме трпеливи, љубезни и благи едни кон други (1. Коринќаните 13,4), другите да ги правиме поголеми од себе (Филипјаните 2,3) и да ги носиме товарите на другите (Ефешаните 4,2). Секако, ова е многу полесно да се каже отколку да се направи, дури и кога се во прашање членовите на нашето семејство. Во оваа лекција, ќе се осврнеме на тоа како можеме да ги ублажиме моментите на неволја, посебно во семејството.

# СУДИР

**Прочитајте: Матеј 7,5; Мудри изреки 19,11. Кои две начела можат да ни помогнат да ги избегнеме конфликтите со другите?**

___

Писателот на Мудрите изреки Соломонови изнесува една многу мудра забелешка: „Започнувањето на караница е исто како да се пушти поплава, и затоа пред да избувне караница оддалечи се!“ (Мудри изреки 17,14). Еднаш започнатиот конфликт понекогаш е многу тешко да се оконча. Според текстот од Римјаните 14,19, конфликтот можеме да го спречиме доколку следиме две подробности: ако се грижиме да го сочуваме мирот и се изградуваме еден со друг преку поучување. Колку овие начела се клучни за мир во семејството?

Понекогаш вашето признание дека имате одредена одговорност во судирот може да ја омекне другата страна. Отстапете еден чекор и размислете дали таа борба воопшто е вредна. Во Мудри изреки Соломови стои забележано: „Благоразумието го запира човекот од гнев, и чест му е да ја прости грешката“ (Мудри изреки 19,11). Размислете каква промена би можела да внесе оваа поука во вашиот живот за три дена. Или уште подобро, какво влијание би извршила за пет или десет години? Колку бракови, на пример, минувале низ тешки моменти поради прашања кои денес ни изгледаат неважни?

Наместо да дозволите конфликтот да се развлече и да трае долго време, во разговор со другата личност – сопружникот, детето, пријателот или колегата – јасно одредете им го проблемот или предметот на расправа и држете се непосредно до темата. Конфликтот често се разгорува кога спорното прашање, поради кое се дошло до конфликт, се изгуби во гневните зборови; во меѓувреме, проблемите или раните од минатото само се додаваат (ова може да биде погубно, посебно за бракот). Еден од начините е да остварите подобар и помирен почеток на разговорот е да го потврдите вашиот однос. Дајте ѝ до знаење на другата личност дека се грижите за неа и за вашиот однос. Кога ќе ги искажете своите позитивни чувства, можете да поминете на спорното прашање; меѓутоа, внимавајте да не го користите зборот – *но*. Ако по изразувањето на позитивните мисли изговорите „но“, тоа ќе го поништи она што токму сега сте го изјавиле. Кога ќе ги споделите своите чувства, послушајте го мислењето на другата личност, размислете за она што таа го кажала, и дури тогаш предложете решение имајќи ги предвид најдобрите интереси за сите (Филипјаните 2,4.5).

**Потсетете се на неколку конфликти, кои вам сега ви изгледаат смешни и безначајни. Што можете да научите од тие искуства и колку тие можат (барем вас) да ве спречат повторно нешто слично да се случи?**

## ПРИНЦИПИ ЗА БРАКОТ

Бракот, како и саботата се Божји дар на човештвото кое потекнува од Едемската градина. Како христијани адвентисти, знаеме што ѝ направил непријателот на душата, и што уште прави, и на саботата и на бракот. Дури и најуспешните бракови, понекогаш страдаат поради конфликти.

Следат неколку принципи кои можат да им помогнат на сопружниците да ги решат проблемите.

**Прочитајте: Ефешаните 1,7. Кој клучен принцип го наоѓаме во овој текст, а кој мора да биде дел од секој брак?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Морате да научите да проштавате, особено кога вашиот брачен другар тоа не го заслужува. Секој може да му прости на оној што тоа го заслужува: всушност, тоа едвај може и да се нарече проштавање. Вистинско проштавање е кога им простуваме на оние кои не го оправдуваат, на начин на кој Господ ни проштава нам преку Христа. И ние мораме така да постапуваме. Во спротивно, нашиот брак, доколку опстане (што е малку веројатно) ќе личи на пекол.

**Кое важно начело го наоѓаме и во Римјаните 3,23?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Морате да го прифатите фактот дека сте во брак со погрешна личност, личност која во извесна мера е емоционално, физички и духовно оштетена. Навикнете се на тоа. Прифатете ги недостатоците на својот брачен другар. Молете му се на Бога да заземете правилен став. Можеби знаете да живеете со тие недостатоци, но не морате да бидете окупирани од нив. Окупираноста со нив може да ве разјаде. Светиот и совршен Бог, преку Христа, нè прифаќа такви какви што сме: вие, кои не сте свети ни совршени, морате да постапувате исто со брачниот другар.

**Прочитајте: Филипјаните 2,4-8. Кој важен принцип од овој текст, исто така може да ни помогне, не само во бракот, туку и во сите можни проблематични односи?**

## УЛОГАТА НА ГНЕВОТ ВО КОНФЛИКТОТ

Кој во одреден момент не доживеал гнев? Уште потешко е кога гневот е насочен кон некој член на семејството. Кога одбиваме да простиме, гневот може да се претвори во отров кој ќе нанесе голема болка и страдање во домот, семејството и во односите воопшто.

**Прочитајте ги следните текстови: Ефешаните 4,26.27; Проповедник 7,9. Како можеме да воспоставиме рамнотежа меѓу разбирањето на гневот како чувство и гневот како грев? Во што е разликата?**

______________________________________________________________________

**Што ни кажува Јаков во стиховите Јаков во 1,19.20 дека во секој можен момент треба да примениме, посебно во меѓусебниот однос со членовите на семејството чиишто постапки, ставови и зборови предизвикуваат во нас гнев?**

______________________________________________________________________

Ако, од некоја причина сте гневни, наместо да дозволите гневот да лебди над вашиот живот како темен облак, претворете ја во нешто позитивно. Молете се за оние кои ве повредуваат и навредуваат, простете им и бидете им на благослов. Ова веројатно во почетокот нема да биде лесно, но кога цврсто ќе ја донесете таа одлука, држете се до неа, а Бог ќе се погрижи за останатото.

Понекогаш, коренот на гневот потекнува од домот во кој сме пораснале. Гневливите луѓе често доаѓаат од семејства во кои гневот бил присутен, бидејќи учат од примерот што го имале и продолжуваат да го негуваат со истиот начин на однесување во својот живот, и на крај го пренесуваат и на своите деца. Гневот понекогаш може да биде последица на неисполнети потреби или љубомора, како во случајот со Каин, што довело до убиство на неговиот брат. Можеби имате оправдана причина да бидете гневни, но немојте да го користите како изговор да останете во таквата состојба. Немојте да го негирате гневот или да се обидувате да го оправдувате. Наместо тоа, замолете го Бога да ви помогне на позитивен начин да се изборите со тоа. Апостол Павле упатува добар совет: „Не дозволувајте злото да ве надвладее, туку вие надвладувајте го злото со добро“ (Римјаните 12,21).

**Сѐ нешто нас нѐ лути, дури и до таа точка да почувствуваме болка: а во одредени случаи оправдано се лутиме. Прашањето е како ние со Божја сила можеме да не дозволиме тој гнев, и нас и другите околу нас, да нѐ направи очајни?**

## КОНФЛИКТ, МАЛТРЕТИРАЊЕ, МОЌ И КОНТРОЛА

Понекогаш нерешените конфликти и гневот можат да се развијат во многу негативна и разорна сила, дури и во однос во кој владее малтретирање, кое може да поприми бројни облици – физички, вербални, емоционални, психолошки, сексуални, итн. Но, секој облик на малтретирање е спротивен на главното начело на Божјото царство – несебичната љубов.

**Кои важни учења за меѓусебните односи ги наоѓаме во стиховите: 1. Јованово 4,7.8; Колошаните 3,19?**

____________________________________________________________

„Мажи, сакајте си ги вашите сопруги. Не однесувајте се грубо спрема нив" (не бидете груби со нив). (Колошаните 3,19). Зборот груб во грчкиот јазик зборува за тоа дека некој е лут или огорчен на сопружникот, постојано нанесувајќи му болка, создавајќи силно непријателство и искажувајќи омраза кон него. Павле јасно вели дека сопружникот не треба да биде непријателски расположен или насилен. Емоционалното, сексуалното или физичкото малтретирање не е прифатливо однесување за сопругот или партнерот христијанин. Она што е прифатливо, е да се покаже љубов кон брачниот другар. Павле, исто така, јасно вели дека љубовта е трпелива и љубезна, дека не љубомори, не се фали, не е горда, груба и себична, не се лути лесно, не памти грешки, не се радува на лошото, но се радува на вистината. Љубовта секогаш штити, секогаш верува, секогаш се надева и секогаш е истрајна. Ниедна одлика на љубовта ни во најмала мера не се согласува на малтретирање, ниту го прифаќа на каков било начин и во кој било облик или форма.

Здрав однос е оној во кој двајцата сопружници се чувствуваат заштитени и сигурни, во кој со гневот се управува на здрав начин, и во кој меѓусебното служење е мерило. Честопати жртвите на малтретирање се чувствуваат виновни, како тие да го предизвикале оној што ги малтретира, или можеби на некој начин заслужуваат да бидат малтретирани. Малтретирачите мораат да бидат прилично склони кон контрола и често пати вешти на жртвите да им наметнат чувство на одговорност. Вистина е дека никој не заслужува да биде малтретиран, и дека малтретирачите се одговорни за своите одлуки и дела. Добра вест е дека Библијата нуди утеха, а не вина, за жртвите на малтретирањето. Во одредени прилики, кога проблемот станува нерешлив, луѓето не треба да се плашат да побараат помош.

**Жално е што во некои култури се толерира малтретирањето на жените. Зошто ниеден христијанин не треба така да се однесува, без оглед на тоа што во нивната култура тоа е дозволено.**

## ПРОШТАВАЊЕ И МИР

**„Постапувајте со луѓето онака како што сакате тие да постапуваат со вас - тоа е суштината на Мојсеевиот Закон и на она што го проповедаа пророците“ (Матеј 7,12). Размислете на кои сè начини во своето искуство, во семејството и надвор од него, треба да го примените ова начело; на линиите запишете кои се тие прилики и одредете, со вера, како токму тоа можете да го направите.**

____________________________________________________________

Писателот на посланието до Евреите упатил совет: „Трудете се да живеете во мир со секого и да живеете свет живот, зашто без светост никој не ќе може да Го види Господа!“ (Евреите 12,14). Дури и кога ќе ги преземеме сите неопходни чекори, одредени луѓе кои нè повредиле и понатаму нема да слушаат, ниту пак да се менуваат. Можеби поединци ќе се извинат, други нема. Како и да било, за наше добро е, особено кога е во прашање член на семејството, да појдеме по патот на проштавањето за кое претходно зборувавме.

Всушност, проштавањето е основен фактор за решевање на конфликтите, посебно во семејството. Кога некој ќе згреши кон нас, Божјиот непријател настојува да подигне ѕид меѓу нас и таа личност, пречка која нè спречува да ја сакаме таа личност како што Исус нè сакал нас. Проштавањето е избор за да ја одминеме надминеме таа пречка.

„Нам не ни е простено затоа што проштаваме, туку додека проштаваме. Темелот на сето проштавање се наоѓа во незаслужената Божја љубов, а ние со нашето однесување кон другите покажуваме дали таа љубов станала и наша. Затоа Христос и кажува: ’Зашто со каков суд судите, со таков ќе ви се суди; и со каква мера мерите, со таква ќе ви се мери’ (Матеј 7,2)“ (Елена Вајт, *Христовите параболи,* стр. 251, ориг.).

Исто така, кога ние ќе погрешиме, треба да се обидеме да го обновиме тој нарушен однос со другата личност, а тоа може да подразбира да ѝ пријдеме на таа личност, и да ѝ кажеме дека ни е жал за тоа што сме го направиле и да бараме да ни прости. Тоа е токму она што Исус го рекол: „Така, кога ќе носиш жртвен прилог на Божјиот олтар, ако се сетиш дека твојот ближен ти е лут за нешто, остави го твојот прилог таму пред олтарот и појди прво помири се со својот ближен, а потоа врати се и принеси го својот жртвен прилог“ (Матеј 5,23.24). Добро е кога некој од нас, кој навредил некого, ќе се извини и ќе побара да му биде простено. Исто така, добро е кога и ние кон другите ќе покажеме иста таква грижа.

**Како мислата за тоа што сè треба да ви биде простено, ви помага да научите да им проштавате на другите?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Често родителите не се согласуваат околу водењето на своето семејство. Таткото, кој е многу малку со своите деца и ништо не знае за нивните склоности и за нивниот темперамент, е груб и строг. Тој не управува со својата природа, туку ги казнува во лутина. Детето го знае тоа и наместо да се покори, казната го исполнува со гнев. Мајката пропушта да го казни детето за прекршокот, а подоцна за истиот прекршок строго го казнува. Децата никогаш не знаат што ги чека и доаѓаат во искушение да дознаат до каде можат да одат во своите постапки а да не бидат казнети. Така е посеано семето на злото кое расте и донесува свој род“ (Елена Вајт, *Темели на среќниот дом,* стр. 314.315. ориг.).

„Домот треба да биде центар на најчисти и највозвишени чувства. Мирот, согласувањето, љубовта и среќата треба секој ден истрајно да се негуваат, додека овие вредности не ги освојат срцата на членовите на семејството. Билката на љубовта треба грижливо да се негува, инаку ќе овене. Ако сакаме да живее во нашето срце, секое добро начело треба да се негува. Она што сатаната го сади во срцето, мора да се искорне: завист, љубомора, сомнеж, клеветење, нетрпеливост, предрасуди, себичност, алчност и разгаленост. Ако дозволиме ова зло да остане во душата, тоа ќе донесе род којшто ќе расипе мнозина. Колкумина се оние кои ги негуваат овие отровни билки, кои ги уништуваат скапоцените плодови на љубовта и ја валкаат душата!“ (Елена Вајт, *Темели на среќниот дом*, стр. 195.196. ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Прочитајте го библискиот стих и мислата која следи за бракот. „Нашиот Првосвештеник не е некој што не може да сочувствува со нашите слабости; напротив, имаме Првосвештеник кој беше искушуван во сè, како и ние, но Тој не згреши“ (Евреите 4,15). Како што Христос се ставил во наша положба, за на најдобар начин да воспостави врска со нас, така треба и ние да постапуваме во меѓусебниот однос со својот брачен другар. Обидете се да ја согледате секоја ситуација или криза не само од свој агол, туку и од аголот на својот брачен другар. Размислете како тој или таа ги согледува тие прилики, како тие влијаат на неа или на него и зошто тој или таа се чувствува така како што се чувствува. Ова начело може да се примени во олеснувањето на тешките ситуации. На кои начини можеме да го примениме ова начело во сите облици на можните конфликти со другите.**

**2. Во класата одговорете на следното прашање: „Дали гневот секогаш е грев“? Образложете го својот одговор.**

**Поука 11**
**8 – 14 јуни 2019**

# СЕМЕЈСТВА ВО КОИ СЕ НЕГУВА ВЕРАТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Дела 10,1-28.34.35; 1. Коринќаните 2,2; 1. Солуњаните 5,21.22; Јован 1,12.13; 3,7; 1. Јованово 5,1.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Затоа... да трчаме со трпение на трката што ни е поставена пред нас; гледајќи во Исуса, Почетникот и Исполнителот на нашата вера, кој, поради радоста што беше пред Него, го претрпе крстот, презирајќи го срамот, и седна оддесно на Божјиот престол“ (Евреите 12,1.2).**

Без оглед на тоа во која животна доба се наоѓаме, што сè сме поминале и со што ќе се соочуваме на животниот пат, нашето постоење се обликува според културата која нè опкружува. Нашите родители, нашите деца, нашиот дом, нашето семејство, па дури и нашата црква – сите се во голема мера под влијание на културата во која опстојуваат. Иако се во прашање и други фактори, промената на саботата во недела е силен пример како културата на одредено време, моќно и на негативен начин, влијаела на Црквата. Секој пат кога ќе поминеме покрај црква и ќе видиме известување за неделна богослужба, сосема ни е јасно колку моќта на културата може да биде далекосежна.

Христијанските семејства цело време се соочуваат со културолошки промени. Понекогаш влијанијата на културата можат да бидат добри; но главно се негативни.

Возвишена е веста дека силата на Евангелието ни дава светлина, утеха и сила да се избориме со предизвиците што ни ги наметнува културата. Оваа седмица ќе размислуваме за тоа како можеме да станеме „семејство во кое се негува верата“, додека настојуваме да бидеме „беспрекорни и чисти, непорочни Божји чеда, среде опак и расипан род, меѓу кој светите како светила во светот“ (Филипјаните 2,15).

## ДА СЕ ДРЖИМЕ ЦВРСТО ЗА ОНА ШТО Е ДОБРО

Додека Евангелието се шири по планетата, христијаните се среќаваат со различни култури и обичаи, кои се однесуваат на семејните и општествените односи. Едно од најголемите прашања, упатено на христијанските мисионери, е како треба да се однесуваат кон различните културолошки мерила во многу области, вклучувајќи ги и семејните односи, кои можеби лично ги сметаат за непријатни.

**Прочитајте: Дела 10,1-28.34.35. Што можеме да научиме од овие стихови за потребата да ги надвладееме личните пречки и предрасуди кога сме во допир со други култури?**

___

Христос умрел за гревовите на секое човечко суштество, каде и да се наоѓа тоа. Многу луѓе сè уште не знаат за оваа возвишена вистина. Објавувањето на оваа вест, со повикот да се одговори на неа, е евангелска мисија на христијаните. Бидејќи Бог не гледа кој е кој, христијаните се повикани кон сите да се однесуваат чесно и со почит, давајќи им прилика да ја прифатат Радосната вест која им е упатена.

**До какви заклучоци дошле раните христијански мисионери во врска со претставувањето на Евангелието на други култури? Кој принцип можеме да го извлечеме од овие текстови? Дела 15,19.20.28.29; 1. Коринќаните 2,2; 1. Солуњаните 5,21.22.**

___

Иако во сите култури се огледува паднатата човечка состојба, исто така, во нив се негуваат верувањата кои се во согласност со Писмото и кои се корисни за остварувањето на целта на Евангелието. Вредноста што им се дава на блиските односи во семејството и заедницата во многу делови на светот е еден од таквите примери. Христијаните можат да го поддржат и да го зајакнат она што е добро и во согласност со библиските начела.

Во исто време, Божјата вистина не смее да се загрози. Црковната историја, за жал, покажува дека компромисите и прилагодувањето на културите придонеле кон развивање на псевдохристијански верувања, кои настапуваат како автентично христијанство. Сатаната тврди дека е бог на овој свет и со задоволство шири збрка. Меѓутоа, Исус го откупил овој свет, и Неговиот дух ги води Неговите следбеници кон вистината (Јован 16,13).

**Во колкава мера вашата вера е обликувана под влијание на вашата култура, а колку под влијание на библиската вистина? Како можете да научите тоа да го разликувате? Подгответе се да го образложите својот одговор во класата.**

# ВЛИЈАНИЕТО НА КУЛТУРАТА ВРЗ СЕМЕЈСТВОТО

**„Затоа што го избрав за да им заповеда на синовите свои, и на домот свој по себе, да одат по патот Господов и да извршуваат правда и суд, и Господ ќе го исполни она, што му го вети на Авраам“ (1. Мојсеева 18,19).**

Иако разновидни, семејствата се основни клетки на општеството; според тоа, многу изразити културолошки одлики на различни општества се непосредно поврзани со семејството. На пример, во една древна култура се сметало за одговорност синот да ги изеде мртвите тела на своите родители; во друга, човек кој сакал да побара невеста, на нејзниот татко морал да му донесе мираз во вид на намалени глави на припадниците на противничкото племе. Дури и во денешно време, гледиштата за децата, додворувањето, разводот, бракот, родителите, и така натаму, многу се разликуваат. Додека ја шириме веста во овие различни култури, мораме да научиме како да се однесуваме кон нив, за да не ги загрозуваме своите верувања и да не предизвикаме непотребни проблеми. Исто така, кога се работи за домот, во голема мера мораме да бидеме свесни кои културолошки влијанија ги допираат нашите семејства.

**На кои начини во следните примери културата влијае на семејниот живот? Кои начела можеме да ги научиме од овие примери?**

**1. Мојсеева 16,1-3.** ____________________________________________

______________________________________________________________

**1. Мојсеева 35,1-4.** ____________________________________________

______________________________________________________________

**Ездра 10** ____________________________________________________

______________________________________________________________

**1. Царевите 11,1.** ______________________________________________

______________________________________________________________

Никој од нас не живее во потполна изолација; и ние и нашите семејства сме под влијание на културата во која живееме. Нашата одговорност, како христијани, е во рамките на нашата култура да живееме најдобро што можеме, негувајќи го она што е во согласност со нашата вера, а отфрлувајќи го, колку што е можно, она што се противи на неа. **Кои работи во вашата култура се од полза за семејниот живот и во согласност со Библијата? Кои не се во согласност? Како на најдобар начин можете да ја прилагодите верата во својата култура без да ги загрозите основните вистини?**

## ПОДДРШКА НА СЕМЕЈСТВОТО ВО МИГОВИ НА ПРОМЕНИ

Промената е неизбежна и вознемирувачка појава во семејствата, без оглед на тоа во која култура живееме. Одредени промени се поврзани и со предвидливите животни циклуси. Промените често знаат да бидат и непредвидливи, како што се смрт, несреќа, војна, болест, селидба, неуспех во работата. Многу семејства се соочуваат со економски и општествени промени во својата заедница и земјата. Други промени непосредно се поврзани со културата.

**Подолу се наведени одредени примери на големи, па дури и трауматски промени со кои луѓето се соочиле. Користејќи ја својата фантазија, ставете се себеси на нивното место. Како овие промени влијаеле на нивниот семеен живот? Кои методи би ви помогнале да се изборите со нив? На кои начини можеби би можеле понаку да реагирате?**

**Аврам, Сара и Лот (1. Мојсеева 12,1-5)** ______________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

**Адаса (Естира 2,7-9)** ______________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

**Даниел, Ананија, Мисаил и Азарија (Даниел 1)**______________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Промените донесуваат искуство на загуба и вознемиреност поради несигурноста во врска со блиската иднина. Во зависност од способноста семејството да се прилагоди на промените, овие искуства можат да се насочат кон нови нивоа на раст и според тоа да го ценат она што е духовно, или според напнатоста и немирот. Сатаната ги користи нарушувањата кои ги донесуваат промените, надевајќи се дека ќе постигне сомневање и недоверба во Бога. Ветувањата на Божјата реч, помошта на семејството и пријателите, сигурноста дека нивниот живот е во Божји раце, им помогнало на многу херои и хероини на верата успешно да се изборат со значајните животни пресврти.

**Ако познавате некој (или цело семејство), кое се соочува со трауматска промена, на практичен начин направете нешто што ќе му пружи помош и охрабрување.**

# СПОРЕД ВЕРАТА НА ПРВИТЕ ГЕНЕРАЦИИ

**Каква криза на верата настанала во Израел кога Исус Навин и неговото поколение умреле? Судии 2,7-13.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Истражувањата за тоа како вредностите и верувањата во организациите како што се црквите се пренесуваат на подоцнежните поколенија, покажуваат дека основачите имаат многу високо ниво на посветеност на верувањата. Тие први за залагале за нив. По едно или две поколенија, многумина ги губат од вид начелата кои се кријат зад вредностите. Тие можат да останат дел од организацијата, но повеќе од навика. Во подоцнежните генерации постојат можности овие навики да се претворат во обичаи. Жарот на основачите повеќе не постои.

**Се вели дека Бог нема внучиња, туку само деца. Што мислите, што значи тоа? Види: Јован 1,12.13; 3,7; 1. Јованово 5,1.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Вообичаениот пристап на пренесување на вредностите во многубројните генерации на христијанството бил постарите едноставно да им кажат на помладите во што веруваат. Меѓутоа, сознанието во што веруваат родителите или во што Црквата верува, не е лична вера. Да се биде христијанин, тоа подразбира повеќе од припаѓање на организација која има своја историја и догма. Вистинската вера не е нешто што генетски се пренесува, не е нешто што природно се предава од едно поколение на друго. Секој лично треба да го запознае Христа. Родителите можат многу да направат. Црквата како целина, а особено родителите, треба да направат сѐ што можат за да создадат опкружување во кое младите ќе посакаат да го направат тој вистински избор, но крајот, секое поколение се спасува или е изгубено за Евангелието, така што се спасува или е изгубена една по една личност.

**Цои, откажувајќи се од атеизмот, како возрасна личност, по силното искуство на обратување, се придружил на Христијанската адвентистичка црква. Се оженил со адвентистка и добил деца, кои секако биле воспитувани во верата. Еден ден, размислувајќи за духовната состојба на своите деца, рекол: „Да можат само моите деца да го стекнат искуството кое јас го стекнав“. Што би му кажале?**

## ТРКАЧИТЕ НА ДВАЕСЕТ И ПРВИОТ ВЕК

Во својата популарна парафраза на Библијата *Порака*, Еуген Петерсон го користи зборот „порака“ на местото каде во Библијата се јавува зборот „Евангелие“. Радосната вест за Исуса е навистина порака која му е потребна на овој свет денес. Христијанските семејства се повикани заедно да ја доживеат и да ја објават, без оглед на тоа во каква култура живеат.

**Како накратко би ја изнеле „пораката“ врз основа на следните текстови? Матеј 28,5-7; Јован 3,16; Римјаните 1,16.17; 1. Коринќаните 2,2; 2. Коринќаните 5,18-21**

___

Најраната вест, којашто учениците насекаде ја објавувале, била веста за воскресението на Исуса Христа. Христијанските семејства денес се придружуваат на таа долга колона тркачи, објавувајќи: „Тој воскресна од мртвите“, како што и Самиот лично рекол (Матеј 28,7). Стварноста на Неговото воскресение го прави веродостојно сето она што Исус го кажал за Себе, за Бога и за Неговата љубов кон грешниците, за проштавањето и за сигурноста на вечниот живот преку верата во Него.

***Ревни за Евангелието.*** Писмото ни дава делумен увид во далекосежното влијание на Евангелието на животот на раните Исусови следбеници. Тие го отвориле својот дом за проучувањето на Библијата; се молеле и јаделе заедно, ги делеле парите и средствата, воделе грижа едни за други. Цели домаќинства ја прифаќале веста. Дали одеднаш сите станале беспрекорни луѓе? Не. Дали меѓу нив имало судири и несогласувања? Да. Меѓутоа, овие Христови следбеници биле поинакви. Признале дека им е потребен Бог, како и едни на други. Му дале предност на единството и хармонијата во домот и Црквата, настојувајќи да ја исполнат Исусовата молитва од Гетсиманската градина (Јован 17,20-23). Храбро сведочеле едни на други и на неверниците, изложувајќи го дури и својот живот на опасност поради своите верувања.

Такво мора да биде и нашето искуство. Дури и во денешно време, полно со сомнеж кон побожноста, луѓето кои се воодушевени од нешто сепак се ислушани. Духот копнее да го исполни човечкото срце со одушевување за Евангелието. Кога Радосната вест навистина ќе стане радосна во нашето срце, каква што е во Божјата реч, нејзиното објавување ќе биде спонтано и незапирливо.

**Какви промени треба да се извршат во вашето семејство, кои можат да ви помогнат да станете подобар весник на „пораката“, која сме повикани да ја шириме?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте го следното: Елена Вајт, *Пророци и цареви,* „На Вавилонскиот двор“, 479-490. оригинал; *Еванѓелски работници,* „Зборови на предупредување“, стр. 324.329. оригинал; „Бог не гледа кој е кој“, стр. 330.331. оригинал; *Патот кон Христа*, „Радосни во Господа“, стр. 115-126, оригинал.

***Бог не гледа кој е кој.*** „Христовата религија го издигнува оној кој има повозвишено ниво на размислување и дејствување, а во исто време сиот човечки род го претставува како предмет на Божјата љубов, кој е откупен со жртвата на Неговиот Син. Крај Исусовите нозе, и богатите и сиромашните, и учените и неуките можат да се сретнат без да размислуваат за поделби или за световни почести. Сите земни разлики се заборавени додека гледаме на Оној кој е избоден поради нашите гревови. Самооткажувањето, понижувањето, бескрајното сочувство на Оној кој е високо воздигнат на Небото ја посрамотува човечката гордост, самодовербата и општествените поделби. Непорочната, непобедлива религија ги покажува своите небесни принципи обединувајќи ги сите оние кои се посветени на вистината. Сите тие се сретнуваат како души откупени со крвта, на ист начин зависни од Оној што ги искупил за Бога“ (Елена Вајт, *Еванѓелски работници,* стр. 330. оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Во класата разговарајте за одговорите на прашањата од отсекот за недела.**

**2. Кои начела можеме да ги најдеме во претходниот цитат на Елена Вајт кои, доколку се применат, ќе го променат вашиот семеен живот?**

**3. Колку е добра вашата црква во негувањето на младите поколенија верници? Што можете вие, како класа, да направите за да ѝ помогнете на црквата во оваа важна задача?**

**4. Со какви предизвици се соочуваме во настојувањето да им ја пренесеме верата на следните поколенија.**

**5. На кои начини културата во која живеете влијае добро на вашиот семеен живот, а на кои лошо?**

**Поука 12**
**15 – 21 јуни 2019**

# „ШТО ВИДОА ТИЕ ВО ТВОЈОТ ДОМ"



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Исаија 38; 39; 1. Коринќаните 7,12-16; 1. Петрово 3,1.2; Евреите 6,12; 13,7; 3. Јованово 1,11; Исаија 58,6.7.10.12.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Но вие сте избран род, царско свештенство, свет народ, луѓе придобиени за да ги возвестите совршенствата на Оној кој ве повикал од темнина во Својата чудесна светлина" (1. Петрово 2,9).**

Можеби сме ја достигнале точката кога во нашиот живот (барем за сега), благодарение на Господа, е сè добро: семејството е одлично, работата е во ред, здравјето и финансиските прилики, исто така. Или можеби не се? Можеби вашиот дом сега доживува болка и немир? Во секој случај, кога некој ќе дојде во посета на вашиот дом, како пратениците од Вавилон што го посетиле царот Езекија, каков одговор би можеле да му дадете на прашањето кое пророкот Исаија подоцна му го поставил на царот: „И праша Исаија: 'Што видоа тие во твојот дом?' Езекија одговори: 'Видоа сè што има во мојот дом; ништо не остана во мојата ризница, што не им покажав" (Исаија 39,4).

Што виделе луѓето во вашиот дом? Што виделе небесните ангели? Каков дух се шири во него? Може ли некој да го „почувствува" мирисот на молитвата? Дали може да се забележи љубезност, великодушност и љубов или напнатост, гнев, омраза, горчина и несогласување? Дали некој, кој бил во вашиот дом, ќе помисли дека Исус е во него?

Ова се важни прашања кои секој од нас треба да си ги постави во врска со тоа каков дом сме создале. Оваа седмица ќе се занимаваме со прашања кои можат да придонесат за убав живот во домот, и покрај неизбежните напнатости и борбите со кои домовите денеска се соочуваат.

## УЧЕЊЕ ОД ГРЕШКАТА НА ЦАРОТ

**Прочитајте го извештајот за исцелувањето на Езекија и посетата на вавилонските пратеници. 2. Дневникот 32,25.31; Исаија 38.39.**

____________________________________________________________

Писмото истакнува дека гласниците биле заинтересирани за чудесното оздравување на царот Езекија. Но, се чини дека Езекија молчи за своето искуство на исцелување. Тој не ги нагласил подробностите, кои би ги отвориле срцата на овие љубопитни пратеници за запознавањето на вистинскиот Бог. Впечатлива е спротивноста меѓу неговата благодарност поради исцелувањето во 38 глава и неговото молчење за тоа во 39 глава.

„Бог го остави, за да го испита.“ Оваа државна посета била најзначајниот настан; сепак, не е забележано дека Езекија не барал посебно водство во врска со тоа во молитва, од пророците или од свештениците. Ниту, пак, Бог се вмешал. Сам, надвор од очите на јавноста, без советувањето со духовните советници, Езекија очигледно дозволил Божјето дело во неговиот живот и животот на народот да исчезне од неговите мисли. Намерата на историчарите во 2. Дневникот 32,31 можеби била да покаже како Божјиот благослов лесно може да биде земен здраво за готово и како оние кои ја примаат Неговата милост се склони да станат самодоволни.

**Во продолжение дадени се одредени поуки за верноста во домот, кои можат да се извлечат од искуството на Езекија. На кои други поуки можете да се сетите?**

Секоја посета на еден христијански дом е прилика луѓето да се сретнат со Христовите следбеници.

Неколку посетители веројатно ќе почнат разговор за духовни теми. Христијаните мора да изнајдат начини, соодветни на приликите, за да ја шират Радосната вест.

Христијаните не се повикани да се фалат со својот материјален напредок и достигнувања, иако тоа можат да го препознаат како Божји благослов. Повикани се да ги објават „славните дела на Оној, кој ве повика од темнина во Својата чудесна светлина“ (1. Петрово 2,9); или, да го употребиме искуството на Езекија како симбол, да објават дека им се ближела смртта, но Христос ги исцелувал; дека се мртви од гревовите, но дека Христос ги воскреснал и ги посадил во небесата (Ефешаните 2,4-6).

**На кои начини можете да го употребите домот во сведочењето на другите? Како поотворено би можеле да ја споделувате својата вера во Христа со оние кои ќе го посетат вашиот дом?**

## ПРВО СЕМЕЈСТВОТО

Природно е членовите на семејствата први да се сретнат со нашето настојување да го објавиме Евангелието. Не постои поважно мисионско поле од ова.

**Какви заклучоци можеме да изведеме од стиховите во Јован 1,40-42, во врска со ширењето на верата во домот? Види: 5. Мојс. 6,6.7; Рута 1,14-18.**

___

***Одушевено известување.*** Андреј отишол еден чекор понатаму во однос на обичното известување; тој средил неговиот брат Симон да се сретне со Исуса. Одушевеното известување и претставување на Исуса како Личност е едноставен образец за ширење на Евангелието меѓу роднините во нашиот дом. По запознавањето, Андреј се повлекол. Од тој момент Исус и Петар го изградиле својот однос.

***Помагање на децата во изградба на верата.*** Често се занемарува фактот дека децата во домот се вистински примател на веста на Евангелието. Родителите прават грешка кога претпоставуваат дека децата едноставно ќе ја впијат семејната духовност. Тоа не смее да се земе здраво за готово. Иако децата и младите учат од примерот што го гледаат, исто така точно е и дека на овие млади членови од Господовото семејство им е потребно посебно внимание и прилика лично да се запознаат со Него. Шестата глава од 5. Мојсеева тоа упорно го истакнува: мора да се посвети внимание на најуспешниот вид на верско образование. Во домот треба да се поттикнуваат редовни духовни навики во личното и семејното богослужение. Мора да се вложи време и искрени напори во полза на децата и младината.

**Што можеме да научиме од евангелските напори на Ноемина? Рута 1,8-22.**

___

Рута ја видела Ноемина во нејзините најлоши моменти: кога се обидела да оттргне својата снаа од себе и кога, лута и огорчена, го критикувала Бога додека се потсетувала на загубата што ја доживеала (Рута 1,15.20.21). Поверно сведоштво од она на Рута не може да биде дадено, за да се покаже дека младите можат да го сретнат совршениот Бог и да Му го посветат својот живот, дури и кога ќе Го запознаат преку несовршен родител.

**Како мислата дека домот е најважното мисионско поле влијае на вашиот став кон личностите со кои живеете. Работете заедно како семејство и подгответе листа на потребните напори коишто вашето семејство може да ги вложи необратените роднини да ги поведе кон Христа.**

## МИР КОЈ ПОБЕДУВА

**Кој совет го наоѓаме во Новиот завет за браковите во кои владеат поделби поради религијата? 1. Коринќаните 7,12-15; 1. Петрово 3,1.2.**

______________________________________________________________

***Благослов е да се биде сопружник-христијанин.*** Павле во 1. Коринќаните им одговара на обратениците кои ги мачи прашањето дали со останувањето во брак со неверен сопружник можат да го навредат Бога или да се осквернат себеси и своите деца. Павле вели дека не е така. Светата заедница на бракот и блискиот однос треба да продолжат и по обратувањето на едниот брачен другар. Присуството на еден христијански брачен другар го „посветува“ другиот сопружник и децата на оваа двојка. Зборот „посветува“ треба да се разбере во смисла дека неверниот сопруг доаѓа во допир со благословите на благодатта, благодарение на животот со брачниот другар, кој е христијанин.

Тажно е што неверниот сопружник може да одлучи да го напушти бракот. Иако последиците можат да бидат сериозни, милостивата реч на нашиот Бог – кој секогаш ја поддржува човековата слобода на избор – гласи „нека се разведе“. Верникот во таков случај не е „заробен“ (1. Коринќаните 7,15).

***Повикани да живеат во мир.*** И покрај предизвиците на духовно разделениот дом, Божјата реч јасно првенство дава на изнаоѓањето начини да завладее Христовиот мир. Надежта е во тоа да се одржи бракот недопрен, да се даде доказ за победа на Евангелието среде потешкотиите и да се поттикне поддршката на сопружникот со кои верникот е едно тело, иако тој е неверен.

**Кои се границите на одговорноста на сопружникот кон неверниот брачен другар?**

______________________________________________________________

Добрината, непоколебливата верност, понизната служба и радосното сведоштво на верникот создава најголеми изгледи да се придобие сопружникот нехристијанин. Покорноста во христјанскиот брак произлегува од почитувањето кон Христа (споредете: Ефешаните 5,21). И кога сопружникот со христијанска покорност се однесува кон неверниот брачен другар, верност секогаш му се укажува прво на Христа. Верноста кон тоа дека Бог има право на нашиот живот, не бара сопружникот да поднесува малтретирање од раката на насилниот брачен другар.

**Дали некоја личност во вашата црква се бори со неверен брачен другар? Доколку се бори, на кои практични начини можете да ѝ помогнете?**

## ВЛИЈАНИЕТО НА СЕМЕЈНИОТ ЖИВОТ

**Во следните стихови обратете внимание на новозаветната употреба на зборовите „угледајте се“. Што ни кажуваат за процесот на станување христијанин и растење како христијанин? Што мислите, каква сугестија дава за односот меѓу угледувањето на некого и сведочењето? 1. Коринќаните 4,16; Ефесјаните 5,1; 1. Солунј. 1,6; Евреите 6,12; 13,7; 3. Јованово 11.**

Нагласувањето на изразот *угледајте се* во Новиот завет ја потврдува важната улога на угледувањето на некого во процесот на учење. Луѓето се склони да станат слични на оној кого или што го гледаат. Ова начело се однесува на односот воопштено, а посебно на односите во домот, во кој угледувањето на некој е вообичаено. Децата се угледуваат на родителите или браќата и сестрите; брачните другари често се угледуваат едни на други. Ваквиот пристап дава важна мисла за тоа како брачните двојки и семејствата можат да им сведочат на другите двојки и семејства.

***Силата на општественото влијание.*** Ние сведочиме со својот дом кога на другите им даваме прилика да нè гледаат и во нашиот дом на одреден начин да го споделуваат нашето искуство. Мнозина едноставно во своето опкружување немаат добар пример на брак или семејни односи кои би ги следеле. Во нашите домови можат да видат како Христовиот дух внесува разлика. „Општественото влијание е величествена сила. Ако сакаме, можеме да го искористиме како средство за да им помагаме на оние околу нас“ (Елена Вајт, *Во потрага по подобар живот,* стр. 354. оригинал).

Кога брачните двојки повикуваат други брачни двојки на ручек, дружење или проучување на Библијата, или кога заедно слушаат семинар за раст во бракот, оние кои дошле во посета, имаат прилика да видат пример. Заемниот однос, афирмацијата, комуникацијата, решавањето на конфликти и прилагодување на разликите – сето тоа сведочи за семејниот живот во Христа.

**Зошто во овој поглед секогаш мораме да бидеме внимателни? Еремија 17,9; Јован 2,25; Римјаните 3,23.**

Угледајте се на верниците кои се угледуваат на Христа. Меѓутоа, сите примери коишто човекот ги остава имаат недостатоци; сведоштвото на христијанскиот дом не е во потполност совршено. Новозаветната мисла за угледувањето е повик упатен до поединци да ги следат верниците кои се угледуваат на Христа. Се мисли на тоа дека поединци ќе ја прифатат христијанската вера, кога ќе видат дека се одразува во животот на другите луѓе, кои исто така се грешни човечки суштества како и самите тие.

**Како својот дом можете да го направите подобар пример на христијанското сведочење?**

## ЦЕНТАР НА ВЛИЈАТЕЛНОТО ПРИЈАТЕЛСТВО

**Споредете ги библиските напомени за гостољубивоста со вистинските настани во домовите на неколку библиски семејства. Исаија 58,6.7.10-12; Римјаните 12,13; 1. Петрово 4,9. Забележете кои одлики на гостољубивост се прикажани.**

**Аврам и Сара (1. Мојсеева 18,1-18)** ____________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**Ревека и нејзиното семејство (1. Мојсеева 24,15-20.31-33)** ________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**Захеј (Лука 19,1-9)**__________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Гостољубивоста ги исполнува основните потреби на друга личност за одмор, храна и заедништво. Тоа е опиплив израз на несебична љубов. Исус го припишал теолошкото значење на гостољубивост кога поучувал дека давањето храна на гладниот и поењето на жедниот претставуваа чин на служба Нему (Матеј 25,34-40). Користењето на домот за служба може да се движи од едноставно повикување на соседот на оброк до радикална гостољубивост од отстапување соба на жртва на насилство. Може да вклучува едноставно пријателство, прилика некому да му понудите да се молите за него или да одржувате библиски лекции. Вистинската гостољубивост извира од срцата на оние кои се допрени од Божјата љубов и сакаат да ја изразат својата љубов со зборови и дела.

Семејствата понекогаш се жалат дека им недостигаат соодветни способности, време и/или енергија за да понудат гостопримство. Некои семејства се чувствуваат непријатно, невешто и несигурно во врска со тоа да ја поминат границата на познатото за да се поврзат со неверните. Некои сакаат да ги избегнат сложените односи во својот живот, кои можат да се појават во допирот со другите. Многу современи семејства ги мешаат поимите *гостољубивост* и *забавување* на некого.

**На кој начин вашиот живот во домот ја одразува вашата духовна состојба?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте го следното: Елена Вајт, *Темели на среќниот дом*, „Силно христијанско сведоштво“, стр. 35-39. оригинал; „Однос кон неверниот брачен другар“, стр. 348-352. оригинал; *Во потрага по подобар живот*, „Службата на домот“, стр. 349-355. оригинал; *Пророци и цареви*, „Пратениците од Вавилон“, стр. 340-348. оригинал.

„Вилјанието на вистинскиот дом врз човечките срца и врз животот на човекот е помоќно од која било проповед...

Можеби нашиот обем на влијание ни се чини мал, нашата способност скромна, нашите прилики несекојдневни, нашето знаење ограничено, но сите имаме прекрасна прилика верно да ги прифаќаме можностите на нашиот дом“ (Елена Вајт, *Во потрага по подобар живот*, стр. 352.355. оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Прашајте дали некој во класата влијанието на нечиј дом му помогнало да се одлучи за Христа. Разговарајте што било тоа што на нив оставило впечаток. Што може да научи класата од тоа искуство?**

**2. На кои практични начини како класа можете да му служите на семејството во кое еден од брачните другари е неверен?**

**3. Разговарајте во класата за притисоците во домот кои дејствуваат против верата. Забележете некои од нив, а потоа, наспроти нив, запишете ги можните решенија.**

**4. Приватниот живот на христијаните претставува сведоштво за децата, неверните брачни другари, роднините и гостите. Иако верата која се негува во домот не е секогаш потполна каква што би сакале да биде, ниту секогаш доведува до обратување на роднините или на оние кои го посетуваат тој дом, несовршените членови на семејството настојуваат да укажат на патот кој води кон совршениот Спасител. Со великодушната гостољубивост, изразена во името на Спасителот, тие им го носат царството на благодатта на сите со кои доаѓаат во допир. Размислете за влијанието на вашиот дом на оние кои ви доаѓаат во посета. Што можете да сторите за да станете подобри сведоци на верата за сите кои ќе го пречекорат вашиот праг?**

**Поука 13**
**22 – 27 јуни 2019**

# ОБРАТУВАЊА НА СРЦАТА ВО ПОСЛЕДНОТО ВРЕМЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Малахија 4,5.6; Матеј 11,14.15; 17,10; 1. Царевите 16,29-17,24; 18,20-45; Матеј 3,2.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Ете, Јас ќе го пратам кај вас пророкот Илија, пред да настапи денот Господов - голем и страшен. И тој ќе ги обрати срцата на татковците кон децата нивни, и срцата на децата кон татковците нивни, за да не дојдам и ја удрам земјата со проклетство!“** (Малахија 4,5.6)

Нашиот живот се состои од одредени периоди. Понекогаш сѐ е во најдобар ред, понекогаш не. Понекогаш, односите во семејството се ненарушени и силни, понекогаш се кревки, дури и несредени. Во каква фаза од животот, во каков период или каква било состојба да се наоѓаме ние или нашето семејство во овој момент, можеме и мораме да живееме во светлината на Божјите ветувања, држејќи ги со цело срце, душа и сила, бидејќи тие се нашата единствена надеж. Наша голема надеж. Божјата реч дава ветувања, ветувања кои – во кој било стадиум и да се наоѓа нашиот живот или семејство – можеме да ги бараме за себе, за своите сакани, за семејството и црквата.

Во оваа последна седмица од ова тримесечје, ќе разгледаме некои библиски извештаи, ветувања и искуства во различни рамки. Ќе настојуваме да извлечеме поуки за нас денес, без оглед на нашите околности: зашто, кои и да сте, каде и да сте, во каков период од животот и да се наоѓате, имате борби, стравови и грижи. Среќни сме што му служиме на таков Бог, кој не само што знае со што се соочуваме туку Тој е пред сето тоа; во ова можеме да бидеме сосема сигурни!

## ПРОРОШТВА ЗА ОБРАТУВАЊЕ НА СРЦЕТО

**Споредете го пророштвото за доаѓањето на Илија со новозаветното упатување на овој настан. Малахија 4,5.6; Матеј 11,14.15; 17,10; Марко 6,15; Лука 1,17.**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Во времето на Малахија, Божјиот повик упатен до народот: „вратете се кон Мене, и Јас ќе се вратам кај вас“, наишол на одговорот: „како да се вратиме?“ (Малахија 3,7). Разочараниот пророк изјавил дека ќе им биде дадена уште една прилика за будење. Потсетувајќи се на реформите на обратување на срцата што ја започнал Илија (1. Царевите 18,37), Малахија предвидел дека тој повторно ќе дојде и дека „тој ќе ги обрати срцата на татковците кон децата нивни, и срцата на децата кон татковците нивни“ (Малахија 4,6).

Според еврејската традиција, Илија требало лично да се појави како весник на Месија (споредете: Матеј 17,10; Марко 6,15). Но, Новиот завет го претставува Јован Крстител како исполнување на ова пророштво (Матеј 11,14.15; Лука 1,17).

**Што мислите, што значи изразот „ќе ги обрати срцата“.**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Овој текст може да се примени на неколку начини: се однесува на помирувањето на израелскиот народ со Господа. Богот како Отец (Исаија 63,16) се одвратил од својот гнев кон своите деца (Михеј 7,18.19) и ги повикува да Му се вратат (Исаија 44,22; Малахија 3,7). Се однесува на повторното спојување на подоцнежните генерации со нивните верни предци преку заветното обновување. Пророчкиот повик, Божјиот народ да ја следи верата на патријархот, повеќе пати е упатуван во Стариот завет. Дали земјата и понатаму ќе биде благословено место за престој, тоа непосредно било поврзано со верноста кон заветот (5. Мојсеева 4,29-31). Благословот се однесува на закрепнувањето и обновувањето на семејните односи. Односите меѓу родителите и детето практично се израз на заветната верност кон Бога. Овде, исто така, исполнувањето на одговорноста кон родителите и децата е поврзано со трајното наследство на земјата и Божјиот благослов (Мудри изреки 2,21).

**Каква поврзаност постои меѓу обновениот однос со Бога и обновените односи во нашите семејства? Зошто едното мора да му претходи на другото?**

## ВЕТУВАЊЕ ЗА ОБНОВУВАЊЕ

Кога Језавела, Сидонка, жена на царот Ахав, го вовела обожавањето на Вал, го забрзала моралниот пад на народот. Божјите учења кои го издигнувале бракот, семејството и сексуалноста биле засенети од родоскврнавење, блуд и други облици на сексуален разврат. На ова поле на судир околу богослужението зачекорил Илија, чие значење на името – „Јахве е мој Бог" – го прекорувало служењето на Вал.

**Кое искуство го поврзало Илија со рушењето на незнабожечките верувања и воспоставувањето на нов живот во семејствата? 1. Царевите 16,29-17,24; споредете: Лука 4,25.26.**

___

По најавувањето на сушата, како клетва над земјата, Илија бил обележан човек. Бог го скрил на необично место – во домот на една сиромашна вдовица од Сарапта Сидонска, во близина на родното место на Језавела. Илија ја поздравил вдовицата изнесувајќи пред неа тешка проверка: да ги употреби последните дрва за да запали оган како и последното масло и брашно за да ги нахрани, и својата иднина да му ја довери на Бога. Нејзината вера станала надалеку позната. Исус подоцна лично го спомнува како пример (Лука 4,26). Бидејќи нејзиното масло и брашно продолжувале да траат многу денови, оваа жена подобро го запознала Господа. А потоа се случила трагедија; нејзиниот син се разболел и умрел. Во болката што ја споделила со Илија, се одразувала за неа познатата религија од нејзиното опкружување, изопачените верувања кои се вовлекле во Израел, во кои нечиј грев можел да бара жртвување на детето (1. Царевите 17,18; споредете: Еремија 19,5; Михеј 6,7).

**Какво влијание извршила повторната средба со синот врз духовното искуство на оваа вдовица Феничанка? 1. Царевите 17,24. Што можеме да научиме од нејзиното излагање?**

___

Мајчиниот одговор го открива влијанието на пораката на Илија. Верата во Бога и во Неговата реч се јавува во срцето кога, со Негова сила, животот е обновен а семејството повторно соединето. Мнозина денес се согласуваат со учењата што се проповедаат, но тие се млаки во своето духовно искуство. Меѓутоа, кога вистините на Божјата реч лично ќе се доживеат, и ќе дојде до будење и обновување на односите во домот, тогаш осведочавањето на срцето станува сè посилно.

**На каква семејна средба сè уште чекате? До кои Божји ветувања се држите, а ви даваат надеж дека ќе дојде до таа средба?**

## ОБРАТУВАЊЕ НА СРЦАТА ПРЕД ОЛТАРОТ

**Прочитајте: 1. Царевите 18,20-45. На линиите запишете за што се работи во овој настан. Иако рамката е потполно различна, како начелата што ги забележуваме во овој извештај можат да се применат во семејниот живот?**

___

Илија, на горaта Кармил копнеел народот да го обнови заветот, да се врати на верата на своите татковци која ќе донесе исцелување на нивниот живот, домот и земјата.

***Час на вечерна жртва.*** Откако незнабожечките свештеници доживеале неуспех принесувајќи жртва, дошол ред на Илија кој настапувал промислено. Добата на денот го насочило вниманието кон Божјиот план на откупување откриен преку службата во Светилиштето (споредете: 2. Мојсеева 29,41). Повикот „Приближете се до мене" (1. Царевите 18,30) потсетува на тоа како Спасителот ги поздравувал грешниците (споредете: Матеј 11,28). Родителите, кои се тажни поради тоа што нивното дете скршнало од патот, можат да бидат сигурни дека Бог го сака искрено како што ги сакал Изарелците. Бог постојано работи на тоа заталканите да ги привлече кај Себе.

Сосредоточеноста на Илија на Господовиот олтар во наше време ја има истата вредност кога Исус и Неговата спасносна благодат се воздигнуваат во семејството. Семејното богослужение е прилика да разговараме со Него во молитва, едни со други да разговараме за Него, повторно да го прифатиме Неговиот бесплатен дар на спасение, и на своето срце да му дадеме време да размислува за Неговите учења. Одговорот што Илија го барал од нив, би им покажал дека Бог ги вратил кај Себе. Во текстот 1. Царевите 18,37 стои забележано: „Нека познае овој народ... дека Ти ќе ги обратиш нивните срца". Ние не можеме да ги обратиме своите срца кон Бога; можеме само да одговориме на Неговата благодат што Тој бесплатно ни ја нуди.

Оганот кој спалува не паднал врз виновниците, туку на жртвата, укажувајќи на Исуса кој „за нас Го направи грев, та преку Него да станеме праведност Божја" (2. Коринќаните 5,21). Признание и хвала течат од усните на народот. Бидејќи не одговориле на Божјиот повик, лажните свештеници биле погубени. Тогаш, освежувачки дожд ја окончал клетвата која била изречена над земјата.

**Во каква состојба е вашиот „олтар" во домот? На кои посебни начини можете „повторно да го изградите олтарот" во својот дом, доколку е потребно повторно да се изгради?**

## ОБРАТУВАЊЕ НА СРЦАТА КАЈ ЈОРДАН

Покрај пророштвото на Гаврил (Лука 1,17) и Исусовата потврда дека Тој е прореченииот Илија (Матеј 11,14; 17,12.13), писателите на Евангелието потврдуваат дека Јован Крстител бил „гласникот" кој го подготвувал Господовиот пат (Матеј 11,10, Марко 1,2; Лука 7,27; споредете: Малахија 3,1).

**Забележете ги главните гледишта на пораката на Јован. На кој начин неговата порака влијаела врз „обратување на срцето"? Матеј 3,2.8; 14,4; Марко 1,4; Лука 3,3.8.9.11.13.14.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Исто како и земјоделецот кој ја ора тврдата земја за да ја подготви за сеидба, Јован го осудил гревот и ги повикал грешниците да се покаат. Човечката природа е таква што без самоиспитување, без свест за својата вистинска состојба, човек не чувствува никаква потреба за нешто подобро. Неговата порака го насочила народот кон светоста на Божјите барања и нивната потреба за Неговата совршена правда. Искреното покајание секогаш е обележано со понизност и барање Божја помош за да дојде до промена на однесувањето. Откривајќи го плиткото и себично лицемерство на оние кои Аврама го сметале за свој татко, настојувал да укаже на подлабокото значење на верата на нивните татковци.

**Како пораката на Јован Крстител го подготвила патот за Исуса? Јован 1,35-37; 3,27-30.**

____________________________________________________________

На Јован му било покажано дека Исус е Божјето Јагне. Кога Исуса го претставил на тој начин (Јован 1,29.36), тој буквално го упатил народот кон Господа. Андреј и уште еден Јованов ученик, исто така Јован, писател на Евангелието кој го напишал извештајот за тој ден, го оставиле Јован Крстител и станале Исусови ученици. Не само што пораката на Илија ни укажува на потребата за покајание туку таа го препознава и Оној кој спасува од гревот, поттикнува одушевување од Него и го запознава народот со Него.

**Кога Јован Крстител би влегол во вашиот дом, што мислите што би ви рекол?**

## ОБРАТУВАЊЕ НА СРЦЕТО ВО ПОСЛЕДНИТЕ ДЕНОВИ

Како христијани адвентисти, ние во одредена смисла се гледаме себеси во улогата на Јован Крстител. Со веста за реформата и покајанието, настојувал да го подготви патот за првото Исусово доаѓање; ние, како движење, сметаме дека истото тоа го правиме и за Неговото второ доаѓање.

**Прочитајте го следниот текст со молитва: Лука 1,17. Како овие зборови ја проникнуваат нашата вест?**

____________________________________________________________

Небесниот Татко ги обратил срцата на своите деца кон Себе и едни кон други благодарение на Христовиот крст. Пораката на Илија упатува молба до семејствата да поверуваат во оваа извонредна Радосна вест (2. Коринќаните 5,18-21; споредете: Ефешаните 2,11-18) и да станат луѓе исполнети со благодат, додека Неговиот Дух ја извршува жетвата на љубов во нив.

На светот очајнички му е потребен приказ на несебична грижа, трајна посветеност и непоколеблива преданост кон Бога. Христијанските семејства со Божјата благодат тоа можат да го покажат: сепак не смееме да заборавиме дека пораката која треба да му објавиме на светот е порака која и нам ни е упатена. Додека начелата на Евангелието, единството, љубовта и самопожртвуваноста не се покажат меѓу нас, посебно во нашите семејства, ние ќе бидеме немоќни да им ја објавиме оваа вест на другите. Сите елоквентни проповеди, логичното размислување и претставување на Библијата не се доволни: светот треба во нашиот живот, посебно во семејниот живот да го забележи покајанието, обратените срца, љубовта и посветеноста за која проповедаме. Како што Јован Крстител имал сила да ги менува животите и своето проповедање да го направи успешно, со Божјата благодат можеме да го постигнеме истото, но само до мерата до која сме подготвени да соработуваме.

Ние, преку Исуса, сме дел од небесното семејство (Ефешаните 3,15). Според тоа, било нашето семејство да го сочинува една или повеќе личности, повикани сме да бидеме Божји сведоци и ништо не може нашето сведочење да го направи поуспешно од тоа да му покажеме на светот што може да стане едно семејство, без оглед колкаво е, преку силата на Евангелието.

**На кои посебни начини можете да им покажете на најблиските личности, било да е во прашање член на потесното семејство или некој друг, дека ги сакате и се грижите за нив?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ги следните текстови: Елена Вајт, *Пророци и цареви,* „Кармил“, стр. 143-154. оригинал; *Копнежот на вековите,* „Глас во пустината“, стр. 97-108, оригинал.

„Нашата порака треба да биде исто така непосредна како што била пораката на Јован. Тој ги прекорувал царевите за нивното беззаконие. Без оглед на тоа што животот му бил загрозен, тој не се двоумел да ја објави Божјата реч. И нашето дело во ова време мора да се изврши исто толку верно“ (Елена Вајт, *The SDA Bible Commentary,* 4. книга, стр. 1184).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Во класата разговарајте за важноста на пораката на Илија за вашата месна црква. На кои сѐ начини можете да ѝ помогнете на црквата да ја сфати оваа порака и својата улога во нејзиното ширење?**

**2. Оној што сака, нека го сподели своето лично искуство во класата за тоа како „срцето им се обратило“. Какви промени уследиле? Каква разлика ова искуство внело во нивниот живот и во животот на нивното семејство?**

**3. Ако се видиме себеси во улогата на Јован Крстител, што би требало да очекуваме да ни се случи? Каква порака се подразбира во тој одговор?**

**4. На кои ветувања како родители можете да се повикате во врска со децата, кои, барем во овој момент, заминале од Бога?**

## УТРИНСКИ СТИХОВИ - АПРИЛ

# УЧИМЕ ОД ХРИСТА

### ЖИВОТ ВО ЗАЕДНИЦА СО ХРИСТА

| | | |
|---|---|---|
| *1. Понеделник* | ***Малахија 3,2.*** | *Изградба на карактер за небото* |
| *2. Вторник* | ***Ефешаните 4,32.*** | *Живот во заедница со Христа* |
| *3. Среда* | ***Јаков 1,5.*** | *Барајте божествен а не човечки совет* |
| *4. Четврток* | ***Псалм 32,8.*** | *Како Бог ги води своите деца* |
| *5. Петок* | ***Еремија 33,3.*** | *Нешта што не ги знаеш* |
| *6. Сабота* | ***Јован 12,24.*** | *Жетвата на крстот* |

### ИМАМЕ СОВРШЕН ПРИМЕР

| | | |
|---|---|---|
| *7. Недела* | ***Евреите 11,24-26.*** | *Гледање на Невидливиот* |
| *8. Понеделник* | ***Матеј 28,18-20.*** | *Одете, работете во моето лозје* |
| *9. Вторник* | ***2. Коринќаните 9,6.*** | *Да се жртвуваме како што се жртвувал Христос* |
| *10. Среда* | ***1. Петрово 5,8.*** | *Избегнување на сатанските стапици* |
| *11. Четврток* | ***Матеј 13,24.25.*** | *Влијание на умот врз ум* |
| *12. Петок* | ***Исаија 41,9.10.*** | *Соочување со тешкотиите и нивно решавање* |
| *13. Сабота* | ***Исаија 35,3.4.*** | *Имаме совршен пример* |

### БОЖЈАТА РЕЧ – ТВОЈА ВОДИЛКА

| | | |
|---|---|---|
| *14. Недела* | ***Јован 1,4.*** | *Природата е наш учебник* |
| *15. Понеделник* | ***Евреите 3,7.8.*** | *Обрати се кон Бога додека има време* |
| *16. Вторник* | ***Колошаните 3,12.13.*** | *Негување на карактерот по углед на Христа* |
| *17. Среда* | ***Матеј 23,8.*** | *Имајте доверба во своите браќа* |
| *18. Четврток* | ***Јован 13,34.*** | *Христос го сака грешникот* |
| *19. Петок* | ***Јован 17,17.*** | *Да влечеме со Христа* |
| *20. Сабота* | ***Дела 20,32.*** | *Вистинско посветување* |

### ДА УЧИМЕ ОД ХРИСТА

| | | |
|---|---|---|
| *21. Недела* | ***Псалм 119,105.*** | *Божјата Реч – твоја водилка* |
| *22. Понеделник* | ***Матеј 7,20.*** | *Вистинската љубов не може се скрие* |
| *23. Вторник* | ***1. Коринќаните 1,30.31.*** | *Да учиме од Христа* |
| *24. Среда* | ***Псалм 34,2.*** | *Величајте го Бога, а не човека* |
| *25. Четврток* | ***2. Петрово 1,3.*** | *Негувајте ги христијанските доблести* |
| *26. Петок* | ***Псалм 37,3.*** | *Следете ги Господовите упатства* |
| *27. Сабота* | ***1. Петрово 2,9.*** | *Бог има свој изабран народ* |

### ВЕЛИЧЕСТВЕН ПРИМЕР

| | | |
|---|---|---|
| *28. Недела* | ***Псалм 116,13.*** | *Земи ја чашата на спасението* |
| *29. Понеделник* | ***2. Дневникот 20,17.*** | *Тргнете напред* |
| *30. Вторник* | ***1. Петрово 2,21.*** | *Величествен пример* |

# УТРИНСКИ СТИХОВИ - МАЈ

# ДА БИДЕМЕ ЕДНО СО ХРИСТА

## НАСЛЕДСТВО НА ХРИСТИЈАНИНОТ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Среда* | ***2. Коринќаните 11,3**.* | *Сатанското лукавство* |
| *2. Четврток* | ***Матеј 18,3.*** | *Кој е најголем?* |
| *3. Петок* | ***Јован 15,19.*** | *Во светот, но не од светот* |
| *4. Сабота* | ***2. Тимотеј 2,22.*** | *Сочувани во љубов кон вистината* |

## ХРИСТОС ПОВИКУВА НА ЕДИНСТВО

| | | |
|---|---|---|
| *5. Недела* | ***Мудри изреки 3,11.*** | *Христијанско наследство* |
| *6. Понеделник* | ***5. Мојсеева 30,19.*** | *Дали сте на правата или на погрешната страна?* |
| *7. Вторник* | ***Јован 17,21.*** | *Христос повикува на единство* |
| *8. Среда* | ***Исаија 55,7.*** | *Кога ќе се направат грешки* |
| *9. Четврток* | ***Лука 11,13.*** | *Молете се за Светиот Дух* |
| *10. Петок* | ***Јован 6,37.*** | *Држете го Христа за збор* |
| *11. Сабота* | ***Јован 14,6.*** | *Следете го големиот Пример* |

## ДА БИДЕМЕ ЕДНО СО ХРИСТА

| | | |
|---|---|---|
| *12. Недела* | ***Мудри изреки 22,29.*** | *Стекни добри работни навики* |
| *13. Понеделник* | ***1. Тимотеј 2,15.*** | *Совет до жените* |
| *14. Вторник* | ***Јован 14,9.*** | *Постои сигурна патека* |
| *15. Среда* | ***Јован 17,22.*** | *Потреба за единство* |
| *16. Четврток* | ***Матеј 18,12.13.*** | *Лек за кривицата и депресијата* |
| *17. Петок* | ***1. Коринќаните 2,9.*** | *Дали се подготвуваш за небо?* |
| *18. Сабота* | ***Колошаните 2,8.*** | *Чувајте се од заводливите теории* |

## ГЛЕДАЈТЕ ВО НЕГО!

| | | |
|---|---|---|
| *19. Недела* | ***Јован 17,23.*** | *Да се биде едно со Христа* |
| *20. Понеделник* | ***Матеј 7,16.17.*** | *Според нивните плодови* |
| *21. Вторник* | ***Евреите 8,1.2.*** | *Христос посредува за вас* |
| *22. Среда* | ***Римјаните 1,20.*** | *Бог во природата* |
| *23. Четврток* | ***3. Јованово 1,2.*** | *Што е со мојата душа?* |
| *24. Петок* | ***Откровение 3,4.*** | *Од каде го земате својот оган?* |
| *25. Сабота* | ***1. Јованово 3,1.*** | *Гледајте во Него!* |

## НЕ МОЖЕМЕ ДА РАБОТИМЕ БЕЗ БОГА

| | | |
|---|---|---|
| *26. Недела* | ***Езекиел 3,17.*** | *Повеќе од пророк* |
| *27. Понеделник* | ***Даниел 1,17.*** | *Читај ја Книгата на пророк Даниел* |
| *28. Вторник* | ***Јован 8,12.*** | *Не можеме да работиме без Бога* |
| *29. Среда* | ***Псалм 127,1.*** | *Направете го домот дел од небото* |
| *30. Четврток* | ***Псалм 86,16.*** | *До една постара сестра* |
| *31. Петок* | ***Марко 16,15.16.*** | *Христовата работа и нашата работа* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ - ЈУНИ

# ГЛЕДАЈТЕ ВО ИСУСА ХРИСТА

### НИКОГАШ НЕ ГИ ЖРТВУВАЈ ХРИСТИЈАНСКИТЕ НАЧЕЛА

*1. Сабота* **Исаија 56,5.** *Никогаш не ги жртвувај христијанските начела*

### СЕКОЈ МОЖЕ ДА ПОБЕДИ

*2. Недела* **Матеј 6,28.** *Прородата - учебник*
*3. Понеделник* **Исус Навин 1,6.** *Бидите јаки*
*4. Вторник* **1. Тимотеј 4,15.** *Светлината доаѓа како болскотни зраци*
*5. Среда Ј* **Еремија 48,11.** *Зошто Бог дозволува вознемирувачки искуства*
*6. Четврток* **Псалм 73,28.** *Сега е време – стани и заблескај*
*7. Петок* **2. Петрово 1,5.** *Повикани на славен живот полн со доблести*
*8. Сабота* **1. Коринќаните 9,24.** *Секој може да победи*

### БОЖЈАТА РАКА Е НА КОРМИЛОТО

*9. Недела* **Јован 6,51.** *Божествениот лекар препишува...*
*10. Понеделник* **5. Мојсеева 30,16.** *Бог го бара целото срце*
*11. Вторник* **Псалм 32,5.** *Кому да му се исповедам?*
*12. Среда* **Ефешаните 6,10.** *Божјата рака е на кормилото*
*13. Четврток* **Евреите 11,16.** *Дом каде вечно сонце сјае*
*14. Петок* **Исаија 59,19.** *Секој човек добил своја работа*
*15. Сабота* **Евреите 3,13.** *Денеска*

### ГЛЕДАЈТЕ ВО ИСУСА ХРИСТА

*16. Недела* **Јован 6,35.** *Гледајте во Исуса Христа*
*17. Понеделник* **Јован 15,5.** *Дали сте плодна гранка?*
*18. Вторник* **Псалм 144,3.** *Човечката мудрост е безумие*
*19. Среда* **Ефешаните 4,4-6.** *Ние сме едно со црквата на небото*
*20. Четврток* **Филипјаните 2,12.13.** *Бог ни помага да ја исполниме Неговата волја*
*21. Петок* **1. Коринќаните 1,27.** *Бог може да ги употреби и „помалку способните“ работници*
*22. Сабота* **Евреите 13,20.21.** *Бог нека ја оствари својата волја во тебе*

### СИЛАТА НА ЕВАНГЕЛИЕТО

*23. Недела* **Матеј 3,8.** *Што можеме да научиме од неплодната смоква*
*24. Понеделник* **Евреите 13,3.** *Ме посетивте*
*25. Вторник* **1. Тимотеј 4,8.** *Подготовка за небото*
*26. Среда* **Римјаните 8,38.39.** *Христовата љубав не може да се измери*
*27. Четврток* **Даниел 12,2.** *За каде вие се подготвувате?*
*28. Петок* **2. Коринќаните 3,18.** *Секој ден сè послични на Христа*
*29. Сабота* **2. Коринќаните 4,6.** *Силата на евангелието*

### БОЖЈИТЕ ПЛАНОВИ СЕ ЕДНОСТАВНИ

*30. Недела* **Јован 1,12.** *Божјите планови се едноставни*

# Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македонија



# СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

## *Април*

| | |
|---|---|
| 1. | 1. Цар. 4-6 |
| 2. | 7-9 |
| 3. | 10-12 |
| 4. | 13-16 |
| 5. | 17-19 |
| **6.** | 20-22 |
| | |
| 7. | 2. Цар. 1-3 |
| 8. | 4-6 |
| 9. | 7-9 |
| 10. | 10-12 |
| 11. | 13-16 |
| 12. | 17-19 |
| **13.** | 20-22 |
| | |
| 14. | 23-25 |
| 15. | 1. Днев. 1-3 |
| 16. | 4-6 |
| 17. | 7-9 |
| 18. | 10-14 |
| 19. | 15-17 |
| **20.** | 18-20 |
| | |
| 21. | 21-23 |
| 22. | 24-26 |
| 23. | 27-29 |
| 24. | 2. Днев. 1-3 |
| 25. | 4-7 |
| 26. | 8-10 |
| **27.** | 11-13 |
| | |
| 28. | 14-16 |
| 29. | 17-19 |
| 30. | 20-22 |

## *Мај*

| | |
|---|---|
| 1. | 2. Днев. 23-25 |
| 2. | 26-30 |
| 3. | 31-33 |
| **4.** | 34-36 |
| | |
| 5. | Ездра 1-3 |
| 6. | 4-6 |
| 7. | 7-10 |
| 8. | Немија 1-3 |
| 9. | 4-7 |
| 10. | 8-11 |
| **11.** | 12-13 |
| | |
| 12. | Естира 1-3 |
| 13. | 4-6 |
| 14. | 7-10 |
| 15. | За Јов 1-3 |
| 16. | 4-8 |
| 17. | 9-11 |
| **18.** | 12-14 |
| | |
| 19. | 15-17 |
| 20. | 18-20 |
| 21. | 21-23 |
| 22. | 24-26 |
| 23. | 27-30 |
| 24. | 31-33 |
| **25.** | 34-36 |
| | |
| 26. | 37-39 |
| 27. | 40-42 |
| 28. | Псалм 1-3 |
| 29. | 4-6 |
| 30. | 7-11 |
| 31. | 12-14 |

## *Јуни*

| | |
|---|---|
| **1.** | Псалм 15-17 |
| | |
| 2. | 18-20 |
| 3. | 21-23 |
| 4. | 24-26 |
| 5. | 27-29 |
| 6. | 30-34 |
| 7. | 35-37 |
| **8.** | 38-40 |
| | |
| 9. | 41-43 |
| 10. | 44-46 |
| 11. | 47-49 |
| 12. | 50-52 |
| 13. | 53-57 |
| 14. | 58-60 |
| **15.** | 61-63 |
| | |
| 16. | 64-66 |
| 17. | 67-69 |
| 18. | 70-72 |
| 19. | 73-75 |
| 20. | 76-80 |
| 21. | 81-83 |
| **22.** | 84-86 |
| | |
| 23. | 87-89 |
| 24. | 90-92 |
| 25. | 93-95 |
| 26. | 96-98 |
| 27. | 99-103 |
| 28. | 104-106 |
| **29.** | 107-109 |
| | |
| 30. | 110-114 |

# ВЕЧЕРНО БОГОСЛУЖЕНИЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО

## *Април*

1. Псалм 78,43-56
2. Псалм 78,57-72
3. Псалм 79
4. Псалм 80
5. Псалм 81
**6.** Псалм 82
7. Псалм 83
8. Псалм 84
9. Псалм 85
10. Псалм 86
11. Псалм 87
12. Псалм 88
**13.** Псалм 89,1-13
14. Псалм 89,14-26
15. Псалм 89,27-39
16. Псалм 89,40-52
17. Псалм 90
18. Псалм 91
19. Псалм 92
**20.** Псалм 93.
21. Псалм 94
22. Псалм 95
23. Псалм 96
24. Псалм 97
25. Псалм 98
26. Псалм 99
**27.** Псалм 100
28. Псалм 101
29. Псалм 102,1-14
30. Псалм 102,15-28

## *Мај*

1. Псалм 103
2. Псалм 104,1-18
3. Псалм 104,19-35
**4.** Псалм 105,1-15
5. Псалм 105,16-31
6. Псалм 105,32-45
7. Псалм 106,1-16
8. Псалм 106,17-32
9. Псалм 106,33-48
10. Псалм 107,1-21
**11.** Псалм 107,22-43
12. Псалм 108
13. Псалм 109,1-16
14. Псалм 109,17-31
15. Псалм 110
16. Псалм 111
17. Псалм 112
**18.** Псалм 113
19. Псалм 114
20. Псалм 115
21. Псалм 116
22. Псалм 117
23. Псалм 118,1-14
24. Псалм 118,15-29
**25.** Псалм 119,1-34
26. Псалм 119,35-63
27. Псалм 119,64-90
28. Псалм 119,91-117
29. Псалм 119,118-143
30. Псалм 119,144-176
31. Псалм 120

## *Јуни*

**1.** Псалм 121
2. Псалм 122
3. Псалм 123
4. Псалм 124.
5. Псалм 125
6. Псалм 126
7. Псалм 127
**8.** Псалм 128
9. Псалм 129
10. Псалм 130
11. Псалм 131
12. Псалм 132
13. Псалм 133
14. Псалм 134
**15.** Псалм 135
16. Псалм 136,1-14
17. Псалм 136,15-26
18. Псалм 137
19. Псалм 138
20. Псалм 139
21. Псалм 140
**22.** Псалм 141
23. Псалм 142
24. Псалм 143
25. Псалм 144
26. Псалм 145
27. Псалм 146
28. Псалм 147
**29.** Псалм 148
30. Псалм 149

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| АПРИЛ 2019 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | *5.* | *12.* | *19.* | *26.* |
| **Виница** | **18:59** | **19:06** | **19:14** | **19:22** |
| **Колешино** | **18:57** | **19:05** | **19:12** | **19:20** |
| **Стар Дојран** | **18:57** | **19:05** | **19:12** | **19:20** |
| **Куманово** | **19:02** | **19:10** | **19:18** | **19:25** |
| **Неготино** | **19:00** | **19:08** | **19:15** | **19:23** |
| **Струмица** | **18:58** | **19:05** | **19:13** | **19:20** |
| **Кочани** | **18:59** | **19:07** | **19:15** | **19:22** |
| **Велес** | **19:01** | **19:09** | **19:17** | **19:24** |
| **Кавадарци** | **19:00** | **19:08** | **19:15** | **19:23** |
| **Дебар** | **19:06** | **19:14** | **19:22** | **19:29** |
| **Скопје** | **19:03** | **19:11** | **19:19** | **19:26** |
| **Битола** | **19:03** | **19:10** | **19:18** | **19:25** |
| **Кичево** | **19:05** | **19:12** | **19:20** | **19:27** |
| **Лаки** | **18:58** | **19:06** | **19:13** | **19:21** |
| **Чифлик** | **18:59** | **19:07** | **19:15** | **19:22** |
| **Штип** | **19:00** | **19:07** | **19:15** | **19:23** |
| **Тетово** | **19:05** | **19:13** | **19:20** | **19:28** |
| **Јегуновце** | **19:04** | **19:12** | **19:20** | **19:28** |
| **Росоман** | **19:01** | **19:08** | **19:16** | **19:23** |
| **Гевгелија** | **18:58** | **19:06** | **19:13** | **19:21** |
| **Свети Николе** | **19:01** | **19:09** | **19:16** | **19:24** |
| **Делчево** | **18:58** | **19:05** | **19:13** | **19:21** |
| **Валандово** | **18:58** | **19:06** | **19:13** | **19:21** |
| **Охрид** | **19:05** | **19:12** | **19:20** | **19:27** |
| **Радовиш** | **18:59** | **19:06** | **19:14** | **19:22** |
| **Прилеп** | **19:02** | **19:10** | **19:17** | **19:25** |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| МАЈ 2019 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | | |
| | 3. | 10. | 17. | 24. | 31. |
| Виница | 19:29 | 19:37 | 19:44 | 19:51 | 19:57 |
| Колешино | 19:27 | 19:35 | 19:42 | 19:48 | 19:54 |
| Стар Дојран | 19:27 | 19:34 | 19:41 | 19:48 | 19:54 |
| Куманово | 19:33 | 19:41 | 19:48 | 19:55 | 20:01 |
| Неготино | 19:30 | 19:38 | 19:45 | 19:51 | 19:57 |
| Струмица | 19:28 | 19:35 | 19:42 | 19:49 | 19:55 |
| Кочани | 19:30 | 19:37 | 19:45 | 19:51 | 19:57 |
| Велес | 19:32 | 19:40 | 19:47 | 19:53 | 19:59 |
| Кавадарци | 19:31 | 19:38 | 19:45 | 19:52 | 19:57 |
| Дебар | 19:37 | 19:44 | 19:51 | 19:58 | 20:04 |
| Скопје | 19:34 | 19:42 | 19:49 | 19:56 | 20:02 |
| Битола | 19:32 | 19:40 | 19:47 | 19:53 | 19:59 |
| Кичево | 19:35 | 19:42 | 19:49 | 19:56 | 20:02 |
| Лаки | 19:29 | 19:36 | 19:43 | 19:50 | 19:56 |
| Чифлик | 19:30 | 19:37 | 19:44 | 19:51 | 19:56 |
| Штип | 19:30 | 19:38 | 19:45 | 19:52 | 19:58 |
| Тетово | 19:36 | 19:43 | 19:51 | 19:57 | 20:03 |
| Јегуновце | 19:35 | 19:43 | 19:50 | 19:57 | 20:03 |
| Росоман | 19:31 | 19:38 | 19:45 | 19:52 | 19:58 |
| Гевгелија | 19:28 | 19:35 | 19:42 | 19:49 | 19:55 |
| Свети Николе | 19:32 | 19:39 | 19:46 | 19:53 | 19:59 |
| Делчево | 19:29 | 19:36 | 19:43 | 19:50 | 19:56 |
| Валандово | 19:28 | 19:35 | 19:42 | 19:49 | 19:55 |
| Охрид | 19:35 | 19:42 | 19:49 | 19:55 | 20:01 |
| Радовиш | 19:29 | 19:37 | 19:44 | 19:50 | 19:56 |
| Прилеп | 19:32 | 19:40 | 19:47 | 19:53 | 19:59 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| ЈУНИ 2019 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **МЕСТО** | **ДАТУМ** | | | |
| | **7.** | **14.** | **21.** | **28.** |
| Виница | 20:02 | 20:06 | 20:08 | 20:09 |
| Колешино | 19:59 | 20:03 | 20:05 | 20:06 |
| Стар Дојран | 19:59 | 20:03 | 20:05 | 20:06 |
| Куманово | 20:06 | 20:10 | 20:12 | 20:13 |
| Неготино | 20:02 | 20:06 | 20:08 | 20:09 |
| Струмица | 20:00 | 20:04 | 20:06 | 20:07 |
| Кочани | 20:02 | 20:06 | 20:09 | 20:09 |
| Велес | 20:04 | 20:08 | 20:10 | 20:11 |
| Кавадарци | 20:02 | 20:06 | 20:09 | 20:09 |
| Дебар | 20:09 | 20:12 | 20:15 | 20:16 |
| Скопје | 20:07 | 20:10 | 20:13 | 20:14 |
| Битола | 20:04 | 20:08 | 20:10 | 20:11 |
| Кичево | 20:07 | 20:11 | 20:13 | 20:14 |
| Лаки | 20:01 | 20:05 | 20:07 | 20:08 |
| Чифлик | 20:01 | 20:05 | 20:08 | 20:08 |
| Штип | 20:03 | 20:07 | 20:09 | 20:10 |
| Тетово | 20:09 | 20:12 | 20:15 | 20:15 |
| Јегуновце | 20:08 | 20:12 | 20:14 | 20:15 |
| Росоман | 20:03 | 20:07 | 20:09 | 20:10 |
| Гевгелија | 20:00 | 20:03 | 20:06 | 20:06 |
| Свети Николе | 20:04 | 20:08 | 20:10 | 20:11 |
| Делчево | 20:01 | 20:05 | 20:07 | 20:08 |
| Валандово | 20:00 | 20:04 | 20:06 | 20:07 |
| Охрид | 20:06 | 20:10 | 20:12 | 20:13 |
| Радовиш | 20:01 | 20:05 | 20:07 | 20:08 |
| Прилеп | 20:04 | 20:08 | 20:10 | 20:11 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*




НОВО! НОВО! НОВО! НОВО!

# ПОТРАГА

Најновиот библиски курс ПОТРАГА изобилува со теми преку кои читателот се запознава со библиските вистини. Впрочем, секоја лекција пооделно претставува по еден бисер од ризницата на Библијата. Иако се опфатени секогаш актуелните теми, како, на пример, што ни носи иднината, за смислата на животот, за вечноста, за мирот, за Божјиот закон, за пророштвата и уште многу други, сепак првенствено го открива Оној што срцето на трагачот го исполнува со желба за потрага по она што е не само вредно туку и животно важно. И секоја нова лекција е воедно и поттик да ја истражува наредната, и преку студиозно проучување да се увери во веродостојноста на Библијата и колку е навистина автентично и реално она што таа го кажува.

**ПОРАЧКИ:**

- кај вашиот повереник за литература,
- на поштенски фах 215, 1000 Скопје
- или на тел. 02 / 20 30 777

## ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА




**Проучувајте ја Библијата БЕСПЛАТНО по дописен пат иво 24 лекции дознајте што кажува таа за:**

- *Животот и личноста на Исус Христос*
- *Десетте Божји Заповеди*
- *Тајната за градење среќно семејство*
- *Здравиот начин на живот*
- *Пророштвата за нашево време*
- *Сигурноста во несигурниот свет...*

и многу други теми со извонредна важност!

Адресата каде што сакате да Ви пристигаат бесплатните лекции испратете ни ја на
**Поштенски фах 215, 1000 Скопје**

**www.adventisti.org.mk**

**www.sdakavadarci.com**

„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).

# МОИТЕ МОЛИТВЕНИ ИСКУСТВА

„Нема ниедно поглавје во нашето искуство што за него би било премногу мрачно да го чита; нема проблем кој за него би бил премногу тежок да го реши. Нема несреќа што би го снашла најмалечкото негово дете, нема грижа што би ја мачела душата, нема радост што би разгалила, нема искрена молитва што би полетала од усните на нашиот небесен Отец да не ја види, веднаш да не се заинтересира" (Елена Вајт, *Патот кон Христа,* стр. 99).